**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”**

**Филозофски Факултет - Скопје**

**Институт за безбедност, одбрана и мир**

**Последипломски студии за мир и развој**

Магистерски труд на тема:

# ФОРМИ И МЕТОДИ НА МАНИФЕСТАЦИЈА НА НЕНАСИЛНИОТ ЦИВИЛЕН ОТПОР ВО ФУНКЦИЈА НА ЗАШТИТА НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ГРАЃАНИТЕ

**Ментор:**

**Проф.д-р. Зоран Нацев**

**Кандидат:**

**Сања Груевска – Георгијевски**

**Скопје, април 2016 година**

## СОДРЖИНА

**Вовед...................................................................................................4**

**Глава 1 ...............................................................................................12**

**1. Осврт на историските и актуелните аспекти на граѓанскиот ненасилен цивилен отпор; .......................................................................12**

1.1 Ненасилниот отпор во античкиот период ............................................12

1.2 Ненасилниот отпор во средниот век.....................................................15

1.3 Ненасилниот отпор во XX век.............................................................16

**Глава 2 ...............................................................................................19**

**2. Теоретска елаборација на облиците и методите на манифестирање на ненасилен цивилен отпор на граѓаните ............................................19**

2.1 Ненасилен цивилен отпор..................................................................19

2.2 Ненасилен цивилен отпор кон владејачката елита и отпор против окупациски режим ..............................................................................................23

2.3 Граѓански заснована одбрана ............................................................26

2.4 Ненасилна борба ................................................................................29

2.5 Граѓанска непослушност.....................................................................32

2.6 Демонстрации-протести......................................................................35

2.7 Штрајк.................................................................................................38

2.8 Бојкот .................................................................................................39

**Глава 3 ...............................................................................................42**

**Современи облици и методи на ненасилен цивилен отпор ..................42**

3.1. Демократски системи .......................................................................43

3.2.Недемократски системи .....................................................................47

3.2.1 Тоталитарно владеење.....................................................................50

3.2.2 Авторитарни системи ......................................................................52

3.2.3 Колонијален систем на владеење .....................................................55

3.3. Манифестација на ненасилен отпор на граѓаните во демократските и недемократските системи на владеење во XX и XXI век .............................56

3.3.1 Ненасилниот отпор на Badhshah Khan во Индија- Пакистан 1915- 1948 година ........................................................................................................................57
3.3.2 „Гандизмот“ на Махатма Ганди ........................................................................59
3.3.3 Ненасилниот отпор против нацистите ..............................................................62
3.3.4 Студентските протести во Франција во 1968 година .......................................65
3.3.5 Ненасилниот отпор во земјите членки на Варшавскиот договор ....................68
3.3.6 Ненасилниот отпор на просторите на поранешна Југославија ........................72
3.3.7 Ненасилниот отпор во земјите од МАГРЕБ и Блиски Исток ...........................76

**Глава 4 ........................................................................................................80**

**4. Искуствата на Република Македонија во манифестирањето на ненасилниот цивилен отпор во заштитата на правата и слободите на граѓаните ........................................................................................................80**

4.1. Правна регулираност на правото на ненасилен отпор на граѓаните......................81
4.2. Манифестација на ненасислниот отпор на граѓаните на Република Македонија од деведестеттите години на XX век до 2015 година...................................................86
4.2.1 Ненасилството за време на прогласувањето на независност во 1991/92 година ........................................................................................................................87
4.3.Штрајкови ..............................................................................................................91
4.3.1. Штрајкови на работниците ..................................................................................91
4.3.2 Штрајк со глад.........................................................................................................98
4.4. Протести ..............................................................................................................101
4.4.1. Протести на граѓаните.........................................................................................102
4.4.2 Студентско-средношколски протести ...............................................................109
4.5.Бојкот ....................................................................................................................114

**Заклучок ...................................................................................................124**

**Литература ...............................................................................................133**

# Вовед

Борбата на човекот против различните видови на недемократско владеење и тиранијата од одделни елити е стара колку и самиот човек. Исто така, одбраната и заштитата на државата се предмет на дискусија уште од најстарите времиња, односно уште од појавата на самата држава како општествена творба. Доминантен облик во остварувањето на оваа функција на државата е со примена на насилни средства односно воените. Меѓутоа, освен воениот, паралелно, но со послаб интензитет се развивале и други ненасилни облици за одбрана и заштита на државата. Исто така, се развивале и посебни методи за справување со различните облици на недемократско владеење, тиранија, диктатура и слично. Овие облици денес се познати и најчесто се опфатени под различни термини како цивилна одбрана, граѓански заснована одбрана, ненасилен цивилен отпор и слично.

Со текот на времето, како што се развивале државите и воените форми на принуда, односно како што се појавувале облиците на недемократско владеење така се развивале и ненасилните граѓански облици на цивилен отпор против истите. Во дваесеттиот век концептот за ненасилниот цивилен отпор добива нова димензија. Тоа е резултат пред се на антиколонијалната борба за слобода на поробените народи, засилениот техничко-технолошки и економски развој на општеството, масовното образование на народот, ширењето на слободната мисла преку медиумите и слично. За разлика од минатото, тоа придонесе свеста на граѓанинот да се подигне на повисоко ниво и во борбата за заштите на неговите права, а притоа да се преферираат облици на ненасилниот цивилен отпор наспроти воениот. Силата на цивилниот отпор ја увиделе и владејачките елити, кои

преку низа на правни механизми успеале да ја искористат во функција на јакнење не само на својата безбедност туку и на безбедноста на државата.

Научените лекции од минатото говорат дека ниту една држава не се двоуми да ги искористи сите потенцијали за да се заштити од надворешните закани. Меѓутоа, некои владејачки елити успеваат заканите по безбедноста на државата да ги претстават како закани по нивната безбедност, притоа злоупотребувајќи ја моќта која им е дадена од граѓаните за остварување на лични цели. Сите влади зависат од нивната моќ, базирана на соработка и послушност на населението и општествените институции, но ако таа соработка и послушност се одбие или ограничи може да ги ослабе или уништи, а таа може да се окарактеризира како директна одбрана од страна на населението. Од друга страна, ваквиот вид на одбрана значи и подготовка на капацитетите на населението за водење ненасилна борба во одвраќање на целите на „противникот".

Примарна задача на секоја држава е да обезбеди сопствени капацитети за одбрана преферирајќи ги притоа воените. Меѓутоа, потребно е да се изнајдат и нови политики, механизми и начини за постигнување на одредена цел без примена на вооружено насилство. Поучени од научените лекции, голем број на држави во минатиот век, го инкорпорираат цивилниот отпор во рамките на безбедносниот и одбранбениот систем. Односно, одбраната на државата ја засновуваат на вооружените сили и на цивилната одбрана. После Втората светска војна, посебно во периодот на Студената војна, цивилниот отпор, односно ненасилниот отпор добиваат на значење во остварувањето на одбраната на земјата.

Мотивите кај населението за примена на ненасилни средства, се исти како и кај одбраната од воени средства. Имено, тие ја сакаат својата земја, нивниот начин на живот, правата, културното наследство, но

инсистираат на нивното право да живеат без мешање и сами да одлучуваат за нивно добро. Меѓутоа, не постои земја во светот којашто може апсолутно да го контролира ненасилниот отпор на сопственото население, посебно оној кој во фокусот ги има граѓанските права. Ниту тоталитарните, диктаторските, автократските, авторитарните, еднопартиските и другите недемократски системи не успеале во намерата да го стават под контрола ненасилниот отпор на сопственото население кога тој е во функција на заштита и одбрана на нивните права. И покрај сите механизами кои им стојат на располагање на државите од овој вид, вклучувајќи ја и контролата над апаратот за физичка принуда на државата, (војската, полицијата, тајната полиција, пропагандата) тие не успеале да се одржат на власт пред налетот на ненасилниот отпор на граѓаните.

Постојат повеќе примери на ненасилен отпор кои имаа за цел да ја променат политиката на државата по однос на одредено прашање. Можеби најмаркантен меѓу нив е ненесилен граѓански заснован цивилен отпор под назив „гандизам“, кој придонесе Индија да ја извојува својата независност од Обединетото Кралство без ниту еден испукан куршум. Таков е случајот и со хипи движењето во САД во средината на седумдесеттите години на XX век, кога Владата на САД под притисок на ова движење ја прекина долгогодишната војна во Индокина. Силата на ненасилниот отпор беше демонстрирана и во Франција во 1968 година преку масовните демонстрации на студентите, а на нив им се придружија и работниците, против модерното консумеристичко општество, критикувајќи го тоталитаризмот и западниот капитализам. Притоа, масовните протести ја парализираа економијата и речиси ја срушија владата на тогашниот претседател Шарл де Гол.

Силата на ненасилниот отпор се покажа и за време на настаните во деведесеттите години на XX век кои придонесоа за пад на комунистичките

режими во Централна и Источна Европа и во поранешниот Советски сојуз. Еднопартиските системи на земјите кои припаѓаа на комунистичкиот блок се срушија како „кула од карти“ пред налетот на ненасилните протести на граѓаните кои бараа повеќе демократија, слобода и човекови права. Истото се случи и со режимот на Милошевиќ во поранешната СР Југославија, кој се обиде да ја фалсификува слободната волја на граѓаните преку поништување на изборите во 2000 година. Огорчени од ваквиот гест на владејачкиот режим, граѓаните преку масовните протести и демонстрации успеаја да го урнат актуелниот режим од власт. Истите тие граѓани само неколку месеци пред тоа застанаа во одбрана на интересите на државата кога опстанокот на државата беше доведен под прашање пред налетите на бомбардирањата на НАТО. Најсвеж пример се и настаните во Арапските земји во кои пред налетот на барањата на граѓаните за повеќе слободи се сменија долгогодишните недемократски и авторитарни системи.

На моќта на граѓанскиот ненасилен цивилен отпор не е имуна ниту Република Македонија. Манифестацијата на ненасилниот отпор на населението не е изразита како во погоре споменатите примери. Меѓутоа, во поновата историја и актуелното време беа забележани демонстрации на дел од граѓаните за повеќе права и слободи, штрајкови на работниците, одредн степен на граѓанска непослушност преку избегнување на граѓаните да плаќаат даноци, бојкот на политичките партии, студентски протести против одредени политички одлуки кои ги засегаат нивните права, бојкот на опозиционите партии на законодавната власт и слично.

Оттука произлегува и проблемот на истражувањето, а тоа е да се проучи колку и како со граѓанскиот ненасилен отпор може да се заштитат човековите слободи и права на граѓаните во рамките на државата. Односно колку самите граѓани се поготвени да ги бранат своите загарантирани права согласно највисоките законодавно правни акти на државата со

примена на методите на ненасилен отпор. Колку концептот на граѓански заснованата ненасилна одбрана придонесува за заштита на вредностите на државата во ситуации на загрозување од надворешни закани и нивна узурпација од надворешна сила. Проблемот на истражувањето е тесно поврзан со предметот на истражувањето кој е фокусиран на анализа на облиците на примена на ненасилен цивилен отпор од страна на граѓаните во функција на заштита на нивните слободи и права во рамките на државата, како и подготвеноста на самите граѓани да ги заштитат вредностите на државата во ситуации на закана и нивна узурпација од надворешна сила. Преку анализата на предметот подетално ќе се фокусирам на теоретската елаборација на облиците и методите на манифестирање на ненасилен отпор на граѓаните, неговите историски и актуелни аспекти, механизмите и инструментите кои ги користи државата односно владејачката елита за контрола односно ограничување на правата и слободите на граѓаните. Потоа на манифестацијата на современите облици и методи на ненасилен отпор од страна на граѓаните во недемократските и демократските системи на владеење, во фокусот на интересирање се и искуствата на Република Македонија во манифестирањето на ненасилниот отпор во заштитата на правата и слободите на граѓаните, како и механизмите за покренување на ненасилниот отпор во функција на заштита на вредностите на Републиика Македонија во услови на надворешна закана по безбедноста.

Пошироката временската рамка на истражувањето генерално го опфаќа периодот на развојот на ненасилниот отпор низ историјата. Потесната временска и просторна рамка ќе го опфати периодот од воспоставувањето на независноста на Република Македонија од 1991 година па се до 2015 година. Фокусот е ставен на проучувањето на облиците на примена на ненасилниот отпор од страна на граѓаните во

нашата земја, како и одговорот на институциите на државата по однос на истиот.

Проучувањето на формите и облиците на манифестација на ненасилниот отпор во функција на заштита на демократските вредности на граѓаните има како научно така и општо – практично значење.

Научното значење на истражувањето произлегува од придонесот што ќе го даде ова истражување во однос на анализата на облиците на манифестирање на ненасилниот отпор во функција на заштита на демократските вредности на граѓаните. Односно самото истражување ќе покаже кои клучни одлуки на државното раководство граѓаните ги примиле како одлуки со кои се загрозуваат, ограничуваат или кршат нивните загарантирани слободи и права.

Општествено - практичното значење на истражувањето произлегува од ползата што би ја имала државата и државното раководство во иднина при донесувањето на одлуки по одредено прашање кое граѓаните го поимаат како чекор со кои се загрозуваат, ограничуваат или кршат нивните уставно загарантирани слободи и права. Односно, кои се елементите кои придонесуваат граѓаните да прибегнат кон примена на облиците на ненасилен отпор поради заштита на нивните слободи и прави и заштита на државата од надворешни закани.

Целта на истражувањето е да се проучи колку одлуките на државното раководство по однос на одредено прашања предизвикуваат загрозување, ограничување или повреда на одредени права и слободи на граѓаните кои пак од друга страна предизвикуваат реакција на граѓаните за заштита на истите преку манифестирање на најразлични форми и облици на ненасилен отпор.

Практична цел која произлегува од општата и посебните цели е да се дојде до сознанија и искуства за влијанието на одлуките на државното раководство врз манифестација на формите и облиците на ненасилен отпор од страна на граѓаните за заштита на нивните слободи и права, како и подготвеноста на самите граѓани да ја бранат државата преку ненасилен отпор. Односно дали граѓаните подеднакво го манифестираат незадоволството по однос на одлуките на државното раководство кога во прашање е загрозувањето на безбедноста на државата од надворешни закани, и кога во прашање е загрозувањето, ограничувањето и повредата на нивните граѓански права.

Државите, односно владејачките елити секогаш ги користат поволните политички, економски или други моменти преку одредени контраверзни одлуки да ги ограничуваат слободите и правата на граѓаните во име на безбедноста на државата или во име на некоја повисока цел. Таквите контраверзни одлуки во значителна мера резултираат со манифестација на одредени облици на ненасилен отпор на граѓаните со цел заштита на нивните права и слободи.

Од една страна, фактите говорат дека интенција на владејачката елита е континуирано да ги ограничува и да ги редуцира граѓанските слободи и права утврдени со највисоките правни акти под изговор за остварување на националната безбедност и одбрана на државата. Од друга страна, пак природно право на граѓаните е да се борат за зачувување и унапредување на нивните права и слободи.

Природата на предизвиците и заканите по безбедноста на државите е драстично променета во поново време. Тоа имплицира континуирано ангажирање на граѓаните, преку различните форми на соработка, да придонесат кон заштитата на вредностите на државата во функција на

нејзината безбедност и одбрана од оние кои имаат намера да ја загрозат истата.

Фокусот на интересирање, е насочен меѓу другото како да се постигнат или заштитат одредени граѓански цели во случаите кога истите не може да им бидат гарантирани од страна на институциите на власта. Овој вид на граѓански цивилен отпор би се дефинирал како техника на ненасилна употреба на моќ со цел да се контролира, сузбијат или уништи моќта на оној кој ги загрозува вредностите на државата, се обидува да ги ограничи или суспендира правата и слободите на граѓаните. Таа моќ, како што смета Шарп не се наоѓа во формалната структура на државата и разните овластувања на носителите на политичка моќ, туку се наоѓа надвор од нив, во севкупниот човечки потенцијал и материјални добра, знаења и вештини на припадниците на општеството, во психолошките и идеолошки фактори кои го усмеруваат човековото однесување и ги одредуваат облиците на учество во општествениот и политичкиот живот (Шарп, 1994).

# Глава 1

## 1. Осврт на историските и актуелните аспекти на граѓанскиот ненасилен цивилен отпор;

Во овој дел, накусо се изнесени видувањата и развој на ненасилниот отпор низ историјата. Историските проучувања покажаа дека борбата на народот против тиранијата, недемократско владеење, нееднаквоста на граѓаните, како и против различните форми на узурпација на слободата е старо колку и самиот човеков вид. Низ историјата, луѓето ги применувале методите и техниките на ненасилен отпор дури и пред тие да ги добијат назнаките кои денес се користат за нив. Ненасилниот отпор се манифестирал преку најразличните форми олицетворени преку граѓанската непослушност, ненасилната борба, ненасилните акции, несоработката и слично. Во основа историското минато ја демонстрира на најдобар можен начин силата на ненасилниот цивилен отпор на индивидуалците и на народот.

### *1.1 Ненасилниот отпор во античкиот период*

Уште од античките времиња, тогаѓните филозофи и реформатори го одбрале ненасилството како водилка кон остварувањето на социјалните промени и отстранување на пречките кон взаемната соработка помеѓу народите. Тие увиделе дека ненасилниот отпор може да биде многу моќна алатка и метод во борба за постигнување на правда и слобода за сите. Во пишаните текстови се повикувало да се одбере патот на ненасилен отпор и

несоработка за да се стави крај на злосторствата, на нечовечноста и неправдите. Борбата со употреба на ненасилни средства и несоработка против сторителите на злосторства, тираните, зулумќарите, експлоататорите и неправедните личности била прогласена како човечка должност. Тоа било признато како иднивидуално и социјално право. (Kumar, 2010:5).

Ненасилнит отпор и несоработката се битен дел од западната култура, традиција и историја. Така повик за несоработка преку ненасилен отпор против владеењето на тиранијата се забележува во делата на старогрчките филозофи Сократ, Платон, и Аристотел кои расправаат за допустливоста на отпорот кон злосторствата на државата. Така во современиот дух на старогрчкиот филозоф Сократ кој во своето дело „Држава“ вели ...„ниеден владетел како владетел не е треба да биде окупран со личната корист, туку со користа на оние над кои се владее и за кои се работи, и се што зборува и се што прави, тој тоа го прави така да внимава на нив, на нивната корист и на тоа што нив им припаѓа“ (Платон, во Kalin, 1991:251). Сократ ги прифатил бенефитите на општеството и чувствувал морална одговорност да биде добар граѓанин кој ги почитувал принципите на законитос дури и во моментот кога бил принуден да ги прифати последиците од неправедниот закон (Clark, Vontz& Barikmo, 2008:52-53). Тој својата борба против тиранијата во античка Атина ја платил со својот живот и бил обвинет дека не верува во моќта на боговите и ја расипува младината.

Ненасилниот отпор и несоработка го имало и во стриот Рим во 494 пр.н.е, кога плебејците се повлекле од градот на околните планини и каде останале неколку денови, притоа одбивајќи да го дадат својот вообичаен придонес кон градот се додека не се постигнал соодветен договор со

Конзулите за подобрување на нивните услови за живот и работа (Sharp, 2007:123).

Подоцна со појавата на поголемите религиозни движења на Блискиот Исток се забележува проповедањето на ненасилниот отпор. Исус Христос во своите проповеди повикува на ненасилна несоработка, а додека пророкот Мухамед одбива да соработува се нееднакво засновани социјални структури и сите несоодветно воспоставени практики во неговото време (Clark, Vontz& Barikmo, 2008:52-53).

Во Светото писмо се наоѓаат делови каде се учи дека постојат повеќе начини на одбивање на верската послушност на законите поради доследно почитување на божјиот закон. Така во Стариот завет забележан е ненасилниот отпор на Мојсие кој го избавил еврејскиот народ од ропството во Египет, потоа се повикува на одбивање на заповедта на фараонот за убивање на сите машки еврејски деца или во примерот за одбивање на неколкумина евреи да ја послушаат наредбата на кралот за обврската да се поклонат на неговите богови (Markovic – Quarantotto, 2002:41). Следен пример е одбивањето на рано Христијаните да служат во армиите и да одговараат со насилство. Тоа доведе и до остварување на „победа“ против моќната Римска империја (Aspey & Eppler, 2001). Теолозите ваквиот начин на непослушност го оправдуваат со разликите меѓу божјиот закон и граѓанските закони.

Во пред Колумбовата Америка, домородечките племиња воспоставиле низа на меѓуплеменски практики со кои проблемите ги решавале по мирен и ненасилен пат. Некои од Европските доселеници универзално ги прифатиле ненасилните практики во нивните односи со домородното население и речиси воопшто не постоело насилство помеѓу нив (Bacon, 1999).

## *1.2 Ненасилниот отпор во средниот век*

Повикот за ненасилен отпор се среќава и кај средновековните филозофи како William of Ockham кој се залага за раздвојување на црквата од државата со мирни средства, но и за слобода на говорот и научната мисла (Kaye, 1995) Барањето за ограничување на правата на монархот преку воспоставување на реципрочни права и должности меѓу владетелот и оние со кои се владее се среќаваат и во филозофското учење на шкотскиот хуманист George Buchanan во неговото дело *Rerum Scoticarum Historia* од 1582 година (Encyclopedia Britannica, 2013). Христијанските перспективи на граѓанската непослушност се наоѓаат и во делата на Тома Аквински кој ненасилниот отпор го прикажува како дел од неговиот третман на законот во неговото дело "Summa Theologiae". Тој дава јасни насоки кога ненасилниот отпор е морално дозволен, дури и задолжителен, ако е поддржан со соодветен метод на непослушност кој е морално соодветен (Wyma, 2014). Францускиот филозоф Жан Жак Русо ја декларира несоработката, која може да се сфати како револт против власта, ако власта ги загрозува правата и должностие на луѓето. Размислувањата за ненеасилниот отпор се среќаваат и кај Henry David Thoreau (1817-1862) кој во 1849 година го напиша делото "Civil Disobedience" (Граѓанска непослушност) во кое ги повикува граѓаните на САД да не ги плаќаат даноците, да не се одзиваат на повикот за регрутација и слично за да се стави крај на војната меѓу САД и Мексико. Тој ја потенцира важноста на почитување на правото на граѓаните наместо почитувањето на законот. Со овој есеј за прв пат во човековата историја отворено се потенцира важноста која ја има индивидуата наспроти државата во демократското општество (Clark, Vontz & Barikmo, 2008).

Претходно, доселениците и колонизаторите во Америка одбивале соработка со британските колонијални авторитети преку комбинација на економски бојкот, демонстрации, одбивање да плаќаат даноци, изградба на алтернативни владини институции и економски систем, што логично доведе до носењето на Декларацијата за независност и појавата на Револуцијата за незавосност (Chenoweth, 2014).

Наведедните примери се доволен доказ дека низ историјата несоработката и ненасилниот отпор се среќаваат преку различни форми за борба на народот против неправдите. Тие им помогнале на луѓето да се борат против неправдите, злосторствата, репресиите и тираните. Луѓето спознале дека на насилството може да се одговори и со ненасилство за истото да се порази. Примената на ваквите методи придонеле да се стави крај на многу насилства, но и голем број на конфликти да се трансформираат во ненасилни.

### *1.3 Ненасилниот отпор во XX век*

Ненасилството, несоработката, ненасилната борба, како и другите методи и форми на ненасилен отпор добиваат на значење во дваесеттиот век. Тие ги надминуваат границите на државите и стануваат „оружје" на сите граѓани во светски рамки. Засилената манифестација на ненасилниот отпор придонесе многу народи да извојуваат победи против долгогодишните колонијални владеења на моќните колонијални сили. Исто така, ненасилниот отпор придонесе граѓаните да се изборат за поголеми граѓански права и слободи или да ги одбранат постојните. Тие се изборија за правото за глас, еднаквост, подобри услови за работа и слично. Политиките на владите се променија и нивните политики им отстапија

место на реформите кон подобро. Тоа придонесе да се стави крај на недемократските и репресивните владеења на одредени режими.

Примената на методите и формите на ненасилство во почетокот на XX век се среќаваат преку економскиот бојкот на јапонските производи од страна на кинескиот народ, потоа против обидот на Нацистите да ја преземат власта во Германија во 1920 година, како и против француската и белгиската окупација на Рурската област. Ненасилството беше инструмент за борба за независност на Индија под водство на Ганди и на Паштуните предодени од Khan против британското колонијално владеење.

За време на Втората светска војна многу европски земји ја користеа ненасилната борба против нацистичката окупација на нивните земји. Во САД ненасилната борба придонесе да се сменат законите и да се стави крај на расисмот во педесеттите и шеесетите години. Во седумдесеттите години ненасилниот отпор беше изразен и против војната во Индокина. Во 1961 година несоработката од страна на француските регрути, надополнета со демонстрациите во Франција придонесе да се сузбие обидот за преврат во Алжир. Кон крајот на шеесеттите години, ненесилството и несоработката беше искористено и против инвазијата на силите на Варшавскиот пакт во Чехословачка. Повеќето граѓани од поранешните комунистички држави ги користеа методите и формите на ненасилниот отпор за да добијаат поголеми права и слободи. Движењето „Солидарност“ во Полска во 1980 година и штрајковите придонесоа да се воспостави слободен пазар. Во деведесетите години ненасилниот отпор беше главното оружје на граѓаните во борбата за рушење на комунистичките режими во Европа (Sharp, 2005).

Исто така, во текот на деведесети години Албанското население на Косово и Метохија водеше широко распространета кампања на несоработка против репресивниот српски режим на Милошевиќ.

Карактеристично за овој случај е тоа што ненасилната стратегија на Албанците од Косово и Метохија резултира со примена на воено насилство од страна на Ослободителната војска на Косово. Тоа пак предизвика зголемена репресија од страна на српските власти проследено со етничко чистење, кое доведе и до бомбардирање на Србија од страна на НАТО во 1999 година. Српскиот народ на бомбардирањето на НАТО се спротивстави со ненасилен отпор преку протестирање на улиците во сите населени места, посебно во поголемите градови. Неколку години претходно, српскиот народ преку протести и паради се обиде да стави крај на недемократското владеење на режимот на Милошевиќ. Во 2000 година прогресивните сили на српскиот народ, исклучиво со примена на ненасилна борба конечно успеаа да го срушат режимот на Милошевиќ.

Украинскиот народ во два наврати во 2004 година и во 2013 година, преку ненасилен отпор успеа да ги промени режимите кои се обидуваа да работата против интересите на народот. Меѓутоа, ненасилниот отпор во 2014 година доведе до вооружен конфликт меѓу руското мнозинство на истокот од земјата со владата во Киев. Моќта на ненасилниот отпор ја почувствуваа и долгогодишните недемократски режими во Северна Африка и на Блискиот Исток, како во Тунис и Египет. Некои пак, ескалираа во крвави вооружени конфликти како во Сирија, а некои предизвикаа директна воена кампања на НАТО како во Либија.

# Глава 2

## 2. Теоретска елаборација на облиците и методите на манифестирање на ненасилен цивилен отпор на граѓаните

Голем број на настани кои го окарактеризираа минатиот век ни покажаа дека човештвото живее во многу динамичен и најчесто небезбеден свет. Манифестацијата на насилство се движеше од одредени облици на спротивставување на ненасилен отпор во кој, во најголем број на случаи владејачките елити реагираа жестоко со цел да ги сузбијат, па се до двете светски војни и голем број на регионални и локални вооружени конфликти. Ние ја анализираме т.н. „мека“ компонента на спротивставување на граѓаните кон демократското, недемократското или колонијалното владеење. Односно анализа на ненасилниот отпор кој е најупотребуваниот вид на конфликт за постигнување на одредена цел во постојниот меѓународен систем. Но, најпрвин теоретски ќе ги елаборираме одделните поими и термини кој се од суштинска важност за разбирање на оваа проблематика.

### *2.1 Ненасилен цивилен отпор*

Во научната мисла постојат различни пристапи и дефиниции за концептот на ненасилен отпор. Ненасилниот цивилен отпор е „вид на конфликт каде невооружени граѓани користат мноштво на координирани методи – штрајкови, протести, демонстрации, бојкоти и многу други тактики за да го спроведат конфликтот без директно повредување на

противникот“ (Chenoweth, 2014:351). Шарп ненасилниот отпор го дефинира како отпор заснован на цивилни методи кои се користат за водење на конфликти преку употреба на социјални, психолошки, економски и политички средства без закана од употреба на насилство. Тоа ги вклучува и актите на несоработка и импровизација или комбинација на двете (Sharp, 2005:41,545). Во одредени случаи се врши поистоветување на одредени облици на цивилен отпор кои иако се слични имаат и свои посебни специфики и истиот се нарекува и ненасилен отпор, невооружена борба, политичка одбрана, моќ на народот, позитивна акција, ненасилство или ненасилна акција (Sharp, 2005:9). Во македонската литература голем дел од недоразбирањата и нејасностите произлегуваат и од недостигот на соодветни македонски термини за презентирање на странските термини. Меѓутоа, главна карактеристика на ненасилниот цивилен отпор е отсуството на употреба на намерата за повредување на противникот преку вооружено насилство со употреба традиционалните конвенционални воени оружја. Ненасилниот отпор е мирољубива алтернатива на политичкото насилство кое во одредени ситуации може да претставува ефективен предизвик за демократските и недемократските опоненти. Во одредени моменти тој „може да биде поефикасен отколку отпорот со насилни средства“ (Stephan and Chenoweth, 2008:9). Истражувањата покажуваат дека цивилниот отпор не е секогаш функционален односно не ја постигнува поставената цел и не доведува до демократски промени доколку нема критична маса која ги поддржува групите. Не е возможно да се организира ненеасилен цивилен отпор без мобилизација на поширок слој на народни маси и без негово поврзување со „ненасилни револуции“ (Markoff, 2013, 240).

Во основа граѓанскиот цивилен отпор подразбира пружање на отпор со примена на невоени средства и има за цел да ја одбрани независноста и

демократскиот карактер на државата и нејзините принципи преку засилено дејствување на граѓаните. Граѓаните не го користат цивилниот отпор само во периоди на мир и просперитет туку и во воени услови. Дијапазонот на методите на ненасилниот цивилен отпор е доста широк и се движи од религиозни бдеења до големи социјални нарушувања, од ангажирање на медиумите во директна акција од страна на мал број на индивидуи до масивни движења. Некои од овие методи функционираат подобро, а некои се со помала ефикасност во зависност од условите и конкретната ситуација. Некои методи се апликативни, а некои не во современите ситуации (Mattaini, 2003:149-150).

Научната мисла идентификувала над 200 видови на ненасилен цивилен отпор кои го манифестираат граѓаните во ситуации кога се загрозени нивните права и слободи. Овие методи Шарп ги класифицира во три групи и тоа: а). ненасилни протести и убедувања, б). несоработка и в). ненасилна интервенција.

Методите на ненасилниот протест и убедување се главно симболични демонстрации, вклучувајќи паради, маршови и бдеење (54 методи). Несоработката е поделена на три поткатегории: (а) социјална несоработка (16 методи), (б) економска несоработка вклучувајќи ги бојкотите (26 методи) и штрајковите (23 методи), и (в) дејства на политичка несоработка (38 методи). Ненасилната интервенција, со психолошки, физички, социјални, економски или политички средства, во себе ги вклучува постот, ненасилната окупација и паралелната влада (41 метод) (Шарп, 1994:26)

Овие методи имаат за цел „да ја мобилизираат јавноста за да се спротивстави или да поддржи одредена политика, да го делегитимизира противниците и да го отстрани или ограничи противничкиот извор на моќ“ (Stephan and Chenoweth, 2008:10). „Ненасилниот цивилно заснован отпор

се наметна како сериозен и популарен метод за ефективно разрешување на конфликтите ширум светот во различен контекст и против различни противници“ (Stephan, 2006:57).

Во одредени ситуации односно во зависност од одговорот на власта, одредени видови на ненасилниот отпор може да ескалираат и да се радикализираат во смисла на манифестација на одреден степен на насилство. Тоа пред се подразбира користење на „примитивни“, „не огнени“ оружја како камен, дрвени палки, метални шипки, а има и случаи кога се користат и т.н. „молотови коктели“. Во одредени ситуации, ненасилната борба може да го отвори патот кон вооружена борба која може да резултира со насилна и крвава граѓанска војна како на пример во Сирија. Во секој случај, примарно во манифестацијата на ненасилниот цивилен отпор е отсуството на насилство како што говори и неговото име.

Ненасилниот цивилен отпор не е само морален начин на живот туку тоа е начин на борба чии методи се класифицирани како „систем на оружје“. Секоја стратегија на ненасилен цивилен отпор побарува и јасно дефинирана стратегија и план за акција. Исто така, побарува и внатрешна кохезија, цврстина, јасна определба и желба, како и способност да се дејствува и спротистави директно на репресијата (Wadoski, 1977). Решението на предметот е со негово претопување без употреба на сила (Sharp, 1973). Ненасилниот цивилен отпор единствено може да постане ефикасен само кога постои одреден степен на колективна поддршка. Само тогаш тој може да ја обесрабри централизацијата на моќта од мала група на луѓе. Тогаш цивилниот отпор „демонстрира дека моќните можат да ја изгубат моќта и во тој случај општеството може да биде демократизирано“ (Seifert, 1965:174). Еден од главните проблеми е тоа дека луѓето не сфаќаат дека „политичката моќ е нивна сопствена моќ...како резултат на тоа тие стануваат и соучесници и во исто време жртви“ (Harris, 1975:10).

Успехот на ненасилниот цивилен отпор низ минатото ја развива нашата имагинација за пронаоѓање на повеќе креативни начини за да се биде во свет повеќе ненасилен. Ненасилниот цивилен отпор може да му се спротивстави на насилниот отпор и придонесе за полесно да се негува демократијата (Bartkowski, 2013:351).

## *2.2 Ненасилен цивилен отпор кон владејачката елита и отпор против окупациски режим*

Генерално, ненасилниот граѓански отпор можеме да го поделиме на: ненасилен отпор кој е насочен кон владејачката елита во рамките на една држава и ненасилен отпор кој е насочен против окупациски режими.

Ненасилниот цивилен отпор кој е насочен кон владејачката елита во рамките на една држава секогаш се јавува кога е загрозено некое право или слобода на граѓанинот. Граѓанинот, одбраната на своите права и слободи, кога ќе „затајат" институциите на системот, ја манифетира преку организирање на протести, демонстрации, штрајкови, граѓанска непослушност, бојкот, социјална, економска, политичка и друга несоработка, блокади, и слично.

Причините за манифестација на ненасилниот цивилен отпор насочен кон владејачките елити во рамките на една држава се многубројни. Според Шарп една од причините е тоа што обидот на одредена моќна група на насилен пат да ја преземе власта во одредена држава или пак актуелните „политички, воени или економски клики одвреме навреме се обидуваат да наметнат диктатури врз своите народи" (Шарп, 1994:1). Внатрешната нехомогеност на населението, пред се во поглед на етничката, религиозната, културната или друга припадност можат да претставуваат серизона закана

по безбедноста на државите. На ваквите закани особено се подложни малите и економски недоволно моќните држави.

Природно право на секоја држава е да организира свој систем за безбедност и одбрана на нејзините граѓани. Меѓутоа, во одредени ситуации владеачките елити премногу се фукусираат на искористување на повеќето ресурси во однос на безбедноста и одбраната на земјата. Целта е јасна - да ја заштитат својата независност и внатрешна слобода. Притоа во најголем број на случаи се запоставуваат економските, социјалните и другите прашања кои се исто така од примарно значење за граѓаните. Засиленото трошење на ресурсите за јакнење на безбедносниот апарат на државата предизвикан од стравот од агресија или граѓанска војна може да доведе до зајакнувањеа на силите на централизација односно милитаризација на општеството и диктатура. Помалите малцински, етнички, религиозни, културни или други групи ваквиот акт на засилена милитаризација можат да го сфатат и како закана и страв дека зголемениот воен апарат може да биде употребен против нив (Шарп, 1994: 2-4)

Во ситуации кога одредена елита се наоѓа подолг период на власт и кога резултатите од волјата на народот не се поволни, владејачката елита може да прибегне кон прогласување на воена состојба со цел да се одржи на власт. Прогласувањето на воена состојба е сериозен показател дека одредена владејачка група се стреми кон изведување на државен удар и воспоставување на недемократски режим. Моќниот воен апарат во вакви ситуации ја ограничува власта и моќта на граѓанските институции и ја зголемува опасноста од изведување на државни удари. Тоа е сериозен знак дека голем дел од правата и слободите на граѓаните се суспендирани во име на „безбедноста или повисока цел“. Ваквите постапки најчесто претставуваат чекор кон воспоставување на тоталитарно, фашистичко, авторитарно или друг вид на недемократско владеење (Sharp, 1973).

На ваквите намери може да се спротивстави некоја друга група која што може да пропагира употреба на вооружени облици на дејствување кое може да прерасне во крвава граѓанска војна. Меѓутоа, за ваквиот начин на спротивставување сепак е потребна поддршка од пошироките народни маси. Граѓаните ја препознаваат опасноста од ваквиот начин на решавање на одредена ситуација.

Народот, кога има избор, најчесто ги избира ненасилниот цивилен отпор за спротивставување на намерата на владеачката елита или на друга група преку насилен пат да ја преземе власта и да воспостави недемократски режим на владеење. Во ваквите случаи поголем дел од населението ја користи техниката на директно делување. Односно, луѓето во оваа масивна ненасилна борба протестираат, одбиваат соработка на секој (општествен, политички, економски, социјален и слично) план и интервенираат психолошки, политички и физички во ситуациите кога се протестираат. Ваквите методи можат да го забават, парализираат, подријат или разрушат системот на оној кој сака да ја узурпира волјата на граѓаните (Шарп, 1994:12).

Граѓанскиот ненасилен отпор насочен против окупациски режими се манифестира преку несоработка со окупационите или агресорските власти, изведување на саботажи, диверзии, граѓанска непослушност, селективен отпор, демонстрации, протести, бојкот, организиаран отпор и слично. Овој вид на ненасилен отпор во одредени ситуации може да добие и порадикални форми кои подразбираат и употреба на оружје. Тоа подразбира примена на герилско војување, партизанско војување, бунт, саботажи, изолирани вооружени напади на објекти и слично. Во ваквиот тип на војување бројот на жртвите меѓу населението е скоро секогаш многу висок и тоа многу повеќе отколку во конвенционалното војување. Постојат бројни примери за ваквиот начин на спротивставување. На

пример, отпорот за време на Втората светска војна кој го пружааше населението на окупираните земји. Во поново време специфичен е отпорот во Сирија (2012 година), Либија (2011 година) и Украина (2014 година). Битно за ваквиот начин на отпор е тоа што тој може да трае долго време и на крај да резултира со нова диктатурата врз исцрпеното население како што се случаите во Кина, Алжир, Виетнам. Развиените капацитети за борба, подоцна, новата владејачка гарнитура може да ги употреби за репресија против сопственото населеие. Најчесто на удар се наоѓа она население кое го поддржувало стариот режим (Sharp,1973).

### *2.3 Граѓански заснована одбрана*

Искуството од минатото покажува дека на примената на вооружените средства може успешно да се одговори со ненасилни и невоени методи на отпор, односно на граѓански заснована одбрана. На тој начин може да се порази непријателот било внатрешен или надворешен. Моќта на ненасилната борба во минатото е покажана во случаите кои првенствено не се поврзани со одбраната. Познати примери на успехот на ненасилната борба и отпор пред Втората светска војна се: Унгарскиот ненасилен отпор против австриското владеење, особено во 1850-1867, и Финската непослушност и политичка несоработка против руското владеење, 1898-1905 година. Руските револуции од 1905 и од февруари 1917 го ослабнаа и потоа го срушија царскиот систем. Двете главно беа ненасилни. За време на Втората светска војна многу познат е Антифашистичкиот отпор во Норвешка, Данска, Холандија, Франција и во други земји. После Втората светска војна познати се приемрите на ненасилна борба во Источна Германија (1953 и 1989), во Унгарија (1956-57 и 1988-89 ) , во Полска (1956,1970-71 и 1980-1989), во Чехословачка (1968-1969 и 1989), во

Балтичките држави (1987-1991) и револуциите во Источна и Централна Европа во деведесетите години кога беше срушено комунистичкото владеење во овие земји. Овие случаи на ненасилен отпор не се случаи на граѓански заснована одбрана. Сите овие случаи беа импровизирани и им недостасуваа предностите на планираните, подготовки и обука - елементи кои теоретичарите на оваа политика ги сметаат за битни (Шарп, 1994).

Граѓански заснованата одбрана е политика со намера да ги одврати и порази како надворешните воени инвазии и окупации така и внатрешните преврати, вклучувајќи ги извршните узурпации и државните удари. Граѓански заснованата одбрана ги користи социјалните, економските, политичките и психолошките "оружја" (или специфични методи на дејствување) за да предизвика масовна несоработка и политички отпор. Таа е алтернативна одбранбена политика која има за цел да предизвика одвраќање и одбрана преку граѓански средства (Шарп, 1994).

Терминот "граѓански заснована одбрана" означува одбрана од страна на самите граѓани само со употреба на граѓански ненасилни средства за борба (Шарп, 1994:23). Целите на граѓански заснованата одбрана се да ги спречи и порази внатрешните узурпации како и меѓународните агресии. Населението тоа го постигнува исклучиво со употреба на специфични ненасилни методи на отпор. Употребата на насилни воени оружја би имале контра ефект и би биле контрапродуктивни.

Државите кои ја применуваат оваа политика заснована на граѓанска одбрана овозможува опција за жив отпор и борба против нападот, без ризик од масовни разурнувања и огромни загуби. Тоа овозможува да се спроведе ефикасна одбрана на државата и да се пружи отпор против агресорот или државниот удар. Имено, целта и на агресорот и на оној кој изведува државен удар е да воспостави контрола над институциите на системот, врз невладините организации и граѓански здруженија како и врз

целокупното население. За да се остварат овие цели потребно е многу време и голем напор. Доколку населението е подготвено и сака да ги одбрани своите вредности, тогаш тоа може да го пролонгира или оневозможи воспоставувањето на контролата врз општеството од страна на узурпаторот или агресорот.

Населението првенствено се потрпира на несоработката, пркосот, застрашувањето, примената на цивилни оружја, непризнавањето на легитимитетот на напаѓачите, несоработката со режимот на напаѓачите, или марионетската влада, или пучистите. Несоработката, исто така, може да биде применета против определени специфични политики кои од луѓето бараат да извршуваат дејства кои не се поврзани со нивните нормални животи, или да бараат од народот да продолжи да води приближно нормален живот, иако на некои поинакви начини и слично. Во секој случај, девизата на граѓански заснованата одбрана е дека цената на напад ќе биде превисока отколку ползата. Во случајот со застрашувањето потребно е да се знае дека тоа не е производ на физичко уништување туку тоа е производ на вистинскиот капацитет, подготвеност и организираност за успешна одбрана. Било узурпаторот или било агресорот се свесни дека за да ја постигнат својата цел неопходна им е соработка барем со дел од населението, било тоа да е некое малцинство, религиозна група или слично. Меѓутоа, кога нема да наиде на таква соработка тогаш успехот од неговата политика е ставен под знак на прашање (Шарп, 1994). Сета оваа одбрана мора да биде поткрепена со соодветни и добро испланирани „мудри“ стратегии и тактики. Тоа ќе овозможи одбрана на општеството од самото општество и одбрана на целата територија врз географка лоцираност, а не само на еден нејзин дел.

Успехот на граѓанско засновата одбрана зависи од повеќе клучни фактори како што се: духот на отпорот; солидарноста на народот што се

брани; силата на општеството во одбрана; способноста на населението да го оддржи отпорот, ненасилната дисциплина и да ја поднесе репресијата; слабостите на напаѓачот и мудроста на одбранбените стратегии и меѓународната поддршка.

### 2.4 Ненасилна борба

*Ненасилната борба* во основа се разликува од „цивилната борба" и претставува генерички термин кој подразбира водење на борба за постигнување на некоја цел со примена на силни облици на ненасилно дејствување како протести, граѓанска непослушност, економска или политичка несоработка, пасивен отпор, позитивна акција и ненеасилна директна акција, против одлучни и моќни противници кои одговараат со репресија и други противмерки (Sharp,2007). Таа претставува „реалистична алтернатива за употребата на сила" и не е борба само за идеали...тоа е борба да се реализираат визиите на народот" (Popović, Milivojević &Đinović, 2007:26-30).

Ненасилната борба е сериозен механизам во борбата за постигнување на одредена цел. Таа не е ниту пасивна ниту негативна. Таа може да ги поведе иднивидите или групите да придонесат во остварувањето на политичките промени. Ненасилната борба се спроведува надвор од традиционалните политички канали, правејќи разлика од другите „ненасилни политички процеси како лобирањето, изборите и правните механизми" (Stephan and Chenoweth, 2008:10). Со нејзините форми свесно или несвесно се занимава секој граѓанин. Многумина неа ја сфаќаат како борба против опонентите кои се способни да употребат и употребуваат сила. Таа е начин на живот на луѓето. Постојат мноштво

примери низ историјата за употреба на ненасилната борба како метод на ненасилниот цивилен отпор. Ненасилната борба беше применета во Кина, Иран, Филипини, Источна Европа, поранешниот Советски Сојуз, Сирија, Украина, и на многу други места. Стратегијата и тактиките на ненасилната борба најчесто се прилагодуваат на потребите на конкретната ситуација. Ненасилната борба може да се применува и во ситуации кога постои и вооружен конфликт (Dekar, 1993).

Одделни аналитичарии се на мислење дека на насилната акција може да се одговори со ненасилна борба. Успехот на ненасилната борба на глобално ниво е признаена од многу проучувачи на оваа проблематика. За успехот на ненасилната борба не е неопходен услов постоењето на некој лидер. Од друга страна Шарп идентификува конверзија (пренамена) меѓу другите пристапи за водење на успешна ненасилна борба. Таа пренамена подразбира дека одреден моќен угнетувач може да го промени своето мислење и да се согласи со целта на оние кои водат ненасилна борба (Arens and Kaufman, 2012: 231-252). „Пренамената има за цел не само едноставо да се ослободи подредена група туку исто така треба да се ослободат и оние кои се етикетирани од сопствениот систем како политички затвореници"(Sharp, 2005:416).

Есенцијален дел на ненасилната борба е стекнувањето на моќ и негирање на моќта на другите. Никој не може да го укине угнетувањето во едно општество доколку не се здобие со моќ да го направи тоа. Моќта е битна и за да се постигне „визија за иднината". Со цел да се спроведе успешна ненасилна борба, секој треба да ја разбере природата на моќ во општеството.

Стратегискиот ненасилен отпор мора да се разграничи од принципиелното ненасилство кое е втемелено во верските и етничките забрани за насилство. Поголем број на луѓе кои никогаш не веруваа во

етичкото или религиозното ненасилство, може да ја искористат ненасилната борба од прагматични причини за постигнување на нивните цели. За да се постигнат поставените цели преку ненасилната борба потребно е да се има добро осмислена стратегија и тактика. Луѓето кои учествуваат во ненасилната борба многу ретко сфаќаат што точно значи тоа. Ненасилната борба во основа претставува пресметка за тоа како да се симне изворот на моќ на репресивниот режим. Потребно е да се идентификуваа кои елементи го прават тој извор моќен. Исто така, потребно е да се пронајдат и слабостите на режимот и како да се искористат истите за да се разниша режимот (Sharp, 2003:16-20).

Најголем број на поборници на принципите на ненасилство се ангажираат во ненасилниот отпор. Поголем број од учесниците во ненасилната борба не биле посветени на принципите на ненасилство. „Поистоветувањето на ненеасилната борба со принципите на ненасилство, пацифизам, пасивност, слабост или изолирани улични протести придонесе за погрешно сфаќање на овој феномен" (Lakey, 1987:87). И покрај тоа што поборниците за ненасилен отпор ја избегнуваат заканата или употребата на насилство, префиксот *мирно* се додава на ненасилните движења кое често е спротивно и неодговара на природата на ненасилниот цивилен отпор. Преку ненасилниот отпор се постигнуваат целите спротивно на волјата на противникот преку превземање на контролата врз конфликтот преку широко распространета несоработка и одбрана. Ненасилната борба секогаш е поефикасна против демократските отколку авторитарните системи (Fearon, 1994:577-592). Интересен е фактот што лидерите на ненасилната борба кога ќе ја освојат моќта и власта во државата веднаш спроведуваат драстичи реформи со цел да се подобри стабилноста и безбедноста на државата, а помалку да се стабилизира економијата.

## 2.5 Граѓанска непослушност

Концептот на граѓанска непослушност е доста важен, но и недоволно разбран концепт. Истиот, јавно за прв пат беше промовиран во делото на Henry David Thoreau „Отпор на граѓанската влада“, кое е објавено во 1848 година, во исто време кога во Европа беше објавен „Комунистичкиот манифест“. Со Комунистичкиот манифест Маркс ја повикуваше работничката класа да се обедине во борбата против капиталистичката експлоатација. Додека, Thoreau, како основа ја имаше тезата дека, *моралниот* закон ги обврзува луѓето да ја одбиваат послушноста на неправедните закони во државата. Непослушноста на граѓанските закони е акт против Владата, но послушноста на граѓанските закони е зло и акт против Господ (Thorow, 2007: 154-158). Thoreau граѓанската непослушност ја поврзува и со ропството и вели дека „илјадниците кои имаат спротивно мислење за ропството и за војната, ништо не прават за да стават крај на тоа“(Clark, Vontz& Barikmo, 2008:51-56). Во основа Thoreau ги повикува граѓаните во САД да не плаќаат воен данок и на тој начин да придонесат за крај на војната на САД против Мексико. Притоа повикува на користење на механизмите на ненасилен отпор на граѓанската непослушност како одбивање на плаќање на данок, одбивање на соработка, не јавување на повикот за регрутација, блокада на патиштата и слично (Marković Quarantotto, 2002:35-38).

Граѓанската непослушност изразена преку зборовите на Thoreau можеме да ја објасneme со девизата „зборувај погласно од зборовите, потсети ги луѓето дека граѓанското однесување имплицира цивилизираност и оние кои подзаборавиле да се потсетат дека стандардите на цивилизирано однесување и страв ако се заборавени не се изгубени.

Како да протестирам ако не постои начин за протестирање. Зборувам од фрустрација и длабок очај...не верувам дека зборовите ќе го променат мислењето на луѓето кои ја имаат моќта и ја донеле одлуката. Јас ќе се приклучам на пасивната граѓанска непослушност" (Townsend, 2012: 701-716,721).

Историски гледано, граѓанска непослушност бил ефективен метод на влијание за подобрување неправедните закони. Примената на граѓанската непослушност е еден од начините просечните граѓани да можат да ја проверат волјата на мнозинството во демократските системи. Таа не е оправдување само за исправање на неправдите, туку таа е „единствено оправдана во случаите кога системот потфрлил" (Clark, Vontz& Barikmo, 2008:53). Конкретно, таа подразбира несоработка и непридржување до одреден специфичен закон или група на закони чии одредби иритираат поголема група на луѓе. При употребата на оваа техника неопходно е да се има во предвид дека е потребно сите учесници да не го почитуваат специфичниот закон или група на закони кои се посочени, а сите останати закони треба да се почитуваат. Целта е да се принуди Владата да седне на преговори и да ги промени спорните одредби. Според Хана Арент тоа е „колективен, ненасилен, илегален, политички акт преку кој одредена група врши притисок до носителите на моќта за да изменат или укинат одреден закон или политика" (Arendt, 1973, 79а). Во 20 век, а посебно во 21 век граѓанската непослушност беше искористена како корисна алатка во „зачувувањето и одбраната на човековите права и слободи и владеењето на правото" (Udeh, 2014:32). Таа се користи најчесто како ненасилно и мирољубиво средство за постигнување на социјални промени. Често се поставува прашањето дали граѓанската непослушност е морално оправдана акција и е поврзана со духовните вредности на човекот и дали во одредени случаи истата може да

прерасне во насилен чин. Битно е да се знае дека за еден акт да биде означен како граѓанска непослушност потребно е да се задоволат неколку карактеристики. Прво, граѓаните мора да одбијат одреден закон или воспоставена политика на владата. Граѓаните мора намерно и јавно да не го почитуваат одредениот закон. Граѓаните мора да дејствуваат совесно и да веруваат дека нивната акција е насочена кон отстранување на неправдата која е нанесена и најбитното, самиот чин мора да биде ненасилен. Со исполнување на овие т.н. предуслови може да се зборува за граѓанска непослушност(Keith, 2014:157-170).

Сеопфатниот дефинирање на граѓанската непослушност е отежнато поради употребата на поголем број на термини кои имаат слично значење, како и од нејзината специфика и нејзината манифестација. *Граѓанската непослушност* подразбира „спротивставување на граѓаните на законските норми, на политичките програми со истовремено негување на духот на толерантната политичка култура и чувство за она што претставува владеење на правото во едно општество“ (Marković Quarantotto, 2002:37), односно таа претставува „намерно кршење на законот поради општествена цел“ (Zinn, 1991) и според зборовите на Bayard Rustin „претставува единствениот преостанат механизам преку кој јавно би се открила прикриената неправда“ (Wasserstorm, 1966:18). „Граѓанската непослушност е намерен, јавен, совесен и ненасилни чин со кој се крши законот и со кој лицето ја прифаќа одговорноста и казната од тој чин. Тоа е чин на ненасилен протест кој се презема за да се ублажат некои неправди, обично регулирани со некои повисоки принципи или закони“ (Clark, Vontz& Barikmo, 2008: 52).

Во основа таа не содржи чин со кој се повикува некој физички да биде повреден. Во основа сите протести кои се спроведуваат во поддршка на граѓанската непослушност се ненасилни. Одговорот на државата кон

граѓанската непослушност е многу сензитивна работа и потребен е голем праг на толеранција. Потребна е официјална толеранција на оние кои не се согласуваат и не го почитуваат законот во борбата за остварување на нивните права дури ако е вклучено насилство во одредена мера (Udeh, 2014:37).

## 2.6 Демонстрации-протести

*Демонстрацијата односно протестот* претставува масовно јавно собирање на група на граѓани преку кое се настојува да се искаже одредено мислење, незадоволство или поддршка спрема некого (личност, организација, власт) или незадоволство спрема некое контроверзно (најчесто политичко) прашање (Cambridge Dictionary, 2014). Во основа протестот-демонстрацијата е израз на приговор преку зборови или преку акција за одреден настан, политика или ситуација. Формите на манифестација на протестите може да опфаќа од индивидуални негодувања до масовни демонстрации. Преку протестот – демонстрацијата оние кои протестираат можат јавно да ги изнесуваат своите мислења за да ги слушнат останатите граѓани и пошироката меѓународна јавност. На тој начин тие се обидуваат да влијаат врз јавното мислење и врз политиката на владата по однос на одредено прашање, како и да покажат дека нивниот став по одредено прашање ужива широка поддршка во јавноста односно меѓу народот (Barned-Smith, 2007:17-25).

Исто така, може да се преземе и директна акција со цел да ги остварат бараните измени по однос на некое прашање со кое имаат поинаков став од официјалниот владин став. Во одредени ситуации кога протестите – демонстрациите се дел од систематска кампања за да се

постигнат некои цели тогаш тие вклучуваат и употреба на разни форми на притисоци и убедувања. Во тој случај тие добиваат повисока форма и може да се опишат како ненасилен или граѓански отпор (Roberts, &Garton Ash, 2009). Протестите можат да настанат спонтано или најчесто се организирани од страна на некоја група на активисти, политички движења, политички партии или од страна на самата влада.

Најпрепознатлив облик на демонстрација е собирањето на луѓето на едно место каде што организаторите на протестот држат говори пред насобраните луѓе. Овој начин на протестирање се нарекува и митинг. Него најчесто го користат политичките партии за време на предизборни кампање или кога сакаат да изразат незадоволство од одредена политика на власта. Друг облик е парадирањето односно организираното движење по улици со носење пароли или транспаренти и гласно извикување на некој слоган. Како посебен облик на протест се јавува и „piketing“ кој опфаќа демонстрирање пред објектот кој е извор на незадоволството на демонстрантите. Пособерн облик на директна акција на протест е и sit-in преку кој демонстрантите го блокираат пристапот до одредени јавни објекти со помош на своите тела (Roberts, &Garton Ash, 2009).

Историјата покажала дека протестите-демонстрациите најчесто се мирни и ненасилни. Меѓутоа, во одредени ситуации тие можат да добијат и друга димензија и да прераснат во насилни и да предизвикаат нереди по улиците. Протестите попримаат димензија на насилство кога во нивните редови се уфрлат некои провокатори, екстремисти или им се приклучат обични криминалци. Криминалците настојуваат нередите да ги искористат како прилика за извршување на кривични дела. Вториот елемент кој влијае протестите да прераснат во нереди е кога полицијата и другите органи на власта ќе се обидат да ги прекинат со употреба на физичка сила. Третиот елемент кој може да влијае негативно на протестите е кога ќе дојде до

судир меѓу демонстрантите и контра демонстрантите. Во оваа ситуација може да дојде и до физички пресметки меѓу двете групи.

Протестите- демонстрациите најчесто се дозволени во сите земји во рамките на начелото на слобода на говорот и изразувањето. Во скоро сите земји постојат и одредени законски одредби кои го ограничуваат правото на демонстрации односно протести. Тоа остава простор, во одредени ситуации, владите директно да влијаат на правото на граѓаните да протестираат преку најразлични изговори од политичка, економска, безбедносна, социјална, религиозна, медиумска или друга природа. Политичките причини најчесто се поврзуваат со потребата од официјално барање за дозвола за протест од страна на оние кои имаат намера да протестираат (Craig, 2014). Меѓутоа, кога поради некоја причина, владата може да го ограничи или забрани протестот тогаш тој може да поприми форма на отворен граѓанска непослушност или други форми на отпор против ограничувањата. Во одредени ситуации, протестот може да биде предмет на контра протест (Schofield, 1994). На тој начин на оние што протестираат им се спротивставува друга група на контра - демоснтранти кои сакаат да изразат поддршка на некое лице или на владата по однос на политиката по одредено прашање.

Во минатиот, а и на почетокот на овој век протестите се покажаа како ефикасен механизам на неансилниот цивилен отпор за промена на владејачките елити во одредени демократски и недемократски режими. За да се случи вакво нешто, потребно е демонстрациите да имаат критична маса на граѓани кои ќе го присилат актуелниот режим да ги прифати нивните барања. Во одредени случаи дел од барањата на демонстрантите се и со радикален предзнак. Примерите низ историјата говорат дека демонстрантите секогаш кога биле силно поддржани од граѓаните успеале да ја остварат својата цел дури и да ги променат владејачките елити. Добро

познати ни се примерите со Иран во 1979 година, со настаните во Источно европските држави во деведесетите години на минатиот век, најновите настани поврзани со Арапската пролет на Блискиот Исток и во Северна Африка, како и настаните во Украина (2004 година и 2014 година - кои доведоа во два наврати до радикална промена на политиката на државата).

## *2.7 Штрајк*

*Штрајкот* означува колективна или масовна акција на одбивање – прекин да се извршуваат работните активности предизвикана од страна на работниците се додека не се исполнат одредени барања на оние кои ја прекинале работата. Штрајкот најчесто е одговор на некои неправди кои работодавачите им ги наметнале или се обидуваат да им ги наметнат на работниците (Smolar, 2009, 127-143). Штрајкот најчесто е поврзан со појавата на синдикалните движења. Постоењето на синдикат е неопходен услов за да се организира штрајк. Тој најчесто го организираат работниците со одредени барања кои вклучуваат поголема плата, подобри услови за работа, пократко работно време, добивање на други бенефиции од работодавачот и друго.

Во минатото, штрајкот бил забранет и се сметал како контрареволуција (Кина, поранешниот СССР и други земји). Денес, штрајкот во најголем број на демократски земји е легитимно право на секој човек и истиот е регулиран со највисокиот правен акт на државата Уставот или во рамките на другите закони (Lynd, 2002). Сепак постојат уште држави каде правото на штрајк на работниците е ограничено или забрането (пр. Северна Кореа). Штрајкот се карактиеризира со прекин на работата. Работниците одат на работа, но одбиваат да ја вршат работата.

Вообичаено, штрајкот се извршува во рамките на објектот каде што работат работниците. Во одредени случаи штрајкот може да се префрли на улица и да се манифестира и како уличен протест или протест пред некој објект кон кого е насочен штрајкот.

Најрадикална форма на штрајк е т.н. штрајк со глад (Beresford, 1987). Оваа форма на штрајк најчесто се јавува кога постои грубо кршење на правата на работниците и се искористени сите останати механизми, а надлежните институции не превземаат ништо за да ги разгледаат барањата на штрајкувачите. Штрајкот со глад е директно насочен кон институциите на системот. Најчесто во решавањето на проблемот на ваквите штрајкувачи се вклучуваат, покрај засегнатата организација и институциите на власта и медиумите. Многу е битно за штрајкот да биде поддржан од медиумите. На тој начин се врши двоен притисок како врз оној против кого се штрајкува така и против владата.

## *2.8 Бојкот*

*Бојкот* е било кој облик на организирана борба (општествен, економски или политички притисок) кој се состои од прекинување на сите редовни активности, врски и секојдневното функционирање и редовните активности со некого, односно, потполно одбивање на нешто од оној кој го организира бојкотот. Тоа е акт на доброволно апстинирање од користење, купување на одредени добра, соработка со лица, организации или власт како израз на протест најчесто предизвикан од социјални, економски, политички или други причини (Marlow, 1973:133-142). Бојкотот е временски настан кој се изведува со цел да се принуди оној против кого е насочен да ги коригира причините кои довеле до бојкот.

Кога тој временски се пролонгира или постанува дел од поширок отпор за реформа во општеството, тогаш тој постанува дел од моралните акти на дејствување. Најчесто бојкотот се организира и е фокусиран против долгорочната навика на купување на одредени производи кои се дел од некој поголема политичка или економска програма за реформа на пазарот. Поголема форма на бојкот која е организирана од страна на државите се различните типови на ембарго за извоз или увоз на одредени продукти или кон одредени производи од некоја компанија. Ембаргото во комбинација со рестрикцијата или санкциите можат да бидат ставени од една страна во функција на контрола на конфликтите, борбите и другите насилни акции, а од друга страна може да ја превенираат експлоатацијата и злосторствата ако се применуваат мудро и искрено (Kumar, 2010).

Научените лекции од историјата ни кажуваат дека бојкотот е „оружје на слабите“ на станарите кои имаат спор со сопственикот, на работниците кои се противат на одборот на директори на компанијата, граѓани кои не се согласуваат со одредена мерка преземена од страна на владата, на студентите односно учениците и слично. Сите оние кои прибегнуваат кон бојкотот како „оружје“ не мора да одбиваат да ги исполнуваат своите вообичаени законски обврски. Туку тие почесто прибегнуваат кон поединечни постапки преку кои ги принудуваат оние кон кои е насочен бојкотот да отстапат од одредени нелагодни промени кои се на нивна штета. Бојкотот е најчесто морално оружје на луѓето кои перципираат дека правдата и законот не се едно и исто. Тој е генијално оружје преку кој се исправа неправдата без соочување со конфронтираниот авторитет. Во најголем број на земји бојкотот е легален ненасилен метод за принуда, додека во други земји тој се смета за нелегален чин (Taatgen, 1992:163-176).

Бојкотот како метод на отпор најчесто е користен од страна на студентите или учениците кога истите не се задоволни од одредени политички одлуки или одлуки од академската фела. Во тој случај учениците односно студентите ја бојкотираат наставата со цел да ги присилат владините или образовните институции да реагираат и да го решат настанатиот проблем кој е причина за бојкот.

Луѓето кои започнуваат бојкот не се загрижени за реакцијата на државните структури или на правниот систем. Тие не се во позиција или не очекуваат дека нешто ќе се поправи од нивниот напор за ослободување од зависноста или да го променат системот. Единствено тие се обидуваат да го минимизираат влијанието на промените врз нивниот начин на живеење. Поради ваквиот начин на реакција, бојкотот се вбројува во методите на ненасилен отпор кои населението го користело низ вековите на пример. божемно незнаење, забавување на работата, лажна усогласеност и слично (Taatgen, 1992:163-176). Со ваквите тактики на бојот се чувствува потребата да се направи нешто без многу планирање и координација. Тоа, бојкотот го прави поразличен од другите форми на ненасилен отпор и класна акција. Бојкотот може да се комбинира и со другите методи на отпор како социјалната контрола што го прави моќен метод на ненасилен цивилен отпор. Со тоа пораката се упатува до пошироката јавност, а не само до оние до кои е насочен бојкотот. Бојкотот не е насочен кон кршење на моралните вредности на оние против кои се бојкотира.

# Глава 3

## Современи облици и методи на ненасилен цивилен отпор

Формите и методите на ненасилно спротивставување со поголем или помал интензитет се манифестираат и во демократските и во недемократските системи на владеење. Вледејачката елита главно во сите системи тежнее кон воспоставување на контрола над граѓаните, кон органичување на нивните права под различни изговори, а во недемократските системи на владеење и кон тотална контрола во сите сфери на живеење. Искуството покажало и докажало дека граѓаните секогаш со помал или поголем успех пружаат отпор кон обидите на владеачката елита да воспостави целосна контрола во општеството. Најдобар механизам за заштита на граѓаните од ваквата тенденција на власта е развиената демократија со поделба на власта на законодавна, извршна и судска, како и правото на слободни избори. Меѓутоа, кога ќе затајат демократските инструменти за контрола над избраната власт, граѓаните прибегнуваат кон различни методи и форми за одбрана и заштита на нивните права кои го вклучуваат и ненасилниот отпор.

Интерено е да се напомене дека во ситуации кога е во прашање безбедноста на државата, односно кога државата е под некоја сериозна закана, најголем дел од граѓаните се подготвени да се „жртвуваат“ и да се откажат од некои граѓански права и слободи во интерес на безбедноста на земјата. Така, користејќи го изговорот за поголема безбедност и за борба против тероризмот после 11 септември 2001 година, владата на САД успеа да стави во сила неколку закони кои беа на штета на правата и слободите

на граѓаните. Едно од тие законски решенија беше и она кое се однесуваше на следењето на комуникациите. Една деценија подоцна се покажа дека владејачката структура тоа го злоупотребила преку масовното прислушување на граѓаните.

Во овој дел ќе се задржам на механизмите кои ги користат владејачките елити за воспоставување на контрола над граѓаните, како и на манифестацијата на формите и методите на ненасилниот отпор на граѓаните во одбрана и заштита на нивните права во демократските и недемократските системи, како и во колонијалните системи како посебни системи на владеење.

### 3.1. Демократски системи

Прашањето за демократијата и демократското владеење се стари колку и самото човештво, колку и самото организирано живеење на луѓето од најстарите облици па се до најсовремениот облик на државно уредување. Луѓето во рамките на една држава воспоставуваат одделни правила на „игра" чие почитување е задолжително за сите граѓани на таа земја. Доколку некој се обидува тие правила да ги изигра или заобиколи, односно да изврши селективна примена на истите, тогаш демокартското владеење и демократијата се сметаат за нарушени. Реакцијата на народот во одбраната на демократијата може да биде најразлична, од примена на легални механизми преку институциите, преку легитимни ненеасилни облици на спротивставување, па се до примена на вооружено насилство. Дискусиите помеѓу филозофите во однос на прашањето за демократијата и демократското владеење траат се уште со несмален интензитет како и во времето на античката демократија.

Најприфатлива форма на демократија во современи услови е онаа која ја нуди либерално демократскиот концепт на владеење кој власта ја разделува на законодавна, извршна и судска. Овој концепт меѓу другото, најдобро го илустрира Huntington со т.н. трет бран на демократизација (Huntington, 1991). Либералната демократија, како најпосакуван облик на политичко уредување нашироко е прифатена од 120 земји кои се нарекуваат демократски од вкупно над 200 признаени држави. Во овој концепт граѓаните го имаат правото да бираат и да бидат избрани во власта, а „индивидуите имаат еднакви права и лична слобода која не и е потчинета на заедницата или на друг авторитет, освен на законот" (Ванковска, 2007:110). Методите и формите на организирање на демократското владеење варираат од земја до земја, од демократрија до демократија. Во основа *демократските системи* се оние системи кога е обезбедено правото на учество на народот во одлучувањето за државните работи, кога се почитуваат и обезбедуваат човековите слободи и права, владеењето на правото, слободата на говорот и слободата на медиумите кога постојат силни институции на државата кои ги штитат правата на граѓаните, кога има прераспределба на власта преку која се спречува самоволието на државата и се ограничува моќта на владејачката елита (Huntington, 2004). Ограничувањето на моќта на владејачката елита се спроведува најчесто преку највисокиот правен акт на државата – Уставот и законите, а контролата на владеењето најдобро се спроведува преку непосредните и демократски избори. Во Уставот и законите се регулирани и правата и слободите кои ги уживаат граѓаните, како и механизмите кои им стојат на располагање за заштита на нивните права и слободи. Според Аристотел онаму каде што законот не владее, таму не постои Устав и не постои владеење на правото (Ванковска, 2007:110).

Во основа издиференцирани се три институционални дизајни на политички демократрски системи на владеење и тоа: претседателски, парламентарен и мешовит (комбиниран) систем на владеење.[1] Демократските системи на владеење ги карактеризираат и силни и независни државни институции преку кои граѓаните се заштитуваат од самоволието на владејачките структури. „Институциите претставуваат социјално конструиран сплет на процедури и правила, кои рутински практикуваат и имаат однапред утврдена цел. Демократските институции претставуваат збир на правила и процедури за организирање на политичкиот натпревар, легитимирање на оние на власт и остварување на процесот на владеење" (Ванковска, 2007:103). Предку владеењето на правото и воспоставените правила на игра граѓаните си обезбедуваат гаранција за заштита на нивните слободи и права. Овие институции на државата постојат за граѓаните, а не граѓаните за нив. Меѓутоа, владеењето на правото некои можат да го перцепираат како „процедурален механизам кои оние што се на власт го користат за да владеат" (Udeh, 2014:32). Поради тоа владеењето на правото и почитта кон институциите треба да биде примарна цел на оние кои владеат, а не манипулација со истото. Тоа ќе овозможи еднаква примена на правото над сите. Односно, логично се наметнува тезата дека колку режимот е подемократски, толку е помал степенот на насилство врз граѓаните (Rummel, 2002) и обратно.

Своето задоволтво односно, незадоволство од владеењето на одредена владејачка елита граѓаните го изразуваат преку слободата на говорот, а се пренесува преку медиумите до пошироките народни маси. Вообичаено во демократските системи преку слободата на говорот и слободата на медиумите се мери и степенот на демократија која ја уживаат

[1] Повеќе за овие системи на владеење види кај Ванковска, Билјана. (2007). Политички систем. Скопје: Бомат Графикс.

граѓаните. На тој начин, граѓаните им ставаат до знаење на владејачките елити дали тие се согласуваат со некоја нивна одлука или не. На скоро сите демократски владејачки елити од големо значење им е поддршката на јавноста по однос на одредено прашање. Доколку, некоја владејачка елита се обиде да манипулира со граѓаните или да донесе некоја одлука која е спротивна на нивните интереси, тогаш народот прибегнува кон институционално решавање на проблемот. Доколку институционализацијата на проблемот не ги даде посакуваните резултати, тогаш граѓанинот прибегнува кон примена на ненасилството со цел да го принуди режимот да ја коригира својата одлука.

Примената на голем број на методи и форми на ненасилство се дозволени во демократските системи како легитимни механизми за одбрана и заштита на правата и слободите на граѓаните, како и за добивање на повеќе демократски права. Во одредени ситуации, граѓаните се стимулирани да ги користат овие ненасилни методи за да добијат поголеми права. Обично, работниците го користат штрајкот за да ги присилат работодавачите или власта да направи одредени отстапки во нивна корист. Студентите го користат бојкотот, протестите или штрајкот за да добијат поголеми бенефиции во рамките на образовниот систем. Меѓутоа, во демократските системи, овие методи и форми на ненасилство се применуваат кога институциите ќе затајат или нема да го решат постојниот проблем. Вообичаено кога се работи за некој законски спор за кој се смета дека е противуставен и на штета на граѓаните, институционалното решавање подразбира негово преиспитување од страна на предлагачот, односно укинување од законодавецот. Како трета инстанца се смета неговата суспензија, укинување или поништување од страна на органот кој е определен за чувар на Уставот и законите.

Секако, во демократските системи секогаш постои и правото да избираш или да бидеш избран преку слободни и непосредни демократски избори. Преку изборите граѓаните ја изразуваат својата волја по однос на актуелната владејачка структура дали ја поддржуваат или не. Во принцип, самите избори се одраз на успехот односно неуспехот на владејачката гарнитура да ја заштити демократијата или да им обезбеди повеќе права на граѓаните.

### 3.2. Недемократски системи

Еден од најгорливите предизвици е разликувањето на демократските од недемократските системи. Предизвикот е дополнително усложнет поради различното поимање на еден систем дали е демократски или не. Имено, за еден народ системот во кој живее е демократски, а за друг народ тој е недемократски. Како најточна констатација можеме да ја земеме онаа на Џорџ Орвел кој укажал дека поборниците на секој режим тврдат за него дека е демократски (Orwell, 1957). Во основа *недемократски системи* се оние системи кои се контролирани од мала група на луѓе и кои ја демонстрираат моќта на државата без никаква одговорност пред законите и народот. Тие ги ограничуваат иднивидуалните права и слободи на граѓаните, но некои (не сите) се стремат да обезбедат и некој степен на идеолошка, социјална или економска еднаквост (O'Neil, 2012). Меѓутоа, треба да направиме една динстинкција која се однесува на тоа дека не смееме да ја користиме флоскулата дека сите демократски системи се ненасилни, а сите недемократски системи се насилни (Rummel, 2002). Пристапот во класификацијата на недемократските системи на владеење е различна, но во основа тие можеме да ги класифицираме според тоа дали дозволуваат некои слободи и права или не. Во тој контекст можеме да

направиме дуална класификација на тоталитарни (кои не дозволуваат поразлично мислење од идеолошкото на владејачката елита) и авторитарни (кои дозволуваат некој степен на слободи и права). Пошироката класификација на недемократски системи ги опфаќа: апсолутиистичките, тоталитарните, диктаторските, автоктарските, авторитарните (Orlovic, 2008) и еднопартиските системи на владеење. Тука, во недемократските системи на владеење ќе го вброиме и колонијалниот систем како посебен систем на владеење кој егзистираше интензивно до средината на минатиот век.

Главна карактеристика на сите недемократски системи на владеење е тоа дека тие воспоставуваат високо централизиран државен апарат, со силна идеологија која воспоставува контрола врз државните институции, општеството и економијата. Тие најчесто го користат насилството за да воспостават, да ја одржат контролата и да ги оневозможат промените. Ова не значи дека сите насилни режими се тоталитарни. Недемократските режими најчесто се појавуваат во сиромашните и недоволно развиени земји каде не постои средната класа. Доколку таа класа ја има на почетокот, таа е осудена на пропаст поради поларизираниот однос на оние екстремно богатите кои владеат и сиромашните над кои се владее со репресија. Тие ја монополизираат политичката, економската и другата моќ во општеството и не се желни да ја споделат со други. Контролата врз политичката моќ ја спроведуваат на многу начини, притоа недвоумејќи се да ги елиминираат нивните политички и идеолошки противници, преку монтирани судски процеси или физичка ликвидација. Недемократските системи имаат слабо граѓанско општество, а оние кои владеат често пати се обидуваат да ги уништат зачетоците на граѓанското општество. Владејачлката елита во недемократските системи стравува од промени кои можат да и ја одземат моќта на владеење и контрола. За да се заштитат од

промените тие воспоставуваат систем на култ на личноста, на лидерот или монархистичко владеење. Понекогаш лидерот може да им додели одредени повластици на мал број на заслужни граѓани најчесто негови поддржувачи. Некои недемократски системи воспоставуваат и воен систем на владеење каде војската го има главниот збор во општеството и ги ограничуваат граѓанските права и слободи и ги забрануваат политичките партии и другите видови на организирано политичко дејствување кое е спротивно на владејачката идеологија (O'Neil, 2012).

Репресијата во различни форми кон граѓаните е присутна со помал или поголем интензитет скоро кај сите системи на владеење. Меѓутоа, демократските земји ја користат во послаб обем за разлика од недемократските режими. Секоја моќ во системите за владеење убива луѓе, но апсолутната моќ убива апсолутно. Без разлика колку и да е репресивен режимот кој владее, граѓаните секогаш со послаб или поголем интензитет му се спротивставуваат на тој режим. Притоа најчесто се користат ненасилните облици на спротивставување, затоа што „гневот“ на режимот кон ненасилството е послаб за разлика од ситуациите кога се применува насилство за спротивставување на режимот. Граѓаните своето ненасилно дејствување го манифестираат преку работничките односно синдикалните организации доколку е дозволено тоа, преку граѓанските здруженија, невладини организации, форуми на интелектуалци, студентски сојузи и слично. Ненасилната борба скоро секогаш е долготрајна и исцрпувачка и бара голема морална сила и истрајност. Добро познато е дека револуционерните промени во недемократските системи се многу посилно изразени отколку во демократските системи. А токму и целта на ненасилниот отпор во недемократските системи е замена на репресивниот недемократски систем со демократски средства без примена на насилство.

### 3.2.1 Тоталитарно владеење

Тоталитарното владеење се забележува уште од античко време (на пример во Спарта), а тоталитарни елементи истражувачите идентификуваат и кај христијанската религија во феудализмот. Поновата историја недемократско владеење го поврзува со Француската револуција од 1789 година и владеењето на теророт. Карактеристично за Француската револуција е тоа што таа се потпираше на еднаквоста, демократијата, човековите слободи и права, но од друга страна го оправдуваше и поддржуваше теророт против нејзините неистомисленици. Класична форма на недемократско тоталитарно владеење во дваесеттиот век се поврзува пред Втората светска војна со појавата на фашизмот во Италија, потоа со национал - социјализмот во Германија, сталиновото владеење во Советскиот сојуз, а после Втората светска војна со режимите на Пол Пот во Камбоџа, на Енвер Хоџа во Албанија, Мао Це Тунг во Кина, и Ким Ил Сунг во Северна Кореја.

Главна одлика на тоталитарните системи е тоа што режимите се стремат и успеваат во потполност да ја воспостават контрола над сите аспекти на животот на индивидуите (Ванковска, 2007). Во тоталитарните режими оние кои владеат воспоставуваат „контрола на сите аспекти на човековото живеење од политичките, економските преку социјалните и културните аспекти. Тие режими ја контролираат науката, образованието, уметноста и приватните животи на граѓаните до ниво на диктат на соодветни морални вредности“ (Udeh, 2014:33). Во овие системи моќта на владата е безгранична. Таа е сконцентрирана во една личност или во мала група на лица кои владеат. Тоа го постигнуваат со примена на тоталитарна пропаганда, употреба на тајната полиција и друг физички апарат на

принуда и теророт преку институциите на системот (Arendt,1973б). Елитата која владее во тоталитарниот систем не познава закони кои важат и за неа, а за граѓаните се што не е дозволено е забрането. Тие креираат систем на владеење кој се заснова на стравот од непослушноста, на стравот од недоволната верба во системот, човековите слободи и права, слободата на говорот и слободата на медиумите се строго контролирани и најчесто може да постојат само во декларативна форма. Пресметката со политичките неистомисленици е сурова и тие се судат според усвоените закони, кои најчесто се така креирани да ја заштитуваат владејачката елита (Rummel, 2002). Судскиот систем е силно зависен од владејачката елита и работи најчесто под нејзин диктат. Функционирањето на тоталитарните системи многу реалистично е опишан од страна на Франц Кафка во неговото дело „Процес". Иако ова дело е напишано пред човештвото да ја запознае суровоста на тоталитарното владеење во новото време, во него е дадена реалистична слика за тоа како луѓето се судат без да знаат и самите за што се обвинети. Оние кои се во служба на режимот и се задолжени за процесот најчесто не знаат што треба да се прави и чекаат наредби од повисоко ниво. Тоталитарните владетели најчесто ги променуваат тие постапки за да се пресметаат со секој оној на кој ќе падне сомнеж дека е противник на режимот.

За време на владеењето на Сталин во Советскиот сојуз (1929-1953 година) убиени беа над 20 милиони луѓе од политички причини. Во нацистичка Германија (1933-1945 година), Хитлер е одговорен за систематското уништување на над 6 милиони евреи, роми, хомосексуалци и други групи на народи. Додека пак на Пол Пот целна група на пресметка му биле образованите луѓе (Rummel, 2002). Тоа не наведува на заклучок дека тоталитарните режими се „плашат" од образован народ и интелектуалци кои се синоним за прогрсивни промени во едно општество.

Во такви услови на владеење скоро е невозможно јавно да се манифестира незадоволство преку ненасилство, а уште помалку со примена на сила. Тоталитарниот режим сурово се пресметува со секој облик на отпор. Режимот ги дозволува само оние протести кои се насочени кон неговата поддршка и се организирани од него.

Сепак, граѓаните успеваат да се организираат во граѓански, спортски здруженија или други облици на здружување преку кој манифестираат некоја поблага форма на ненасилен отпор кон режимот. Организирањето на штрајкови, протести или други форми на ненасилство се сузбива во самиот зародиш. Доколку истото се појави во помасовни размери тогаш режимот крваво го задушува. Индивидуалниот отпор егзистира, но неговото влијане е сосема безначајно и не го засега режимот. Во овие системи масивноста во манифестирањето на ненасилството е клучно за успехот во борбата за поголеми права и слободи. Овие системи се плашат од масовност и масовни собири, затоа што доколку дојде до тоа голема е веројатноста режимот да биде срушен.

### 3.2.2 Авторитарни системи

Авторитатните системи на владеење во основа не се потполно тоталитарни. Главна карактеристика е практикувањето на власта без правни ограничувања за оние кои владеат. Власта е концентрирана во мал број на луѓе и тие се неприкосновени во нивното владеење. Концентрацијата на власта може да биде во рацете на еден властодржец, на одредена олигархија – воена хунта или партија или во рацете на една елита. Тие имаат голем степен на слободно одлучување што во секој момент можат да го отфрлат правно издржаното толкување на законите.

Меѓутоа, авторитарниот систем, за разлика од тоталитарниот, не претендира да завладее со сите аспекти на општеството преку мобилизација на општествените актери, собрани околу режимските организации, ниту пак сосема ги сузбива другите форми на организирање (Ванковска, 2007).

Авторитарните системи дозволуваат одредени форми на здружување се додека тоа не се протолкува како закана за режимот. Тие може да воведат некои забрани од културен или религиозен аспект, но се уште постојат одредени области каде што луѓето или групите се слободни да се организираат. Тоа најчесто се однесува на економското здружување и остварувањето на профит, културното и уметничкото здружување, луѓето може да се образуваат и да ги изучуваат модерните науки, да се организираат спортски манифестации и натпревари. Во секој случај, сите овие настани и здружувања се контролирани од страна на режимот. Меѓутоа, во овие режими постојат ограничени политички слободи и забрана за здружување на граѓаните во политички партии. Некои режими си „играат“ демократија колку да го подобрат својот имиџ пред меѓународната заедница. Во тие случаи оној кој е на власт ја добива поддршката од народот. Во основа сето тоа е строго контролирано од владејачката елита. Тие се повикуваат на традицијата, дозволуваат ограничени слободи и политички натпревар и спроведуваат одредени културни и религиозни норми (Rummel, 2002).

Друг карактеристичен елемент е тоа што владејачката елита се одржува на власт преку наследство, со насилен преврат или со забрана на политички натпревар. Овие режими не се преоптоваруваат со идеологија како кај тоталитарните системи (Ванковска, 2007). Власта се одржува вонисцтитуционално и надвор од уставот и законите, кои најчесто се само од декларативен карактер. Најчесто се користи изговорот дека апсолутната

власт е потребна за да се заштити државата од надворешните и внатрешните непријатели. Поради тоа доаѓа и до ограничување или суспензија на одредени права и слободи на граѓаните.

Медиумите се контролирани од власта и најчесто постои цензура во информациите. Меѓутоа, со развојот на интернетот, граѓаните имаат достапност до одредени интернет информации кои властодршците не ги ценат како закана. Во последните настани во Северна Африка и на Блискиот Исток, каде што беше силно манифестиран ненасилниот отпор против авторитарните системи се покажа дека пристапот до интернет и социјалните мрежи одиграа клучна улога во организирањето на ненасилниот отпор. Овие настани докажаа дека теоријата за ненасилство во борбата против недемократските системи на владеење може да функционира (Flintoff, 2013). Тоа се случи во 2011 и во 2012 година во Тунис и во Египет, каде граѓаните се организираа на протести токму преку интернетот и социјалните мрежи. Во екот на протестите, авторитарните режими го забранија пристапот кон интернетот и кон социјалните мрежи. Меѓутоа, манифестацијата на ненасилниот отпор не можеше да се спречи.

Посочените настани се типичен школски пример дека и авторитарните режими се ранливи на масовното манифестирање на ненасилниот отпор во борбата за поголеми демократски права и слободи на граѓаните. Во секој случај треба да потенцираме дека авторитарните системи го користат физичкиот апарат на принунда на државата, најчесто полицијата и тајната служба, а во одредени случаи и армијата. Меѓутоа, употребата на армијата во справувањето и сузбивањето на ненасилниот отпор на граѓаните е „дамаклов меч". Народот во принцип ја почитува армијата затоа што таа произлегува од народот и е во служба на народот. Граѓаните во неа најчесто имаат најголема доверба и потешко посегнуваат кон методите за спротивставување против неа. Доколку останатите

структури, како полицијата, тајната полиција или другите полувоени формации употребат прекумерно насилство, армиските лидери може да се дистанцираат од употребата на сила против сопствениот народ и да застанат во поддршка на барањата на граѓаните за поголема демократија. Тоа впрочем и се случи и во Тунис и во Египет, кога армискиот естаблишмент се дистанцира од авторитарните власти и не дејствуваше против сопствениот народ. Тоа беше доволен мотив граѓаните уште позасилено да го манифестираат ненасилниот отпор против владејачката елита и да ги срушат авторитарните системи без примена на насилство и да си обезбедат поголеми слободи и права (Bogaert, 2013).

### 3.2.3 Колонијален систем на владеење

Колонијалниот систем ќе го обработам како посебен вид на недемократско владеење со кој моќните колонијални сили владееле со окупираните земји. Овој систем го класифицирам како недемократски пред се поради неговата природа на владеење преку насилство и примена на воени или посебни закони. Истиот бил актуелен од 16 до средината на 20 век, иако остатоци од колонијално владеење може да се сретнат и денес.

Колонијалното владеење најчесто се претставува како воспоставен систем на експлоатација, одржување, аквизиција и ширење на колонијата на една територија преку употреба на политичка сила од страна на друга држава. Колонијалниот систем на владеење воспоставува нерамноправни односи меѓу колонијалната сила и колонијата како и меѓу колонистите и домородното население (Osterhammel, 2005). Колонистите ги имаат сите права во колонијата и се однесуваат господарски врз домородното и

поробено население кое нема никакви политички ниту економски, социјални или други права. Колонијалистите најчесто воспоставуваат воена управа на владеење која не се двоуми да ја користи репресијата за да го зачува мирот и да ја сузбие секоја идеја за ослободување. Домородното население најчесто е третирано ропски и експлоатирано со минимална или без никаква надокнада.

Колонијалниот систем на владеење овозможил плодна почва за практична манифестација на ненасилството и ненасилниот отпор на домородното население против репресивните колонијалисти и нивното владеење. Историјата покажа дека правата сила на ненасилството се манифестира токму во колонијалните системи на владеење каде домородното население преку ненасилниот отпор извојува победа и се избори за независност. Најпрепознатливи односно први примери на ненасилен отпор се оние во колонијална Индија во триесеттите и четириесеттите години на минатиот век.

### *3.3. Манифестација на ненасилен отпор на граѓаните во демократските и недемократските системи на владеење во XX и XXI век*

Примери на манифестација на ненасилниот отпор има многу, но во овој дел ќе обработиме некои маркантни примери на ненасилен отпор во дваесеттиот век кои се случија во демократските и недемократските системи на владеење. Истите оставија историски белег и во вистинско светло ја покажаа силината на народот и на ненасилството наспроти насилството.

### 3.3.1 Ненасилниот отпор на Badhshah Khan во Индија- Пакистан 1915- 1948 година

Долго време маргинализиран, прикриван и скоро заборавен е примерот на ненасилниот отпор на почетокот на XX век на Паштуните во Пакистан под водство на Badhshah Khan. Звучи по малку незамисливо највоинственото племе на планетата земја да го спушти оружјето и да се потпри на ненасилството како метод за постигнување на целта. Меѓутоа, тоа се случило токму на северозападната гранична провинција на тогашната Индија, денешен Пакистан. Имено, како одговор на британското колонијално владеење и репресија, Badhshah Khan започнал процес на едукација на Паштуните. Неговата девиза била дека образованите луѓе потешко се угнетуваат. Тој ги убедил Паштуните во моќта на ненасилството против насилството преку зборовите „јас ќе ви дадам оружје на кое ни полицијата ниту армијата нема да бидат способни да се спротивстават. Тоа е оружјето на Пророкот, но вие не сте свесни за него. Тоа оружје е трпението и праведноста. Не постои сила на земјата која може да се спротивстави на него“ (Khan како во Nimer, 2004). На тој начин тој успеал да ги убеди Паштуните да го остават оружјето и да се приклучат на неговата „ненасилна армија“ (позната како „Слуги на господ“) и на Гандиевата граѓанска непослушност против британскиот колонијален систем.

Во 1919 година, Badhshah Khan ги предводи демонстрациите против Британците, при што беше уапсен и осуден на три години затвор. После излегувањето од затвор, Badhshah Khan ја организира својата ненеасилна армија која броела над 80 000 членови и сите биле облечени во униформи – „Црвени Кошули“. Оваа армија се борела со примена на ненасилни

средства и отпор против репресијата на британското колонијално владеење. Во основа тоа била првата професионална ненасилна армија во светот (Easwaran, 1999).

Британските колонијални власти ги третирале Паштуните како дивјаци. После прогласувањето на независност на Индија од страна на Ганди во 1930 година, британските колонијални власти ги изолирале границите и започнале насилна репресија против граѓанската непослушност. И покрај сета репресија, припадниците на ненасилната армија останале смирени и ненасилни. Репресијата единствено придонесла за зголемување на бројот на поддржувачи на ненасилната борба. Неможејќи да се справат со ваквиот отпор, британските колонијални власти го апсат Khan во 1930 година. Ова апсење предизвикува масовни демонстрации на главниот плоштад во Peshawar. Во моменти на страв и паника, британските трупи започнуваат да пукаат во демонстрантите и според проценките убиваат од 200 до 300 невооружени Паштуни (Flinders, 2005). Во контекст на овие настани, Gene Sharp во својата студија за ненасилство ќе истакне дека „Кога оние напред паднаа долу повредени и ранети од истрелите, оние позади нив со нивните гради истапуваа и се изложуваа на истрелите, едни по други"(како во Easwaran, 1999:123). И во овој случај припадниците на ненасилната армија на Khan останале ненасилни. Ваквиот ненасилен отпор на Khan надополнет со граѓанската непослушност на Ганди неколку години подоцна доведоа до потпишување на примирје кое им даде за право на Индијците да ги избираат нивните провинцијални влади. После примирјето, Khan остана надвор од политиката и се посвети на реформите во селата. Во 1947 година, провинцијата на Khan стана дел од Пакистан. Меѓутоа, ненасилната борба на самиот Khan против воените диктатури не престана. Неговиот живот се базираше на принципите на ненасилство и вербата дека највисоките

религиски вредности на исламот се длабоко компатибилни со ненасилството кое има моќ да ги трансформира конфликтите. Тој во неколку наврати беше затворан од воено диктаторските режими на Пакистан поради демонстрирањето против истите (Flinders, 2005).

Khan на најдобар начин ја демонстрира моќта на ненасилството преку петте митови кои се заеднички за ненасилството дури и денес и тоа: дека ненасилството е оружје на слабите; тоа функционира само против „учтив“ противник; за него нема место за насилство; дека тоа не е само оружје на Исламот туку и на сите останати религии и дека ненасилството подразбира протестирање и несоработка (Nagler, 2013).

### 3.3.2 „Гандизмот“ на Махатма Ганди

Друг препознатлив пример е ненасилната борба за независност на Индија од британскиот колонијализам предводена од Махатма Ганди. Овој вид на ненасилна борба е познат како „Гандизам“. Заедно со Khan, Ганди ја предводи борбата за независност на Индија од британскиот колонијализам исклучиво со примената на методите и формите на ненасилниот отпор. Најприменуван метод му е граѓанската непослушност. Имено, Ганди во 1914 година се враќа во Индија каде станува лидер на Индискиот национален конгрес во 1920 година. Неговата филозофија за примената на несоработката и ненасилството се среќава во неговата позната книга „Hind Swaraj“ објавена во 1909 година. Тој потенцирал дека „британскиот колонијализам бил воспоставен во Индија во соработка со Индијците и преживеал единствено врз основа на соработката. Ако Индијците одбијат да соработуваат, тогаш и британскиот колонијален систем ќе колабрира“ (King, 2013:168-169).

Целта на Ганди била да им помогне во протестот на сиромашните фармери и работници против угнетувачките и неправедни даноци и дискриминацијата. Тој се бореше за намалување на сиромаштијата, слобода за жените и ставање на крај на кастинската дискриминација. Воведувањето на низата на закони познати како „the Rowlatt Acts“ од страна на британските колонијални власти, го поттикна Ганди во 1919 година да ја промовира новата политика на ненасилство позната како “satygraha” која привлече милиони следбеници. „The Rowlatt Acts“ дозволуваа одредени политички случаи да бидат решавани без судење и без организирање на судски процес во кој би учествувал обвинетиот. Со овој акт беа озаконети и легализирани репресивните одредби од воениот Одбранбен акт за Индија од 1915 година (Encyclopedia Britannica, 2014).

Ваквиот потег на Британските колонијални власти предизвика низа протести кои кулминираа со познатиот Амристар масакар од страна на британската војска. Со доаѓањето на чело на Индискиот национален конгрес, Ганди ја прокламира политиката на несоработка со британските колонијални власти која вклучуваше бојкот на британските производи и институции. Во 1930 година, Ганди ја прокламира новата политика на граѓанска непослушност во знак на протест против воведувањето на данокот на сол. Тој го повика индискиот народ да го избегнува плаќањето на даноците и другите давачки кон колонијалните власти. Во рамките на оваа кампања на ненасилство и несоработка, Ганди го организираше и го предводеше познатиот „Марш до морето“ со намера симбилично народот да си направи своја сопствена сол од морето. Овој марш предизвика огорченост кај британските колонијални власти кои не се воздржаа во примената на насилство за да го спречат. Примената на насилство од страна на британците беше стандардна постапка во зачувувањето на мирот. Меѓутоа, британската јавност изврши политички притисок против

употребата на насилство против невооружените мажи, жени и деца (Nagler, 2001). И покрај сите репресивни акции кои беа преземени од страна на британските колонијални сили за да се сузбие ненасилниот отпор на Ганди, тој успеа да им оддолее. Ненасилниот отпор и несоработката останаа ненасилни до крај и успеаја да ја „клекнат на колена" моќната Британска Империја. Голем дел од аналитичарите, ваквата политика на ненасилство и несоработка на Ганди многу често ја поимаат како „политика на морален гест" (Schell, 2003:129), поради тоа што се потпирал на манифестацијата на моќ и прифатил преговори со британците на рамноправна основа (Mattaini, 2003).

Во 1932 година, Ганди заедно со Khan успеваат да се изборат за правото народот во Индија да ги избира провинцијалните влади. Ваквата политика на ненасилство доведе до прогласување на независност на Индија во 1947 година и до нејзина поделба на две држави по религиозна основа – Индија и Пакистан (BBC History, 2014).

Методите и техниките на несоработка и ненасилство на Ганди извојуваа големи историски победи над моќните британските колонијални власти. Во своите многубројни натписи за несоработката ќе истакне дека таа е обид да се разбудат масите за чувството на нивниот дигнитет и моќ. Ова може само да им овозможи да сфатат дека тие не треба да се плашат од бруталноста на силните ако тие сакаат и знаат во својата душа. Несоработката е протест против неволното и непосакуваното присуство на злото. Несоработката со злото е исто така должност како и соработката со господ (Gandhi, 1939). Ганди силно потенцира дека несоработката мора да биде исклучиво ненасилна и посилна од физичкиот отпор или насилството. На тој начин таа ќе постигне одлични или генијални резултати (Gandhi, 1924).

Ненасилството и несоработката на Гандиевата политика станаа инспирација и водилка за многу други светски активисти и борци за правда и слобода, како Нелсон Мандела во Јужно Афричката Република, Мартин Лутер Кинг, кој ги примени методите и техниките на ненасилство и несоработка на Ганди за остварување на правата на црнечката популација и отстранување на расната поделеност во САД.

### 3.3.3 Ненасилниот отпор против нацистите

Недемократските режими, како тоталитарните, авторитарните, диктаторските, автократските, низ историјата се познати како најжестоки противници против оние кои мислат спротивно на официјалната идеологија. Меѓутоа, и покрај сите репресивни мерки кои ги преземаат режимите, тие не можат во потполност да го елиминираат отпорот на граѓаните во одбрана на нивните права. Еден од најбруталните и најсмртоносни режими кој сурово се справуваше со секој вид на отпор, вклучително и ненасилниот беше нацистичкиот режим во Нацистичка Германија пред и за време на Втората светска војна. За да се пресмета со неистомислениците, нацистите прво ја ликвидираа политичката опозиција и формираа концентрациони логори каде првично биле затварани политичките неистомисленици, а потоа и останатите противници на режимот. Иако нацистичкиот режим имал тенденција, не успеа во потполност да воспостави тотална контрола над општеството. И покрај ваквата поставеност, сепак историчарите препознаваат мноштво на примери кои се окарактеризирани како методи и форми на ненасилен отпор кон режимот (Mallman &Paul, 2005).

Имено, ненасилниот отпор во Нацистичка Германија го организирале и предводеле граѓаните кои не се сложуваа со нацистичката идеологија, унионистите, социјалдемократите, воениот персонал, младината и религиозните групи како и конзервативците и евреите (Stratford, 1987). Овие припадници на отпорот во нивното дејствување имаа многу заеднички елементи со ненасилството. Религиозните групи преферираа ненасилен отпор, претежно заснован на пацифистичките сфаќања, додека други припадници на отпорот како социјалдемократите го користеле слободниот говор. Некои од нив доставувале и корисни информации на Сојузниците. Во одредени земји кои биле под нацистичка окупација, беа применувани, штрајкови, саботажи, диверзии дури и партизанско војување (поранешна Југославија).

Во рамките на нацистичката армија постоел отпор кој го организирале офицерите. Тој отпор вклучувал пречутно одбивање на извршување на некои наредби, бавно извршување на должностите, оддавање на информации до Сојузниците со цел да се ослаби нацистичката држава и побрзо да се заврши војната (Thomsett, 1997:60). Високите офицери дури имале 42 неуспешни атентати врз Адолф Хитлер (Moore, 2014:60).

Во концентрационите логори (Бухенвалд) логорашите – комунисти организирале штрајк и ја забавувале принудната работа. Во други концентрациони логори се криумчареле и дистрибуирале печатени весници. Католичките свештеници организирале бегства на затвореници од логорите, ги криумчареле евреите на сигурни места и доставувале разузнавачки информации до Сојузниците (Thomsett, 1997: 57-66).

Нацистичката партија имала тенденција да биде партија на малдите, но ненасилниот отпор се појавил и кај дел од младината, која ја слушала забранетата музика и ги исмејувала нацистичките слогани и на тој начин

спроведувала еден вид на ненасилен културен отпор. Студентите организирани во движењето „бела роза“ започнале еден вид на ненасилен „морален отпор“ со цел да ја разнишаат вербата на народот кон фирерот. Потоа печателе и дистрибуирале забранети весници, изведувале саботажи, предизвикувале немири, изведувале улични маршеви и пишувале графити, одбивале сработка со нацистичката партија и одбивале истата да ја финансираат (Dumbach&Newborn, 2011:127-133).

Во окупираните држави ненасилниот отпор се организирал различно. Така во Данска, ненасилниот отпор се манифестираше преку штрајкови на работниците, блокади со цел да се забави производството за потребите на нацистичката армија. Во Норвешка пак успешно се применуваше ненасилен отпор во смисла на одбивање потчинување на нацистичките укази, употреба на фалсификати, како и печатење на илегални весници (Branagan, 2014). Во Холандија биле организирани помали протести против рестрикцијата на храна. Во Франција бил организиран отпор кој помагал во инфилтрирањето на сојузничките агенти, изведувале саботажи, диверзии и слично со цел да се забават или деморализираат нацистичките сили.

Интересен е фактот што против нацистичкиот режим во текот на Втората светска војна многу малку е користен економскиот бојкот и санкциите како специфични методи и форми на ненасилниот отпор. Голем број на корпорации[2] испорачувале воени материјали, стоки и услуги и на нацистичка Германија и на Сојузниците. Меѓутоа, не се пројавил интерес за да се применат овие методи и форми на ненасилен отпор и да се принуди нацистичкиот режим на отстапки.

[2] Union Banking Corporation, The Rockefellers' Standard Oil of New Jersey and Standard Oil of New York (Exxon – Mobil), International Telephone and Telegraph, The Chase Bank, Barclays Bank, the Bank of England, J.P. Morgan and Warburg Manhattan Bank, Ford and Opel, Coca Cola, General Electric, General Motors и многу други корпорации чии седишта беа претежно во САД и Велика Британија.

### 3.3.4 Студентските протести во Франција во 1968 година

Слободарскиот и критичкиот дух на бунтовната младина стана движечка сила на ненасилната борба за поголеми социјални права и слободи на граѓаните во демократските системи. Студентите скоро секогаш се поддржани од работничката класа во манифестирањето на ненасилниот отпор. Токму тие две категории на луѓе се движечка сила на позитивните и напредни реформи во секое општество. Тоа впрочем се случи и со протестите на студентите во Франција во 1968 година.

После Втората светска војна, во Франција се уште на власт беа конзервативните сили кои се потпираа на традиционалната поврзаност на државата со религијата, почитта кон власта и патриотизмот. Ваквата ситуација беше кочничар на слободниот и демократски дух на студентите.

Протестите започнаа во март месец 1968 година, кога една мала група на еминентни уметници и околу 142 студенти ја „окупираа" зградата на универзитетот Нантер во Париз (Schwarz, 2008a). Овие т.н. ентузијасти беа револтирани од цврстата државна и бирократска контрола врз образованието и неговото класно и дискриминаторско финансирање притоа силно критикувајќи го тоталитаризмот и западниот капитализам. Француските власти реагираа ригорозно со интервенција на полицијата, притоа отстранувајќи ги протестантите од просториите на Универзитетот. Ваквиот чин на француската полиција претставуваше иницијална railsкаписла за продлабочување на судирот меѓу студентите и власта.

Ситуацијата кулминира на 10 мај, кога власта ги затвори универзитетите во Нантер и во Сорбона, а министерот за внатрешни работи изјави дека „улиците мора да бидат исчистени за сообраќај"

(Steinfels, 2008). Оваа одлука предизвика револт кај над 20 000 студенти кои на повик на студентските сојузи, а поддржани од универзитетските професори излегоа на протестен марш против ваквата одлука и одбрана на автономијата на универзитетите. Меѓутоа, демонстрациите излегоа од контрола и дојде до судир меѓу демонстрантите и полицијата при што беа повредени и брутално претепани над 300, а уапсени стотици студенти. Во поддршка на студентите, наредните денови излегоа на протест и средношколците и работниците со барања да се ослободат уапсените студенти и да се отворат затворените универзитети. Ситуацијата беше дополнително подгреана со информациите дека меѓу демонстрантите има уфрлени „демонстранти – провокатори“ од страна на полицијата кои имаа за цел да ги радикализираат протестите, а притоа протестантите да ги изгубат симпатиите кај народот (Steinfels, 2008).

Студентите ги освоија симпатиите на јавноста, а во поддршка почнаа да им се приклучуваат и левоориентираните граѓани. На 13 мај бројот на демонстранти нарасна на над милион граѓани кои демонстрираа низ улиците на Париз. Наоѓајќи се во ваква ситуација, владата прави отстапки и го отвора Универзитетот во Сорбона. Студентите ја „окупираа“ Сорбона и прогласија „автономен народен универзитет“.

Охрабрени од успесите на студентите, во штрајк стапуваат и над 200 000 работници кои ја прекинаа работата во над 50 поголеми фабрики. За една недела оваа бројка порасна на околу 8 милиони штрајкувачи во целата држава, кои побараа поголеми работнички права и поголеми плати (BBC,1968b). Ситуацијата ескалира на 24 мај кога демонстрантите поставија повеќе барикади низ улиците на Париз, и истакнувајќи црвени „револуционерни“ знамиња. Истиот ден Де Гол им се обрати на студентите преку телевизија и притоа ги повика демонстрантите на почитување на законот и редот затоа што ако биде приморан ќе употреби

и воена сила за да воспостави ред во државата (BBC, 1968a). Неговиот говор немаше никакво влијание врз демонстрантите.

На 30 мај Де Гол им се обраќа на демонстрантите преку радио пренесувајќи им дека го распуштил народното собрание и распишал предвремени избори за 23 и 30 јуни. Наоѓајќи се во безизлезна ситуација и под притисок на студентските и работничките барања за негова оставка, Претседателот Шарл де Гол, тајно заминува во посета на воената база Баден Баден со цел да побара ангажирање на француските сили стационирани во Германија за да се разбијат демонстрациите, притоа на маса оставајќи ја својата оставка (Schwarz, 2008b).

Меѓутоа, по некое непишано правило, истиот ден, интензитетот на протестите започна да слабее, а студентите, работниците и останатите изморени од месечните протести почнаа да си разотидуваат. Протестите во Франција официјално беа сузбиени во средината на јуни 1968 година од страна на полицијата. Меѓутоа, студентите и работниците ја покажаа моќта на ненасилниот отпор и борба организирајќи дотогаш најмасовни протести и штрајкови кои ја парализираа моќната економија на Франција. Тие скоро успеаја да ја срушат владата. Претседателот Де Гол успеа да „преживее“, а една година подоцна поднесе оставка. Протестите придонесоа за трансформација на политиката на Франција во доменот на социјалата, образованието и правата на работниците. Последиците од протестите се чувствуваа и во наредните децении и придонесоа Франција да се трансформира од конзервативна во либерална држава (Brown, 1974).

### 3.3.5 Ненасилниот отпор во земјите членки на Варшавскиот договор

Ненасилниот отпор се манифестираше и во рамките на земјите членки на Варшавскиот договор во текот на неговото постоење. Во голема мера на сигурност може да се каже дека ненасилниот граѓански отпор придонесе за неговото расформирање. Позабележителни историски примери се настаните во Унгарија во 1956 година, во Чехословачка 1968 - 1969 година, во Полска 1980 – 1989 година, како и настаните кои го означија падот на Берлинскиот ѕид од 1990-1991 година.

Борбата на унгарскиот народ за поголеми права и слободи во рамките на „челичната стега" на комунистичкиот систем дојде до израз во периодот од 23 октомври до 10 ноември 1956 година. Оваа т.н. „револуција" започна како протест на работниците со барање за економски и политички реформи. Обидот на бирократскиот и недемократски режим со сила да ги растури работничките протести предизвика контраефект при што на страната на претестантите се приклучија, студентите, младината, интелектуалците дури и цели единици од унгарската армија. Тоа предизвика пад на прокомунистичката влада и формирање на привремена влада на чело со Имре Наѓ. Меѓутоа, на 4 ноември доаѓа до воена интервенција од страна на советските сили кои до 10 ноември успеваат крваво да ја задушат оваа „револуција". Ненасилниот отпор уште еднаш ја демонстрира силата против диктаторски режим, но беше поразен со употреба на воена сила. Меѓутоа, слободарскиот дух и желбата за поголеми права и слободи беше цврсто демонстрирана и платена со крв (Matuvulj. 2013).

Десет години подоцна, ненасилниот отпор на еден народ повторно разниша еден диктаторски режим во Варшавскиот пакт. Во 1968 година, во Чехословачка на власт доаѓа прореформски настроениот Александар Дубчек. Политиката на реформи на Дубчек беше примена со симпатии од страна на чесите и словаците кои се надеваа на поголеми права и слободи. Меѓутоа, режимот во Москва реформската политика на Дубчек ја виде како закана по комунистичката идеологија и одлучи да дејствува слично како во Унгарија пред десетина години. На 21 август под изговор дека чехословачките комунисти побарале помош, силите на Варшавскиот договор предводени од СССР воено интервенираа во земјата со цел да го вратат на власт промосковскиот комунистички режим во Прага. Ненасилната борба на чесите и словаците започна со одбивањето на Претседателот да потпише документ кој му го доставија инвазионите сили, а Националното собрание побара повлекување на инвазионите сили и ги повика работниците на штрајк и на несоработка. Вработените во медиумите одбиваа да објават монтирани соопштенија. Железничарите намерно го забавуваа железничкиот транспорт, граѓаните намерно ги вадеа ознаките на улиците и броевите на куќите и буквално започнаа да ги игнорираат инвазионите сили. Едноставно, инвазионите сили не можеа да најдат доволен број на соработници за да воспостават режим. Ваквиот ненасилен отпор на граѓаните успеа да издржи скоро осум месеци бранејќи ја реформската политика на Дубчек. Ненасилниот отпор, конечно беше скршен во април 1969 година кога падна владата на Дубчек и на власт дојде тврдото комунистичко крило (Шарп, 1994).

После крајот на сталинистичката ера во Полска започнува да се организираат интелектуалците против комунистичкиата репресија. Тие започнале да објавуваат тајни билтени и весници и да се обезбедуваат информации за фактите кои се искривени или се скриени од страна на

комунистичката пропаганда, и да се воспостави сопствена политичка програма. Тие во целост биле против режимот и подготвувале илегално нова држава.

Друг позитивен елемент за успехот на ненасилниот отпор била вербата во религијата која ја имале полјаците, а режимот не успеал тоа да го сузбие. Оваа обединета ненасилна борба полскиот народ ја водел со децении. Реузлтатите од ваквото организирање и ненасилен отпор кулминираа со низа на штрајкови во Државната авијација во Швидник, во бродоградилиштето во Гдањск и во околу 750 локации ширум земјата (Kramer, 2011). Тоа доведе до колапс на полската економија. Режимот во Полска воспостави цензура во медиумите, ги прекина телефонските врски и започна со отпуштање на штрајкувачите. Тоа само ги охрабри штрајкувачите да продолжат со штрајкот и да привлечат повеќе поддржувачи. Работниците го организираа и го дистрибуираа нелегалниот весник „Работник", а го искористија и радио Слободна Европа за да ја прошират веста за штрајкот.

Во своите барања работниците го истакнаа и формирањето на независен сидникат, нешто дотогаш непознато во комуниситчките држави. Официјално независниот синдикат „Солидарност" беше формиран на 31 август 1980 година. Бројот на поддржувачи вртоглаво растел и достигнал бројност од околу 8 милиони членови. Тоа му овозможило тој да стане повеќе од синдикално движење и полека почнал да се вклучува и во политиката. Солидарност беше симбол на успехот на ненасилниот отпор на граѓаните во борбата за поголеми права и слободи во еден недемократски режим. Меѓутоа, режимот по секоја цена се обидуваше да го сузбие Солидарност и во тоа успеа една година подоцна со воведување на воена состојба во Полска. Одговорот на работниците и на членовите на Солидарност на ваквата мерка на власта беше јавно откажување од

членството во комунистичката партија и организирање на други мирни штрајкови и протести (Kramer, 2011).

Во 1980 година, Солидарност користеше низа техники на ненасилен отпор во справувањето со комунистичкиот режим. Тие применуваа протести, летоци, знамиња, пароли, паради, маршеви, забавување на работата, штрајккови, нелегални социокултурни институции, користење на алтернативна литература, прослава на забранети годишнини, сатира, хумор, над 400 нелегални весници кои беа дистрибуирани во милионски примероци, и инернационализација на борбата за солидарност (Bartkowski, 2009).

Настаните во Унгарија, Чехословачка и особено во Полска како и многу други настани во земјите од Варшавскиот пакт беа предвесници на настаните кои се случија во почетокот на деведесетите година на XX век и падот на Берлинскиот ѕид. Имено, ненасилниот отпор против долгогодишните недемократски режими беше силно манифестиран во овој период во скоро сите комунистички земји во Европа. Народот масовно протестираше на улиците барајќи крај на недемократското владеење и повеќе слободи и права за граѓаните. Режимите во скоро сите комунистички земји почнаа да паѓаат еден по еден пред налетот на ненасилството на сопствените народи. Овие настани се една успешна приказна која покажа како најмоќниот воено политички сојуз во историјата на човештвото беше „срушен" и долгогодишните недемократски режими беа симнати од власт без ниту еден испукан куршум.

### 3.3.6 Ненасилниот отпор на просторите на поранешна Југославија

Периодот на шеесеттите години на минатиот век беше период на длабоки општествени, политички, воени, социјални, образовни и други превирања кои го зафатија со помал или поголем интензитет скоро целиот свет. Тоа беше период кога силно беше демонстрирана моќта на ненасилниот цивилен отпор на граѓаните во одбрана и заштита на нивните права и слободи. Овој бран на барања за прогресивни промени ги зафатија и државите на просторот на поранешна Југославија.

Манифестацијата на ненасилниот отпор првенствено беше изразена преку штрајковите и протестите, кои пак за тогашното раководство беа без-предметни и незамисливи. Имено, тогашната идеологија на општествено самоуправување не можеше да разбере како граѓаните можат да бидат незадоволни од правата во систем во кои самите управуваат. Меѓутоа, настаните од шеесеттите години и подоцна покажаа дека постои длабока разлика меѓу теоријата на државното раководство и праксата на граѓаните.

Тогашниот еднопартиски режим на манифестацијата на штрајкови, протести или други методи на ненасилен отпор реагираше експресно преку репресивниот апарат на државата (полицијата) и цензура на медиумите. Студентите понесени од тогашниот бран за прогрес во Европа започнаа да се самоорганизираат и за протести во јуни 1968 година. Причини за незадоволството имаше многу, а како главни студентите ја нагласуваа крупната општествена диференцијализација на југословенското општество, проблемот на невработеноста, зголемувањето на приватната сопственост и незаработеното богатство на еден општествен слој,

неподносливите услови на голем дел од работничката класа и потребата конзистентно да се спроведе принципот на распределба секому според трудот (Perlman, 1969).

Немирите започнаа кога една група на студенти револтирани поради тоа што не им бил дозволен влез на една универзитетска забава (под изговор за малиот простор и предноста за влез што ја имаа останатите гости), реагираа жестоко. Тоа доведе до физичка пресметка помеѓу студентите од една страна и партиските и други шефови од друга страна на што реагираше полицијата. Забавата беше прекината, а полицијата брутално реагираше тепајќи ги и едните и другите. Тоа предизвика дополнителен револт кај студентите кои наредниот ден се самоорганизираа и тргнаа на марш по улиците во Белград. Режимот жестоко се спротивстави на маршот и им забрани на студентите да маршираат по улиците на Белград притоа употребувајќи и огнено оружје. Меѓу студентите имаше и жртви. Во поддршка на студентите им притекнаа и голем дел од универзитетските професори кои одлучиле да ја прекинат наставата и да стапат во штрајк. Така, студентите од обидот за улични протести се преориентираа кон штрајк во рамките на универзитетот. За цело време на штрајкот полицијата ги држеше под опсада објектите на универзитетот. Студентите беа детално претресувани при влез и излез во универзитетот и без причина беа дури и претепувани (Popov, 1983).

Медиумите преку своите цензурирани текстови не им ја пренесоа реалната ситуација на остатокот од граѓаните. Печатот уште еднаш успеа да ги искриви настаните на универзитетот. Во медиумите студентите беа претставувани како „група криминалци кои протестираат“; „на студентите не им се учи“ и дека студентите се борат за да ги подобрат своите сопствени материјални услови. Весниците не цитираа ниту еден единствен

говорник кој зборуваше за неоправданите општествени разлики (Perlman, 1969).

Штрајкот официјално траеше седум дена и беше растурен на сила. Студентите скапо го платија обидот за барање на поголеми права. Оние студенти кои беа поактивни во протестите и штрајкот беа избркани од факултетите, а многу од професорите кои го поддржаа штрајкот ги изгубија своите работни места.

Друг означен пример на манифестација на ненасилен отпор на просторите на поранешната заедничка држава се протестите во Косово и Метохија во 1981 година на минатиот век. Протестите имаа за цел реализација на барањето на албанците Косово и Метохија да се прогласи за седма република во рамките на федерацијата.

Протестите започнаа на 11 март 1981 година од страна на студентите на Приштинскиот универзитет под изговор за лошата храна во студентската менза. Полицијата со брза акција успеала да ги растури демонстрантите и да уапси погоелм број од нив, Меѓутоа, поради задржувањето на уапсените во затвор, дојде до интензивирање на протестите во наредните денови. На 16 март подметнат е пожар во конаците на Пеќката патријаршија (Grupa autora, 2004). Десетина дена подоцна за време на Штафетата на младоста во Приштина студентите излегоа на улица, а нив им се приклучија и работниците и селаните со политички и социјални пароли и барање да се пуштат од затвор уапсените демонстранти. На 30 март во штрајк стапуваат студентите од Приштинскиот универзитет. На студентите им се приклучуваат и работниците при што тогашното сојузно раководство, демонстрациите на кои учествувале околу милион луѓе (Abazi, 1996) ги прогласува за иредентистички и за контрареволуција поради што прогласува вонредна состојба со наредба да излезе и војската на улици со цел да се растераат

демонстрантите (Grupa autora, 2004). Протестите официјално се сузбиени на 3 април 1981 година при што се убени десетици демонстранти најмногу студенти и средношколци. Во однос на медиумското известување за протестите во тој период владееше цензура и народот дозна многу подоцна што навистина се случи во Косово и Метохија. Овие демонстрации се пример за примената на ненасилен отпор за постигнување на политички цели односно предвесник на она што ќе се случи во Европа во деведесетите години на XX век. Протестите на Косовските албанци за независност се случуваа и во наредните две децении, а последните од 1998/99 година доведоа до воена интервенција на НАТО и отцепување на Косово од Србија.

Највпечатлив пример за ненасилен отпор против авторитарен режим е отпорот против режимот на Милошевиќ во Србија во 1999 и 2000 година. Предводник на овој „отпор" беше демократската опозиција на Србија предводена од Зоран Џинџиќ. Имено, Милошевиќ користејќи ги воените конфликти во Хрватска и Босна и Херцеговина успеа да воспостави диктаторска власт. Гласот на опозицијата беше сузбиван и не допираше до народот поради контролата на медиумите. Во 2000 година во Србија се одржаа избори на кои опозицијата убедливо победи, но режимот на Милошевиќ ги поништи изборите како нерегуларни. Таквата одлука предизвика револт кај опозицијата која излегува на масовни протести низ улиците на скоро сите градови во Србија со цел да ја одбрани својата легитимна победа на изборите. После неколку неделни протести низ земјата, режимот на Милошевиќ попушта и ја повлекува одлуката за поништување на изборите.

### 3.3.7 Ненасилниот отпор во земјите од МАГРЕБ и Блиски Исток

Во 2011 година се случи практична мнанифестација на моќта на неасилниот отпор во земјите од арапскиот свет и земјите на МАГРЕБ изразена преку масовните протести на населението против долгогодишното автократско владеење. Социјалните и политички движења на илјадници жители на арапските земји беа главните носители на манифестацијата на методите и формите на ненасилството во Тунис, Египет, Бахреин, но и во Либија, во Сирија и во Јемен. Пред налетот на незадоволството на народот се рушеа еден по еден авторитарен систем. Овие земји се разликуваа по многу нешта, но заедничко им беше авторитарното владеење на поедини фамилии кои почнаа масовно да ја злоупотребуваат дадената моќ во лична корист.

Причините за манифестација на ненасилниот отпор во овие земји беа многубројни и се поврзани со демографската експлозија, невработеноста, недостигот на храна и секојдневниот раст на цените, корупцијата и слично. Во сите земји на власт беа корумпирани и антидемократски настроени владетели (Stojanovic, 2011). Користејќи ја позицијата на моќ скоро сите автократи успеаја да ги стават прогресивните сили под контрола – интелектуалците, новинарите, писателите, но и интернетот, и медиумите. Меѓутоа, главна причина е недостатокот на слобода, ограничените човекови права и слободи и недостигот на демократија односно етаблираната полудиктатура со условени права.

Полудиктатурата подразбира тенденција на легитимно избраната власт да ја узурпира власта и да доминира со законодавната и судската власт по хоризонтална линија, а по вертикална линија да доминира со локалната власт и со невладините организации. Во исто време потајно ги

прислушува телефонските разговори на граѓаните, ги отвора писмата, ја чита електронската пошта (е-маил) на граѓаните, додека водачите на опозицијата се апсат или прогонуваат, новинарите се плашат да зборуваат, а под контрола се ставаат и медиумите. Интересно за овие земји е тоа што ненасилството на граѓаните се организираше преку средствата за масовна комуникација - мобилната телефонија и социјалните мрежи на интернет (Facebook, Mz Space, Twitter) (Ѓорески, 2011).

Најкарактеристичен беше ненасилниот отпор во Тунис и Египет. Ненасилниот отпор во Тунис започна на 17 декември 2010 година кога при рутинска контрола полицијата му го одзема овошјето и зеленчукот на еден факултетски образован млад човек кој го продавал без дозвола (Županić, 2011). Во знак на протест поради невработеноста, корупцијата и сличните проблеми кои беа главна карактеристика на авторитарниот режим младиот човек се полил со бензин и се самозапалил пред зградата на локалната самоуправа во градот Sid Bouzid. Овој гест покрена бран на демонстрации против сиромаштијата, невработеноста и корумпираната влада во Тунис (Bratslavsky, 2011). Авторитарниот режим се обиде на самиот почеток овие протести да ги задуши со репресија преку безбедносните и полициските структури. Меѓутоа, протестите не беа сузбиени, туку напротив добија на интензитет. Соочувајќи се со фактот дека нема да може да ги сузбие лесно демонстрациите, а со цел да ја смири тешката состојбата во земјата, режимот првично најави демократизација на земјата, распуштање на владата, спречување на полицијата да отвора оган врз демонстрантите, како и намалување на цените на основните прехранбени производи (Abdeladhim, 2011). Но, и ваквите мерки не ја смирија масата народ, туку придонесе за нивно ескалирање и барање диктаторот да си замине од власт. Кога режимот сакаше да ја употреби армијата за да се спаси од пропаст, тогаш генералите и војниците одбија да застанат на страна на

режимот и се воздржаа од употреба на сила против сопствениот народ. Наоѓајќи се во безизлезна ситуација и од страв дека ќе бидат линчувани, авторитарниот владетел Бен Али и неговите соработници ја напуштија земјата пред налетот на ненасилниот отпор на народот.

Методите и формите на манифестација на ненасилниот отпор во Египет беа во многу работи слични со оние во Тунис, а заеднички елементи се интернет поддршката во организирањето, борбата против авторитарното владеење и воздржаноста од армијата во справувањето со демонстрантите. Протестите за оставка на египетскиот претседател Хосни Мубарак, започнаа на 25 јануари во неколку египетски градови, при што најмасовни беа демонстрациите во Каиро и во бедуинскиот северен дел на Синај во Суец. Причина за протестите беше полициското самоволие и игнорирањето на таквата состојба од страна на Владата, лажирањето на последните избори од страна на власта, како и убиството на еден млад египчанин во едно интернет кафе од страна на полицијата. Поттикнати од успехот на ненасилниот отпор во Тунис, опозиционите партии го повикаа незадоволниот народ да го искажат својот револт на улиците низ Каиро против тортурата и сиромаштијата. Меѓутоа, луѓето почнааа масовно да се собираат и да протестираат не само низ Каиро, туку и во други области извикувајќи анти-владини протести. Демонстрантите бараа укинување на вонредната состојба и праведен општествен поредок. Режимот на ваквите барања на демонстрантите одговори со употреба на сила, а тоа пак дополнително предизвика колективен бес и симболично собирање на народот на главните плоштади ширум градовите низ земјата под паролата „Слобода - Достоинство – Социјална правда“(Migati, 2011).

Барањето за компромис на опозиционите партии не вроди со плод, поради тоа што народот сакаше промени на корумпираниот режим и беше решен да истрае во таквата намера. Затоа што со народот не може да се

владее со тиранија, апсења, понижување, со народот треба да се владее со вистина и правда. Поради тоа полицијата треба да го почитува својот народ, неговата хуманост и достоинство. Силата на народот манифестирана преку ненасилниот отпор режимот не успеа да ја скрши преку репресивниот апарат. Следниот чекор на режимот беше изведување на армијата на улица и воведување на полициски час, како и укинувањето на мобилната телефонија, интернетот и другите средства за комуникација со цел да се спречи договарањето на демонстрантите. Но и оваа мерка не ги спречи демонстрантите да се борат и да ја остварат својата цел за промени во земјата Меѓутоа, армијата преку Високиот воен совет на Египет предупреди дека „ќе ги поддржи легитимните барања на народот“ (МакФакс, 2011), и нема да употреби сила против демонстрантите. Режимот немаше друга можност освен да се повлече пред барањата на народот за промени. Кризата се намали со апсењето на Мубарак и распишувањето на нови избори.

Тунис и Египет се успешни приказни во кои народот ја демонстрира својата моќ преку ненасилен отпор во борбата против недемократското владеење на авторитарните режими и успеа преку ненасилство да се избори за поголема демократија и повеќе права и слободи.

## Глава 4

# 4. Искуствата на Република Македонија во манифестирањето на ненасилниот цивилен отпор во заштитата на правата и слободите на граѓаните

Искуствата на граѓаните на Република Македонија во манифестирањето на ненасилниот отпор се среќаваат уште во периодот на заедничката држава и беа изразувани преку незадоволството на работниците и организирањето на штрајкови и протести, преку протестите на студентите и слично. Меѓутоа, манифестацијата на ненасилството во остварувањето на поголеми демократски права и слободи на граѓаните започнува поинтензивно да се изразува после деведесеттите години на XX век односно по раздружувањето од заедничката држава и осамостојувањето на Република Македонија.

Правото за примена на ненасилен отпор во остварување на поголеми права и слободи на граѓаните во Република Македонија е регулирано со Уставот и законите. Во основа, граѓаните користат ограничен број на методи на ненасилен отпор на манифестирање на незадоволството од преку 200 методи на ненасилство кои се издиференцирани во современието. Во основа најчесто манифестирани методи на ненасилство од страна на граѓаните на Република Македонија се: штрајкови, протести, политички бојкот, студентски бојкот, штрајк со глад, блокади на патишта, протестни маршеви и слично.

Во рамките на оваа глава ќе се изложат основите на нормативно правното регулирање на примената на ненасилен отпор од страна на граѓаните, како и одредени примери и искуства во манифестирањето на ненасилството од страна на граѓаните во заштитата или остварувањето на нивните демократски права и слободи.

### *4.1. Правна регулираност на правото на ненасилен отпор на граѓаните*

Во највисокиот правен акт – Уставот на Република Македонија на ниво на темелните вредности се издигнати основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право, владеењето на правото и поделбата на власта на законодавна, извршна и судска. Овие права и слободи граѓаните ги прават „еднакви пред Уставот и законите независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба“ (Устав, 1991:чл.9). „Слободата на човекот е неприкосновена“. Правата и слободите на граѓаните единствено може да бидат ограничени само „со одлука на судот и во случаи и во постапка утврдена со закон“ (Устав, 1991:чл.12) или за време на воена или вонредна состојба (Устав, 1991:чл.54), Според одредбите на Уставот загарантирана е и слободата на мислата, говорот, информирањето, правото на здружување заради остварување на поголеми права, правото да избира и да биде избран, а цензурата е забранета (Устав, 1991:чл.16).

„На граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања. Граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат...нивните програми и дејствувањето не моажт да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок“ (Устав, 1991:чл.20). Единствено е забрането формирање на полувоени и воени здруженија кои не им припаѓаат на вооружените сили.

Од уставните одредби може да се види дека граѓаните на Република Македонија уживаат големи демократски права и слободи. Гаранција за овие права и слободи е самата држава и нејзините демократски институции, а доколку граѓаните сметаат дека некое право или слобода им е ограничена или нарушена тие можат да побараат институционална заштита или заштита преку судската власт. Од поделбата на власта на законодавна, судска и извршна може да се заклучи дека Република Македонија протежира и се залага за парламентарен систем на владеење со почитување на принципите на либералната демократија во која секој може да избира и да биде избран. Вака поставени права и слободи и поделба на власта треба да му овозможат на граѓанинот заштита од злоупотреба на правата и слободите, но и да се заштити самата држава од можноста за недемократско владеење.

Во Уставот регулирано е и правото на употреба на ненасилство и ненасилен отпор за заштита или за унапредување на правата на граѓаните. Така во членот 21 се вели дека „граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна дозвола", а со членот 37 загарантиран е механизмот на синдикално здружување и членување во синдикати заради остварување на своите економски и социјални права. Ова право е поддржано и во членот 38 со гарантирањето на правото на штрајк заради остварување на повисоки права и слободи. Меѓутоа, овие права за примена на ненасилните методи и форми на ненасилен отпор може да бидат ограничени со закон за вооружените сили, полицијата и органите на управата, како и во услови на воена или вонредна состојба. Овие права и слободи вклучително и правото на примена на ненасилен отпор треба да му овозможат на секој граѓанин гаранција, почитување и заштита на неговиот севкупен интегритет,

приватноста, личниот и семејниот живот на достоинството и угледот (Устав, 1991).

Меѓутоа, другите форми, облици и методи на ненасилен отпор не се споменуваат никаде, а не се ниту забранети или ограничени. Согласно уставната одредба дека во Република Македонија е дозволено се што со Устав или закон не е забрането, тогаш слободно може да се констатира дека граѓаните ги имаат на располагање сите методи, форми и облици на ненасилно дејствување во заштитата на своите демократски права и слободи или во борбата за нивно унапредување.

Правата на ненасилен отпор се подетално разработени и во законите од соодветната сфера каде доминантно место зазема правото за штрајк кое е регулирано во 11 закони. Главниот законски акт со кој е регулирано ова уставно право на работниците, како и начините на кој можат да го остварат и кои обврски ги имаат се регулирани во Законот за работни односи. Одредби за штрајк се содржани и во: Законот за јавните претпријатија, Законот за државните службеници, Законот за јавните службеници, Законот за судска служба, Законот за внатрешни работи, Законот за полиција, Законот за одбрана, Законот за служба во Армијата на Република Македонија, Законот за мирно решавање на работните спорови и Законот за евиденциите од областа на трудот (Савески, 2011). Така во Законот за работните односи посветена е цела една глава (XX) за правото на штрајк на вработените каде се законски регулирани правата и обврските на работодавачите и на синдикалните организации за време на штрајкот. Имено, „штрајкот мора писмено да се најави на работодавачот, односно здружението на работодавачите против кои е насочен, а штрајкот на солидарност на работодавачот кај кого тој штрајк се организира" (Закон за работни односи, 2014: чл.236.ст.2). Меѓутоа, штрајкот не смее да ја попречува работата на оние кои одлучиле да не штрајкуваат. За време на

штрајкот, работодавачот може да отстрани работници од работа, но не повеќе од 2% од бројот на оние кои штрајкуваат. На работодавачот дадено му е правото да ги отсрани оние штрајкувачи кои со своето однесување „поттикнуваат недемократско и насилничко однесување“ (Закон за работни односи, 2014: чл.237.ст.3). Меѓутоа, работодавачот не може да отпушта работници за време на штрајк, а на оние кои штрајкуваат мора да им исплаќа придонеси за плата и плата. Исто така, регулирани се и условите каде штрајкувачите се обврзани да обезбедат минимум услови за извршување на работниот процес без тој да се прекине „со цел за вршење на работите кои се неопходно потребни заради спречување на загрозување на животот, личната сигурност или здравјето на граѓаните (нужни работи)“ (Закон за работни односи, 2014: чл.238.ст.2). Оставена е можноста ако штрајкот е организиран спротивно на законот, работодавачот да побара судска забрана за организирање на штрајк, како што се случи со штрајкот на лекарите специјалисти во септември 2012 година.

Правото на штрајк во вооружените сили, полицијата и органите на управата се регулирани со посебни закони од соодветната област. Така во Законот за одбрана се вели дека е „забрането синдикално организирање во Армијата за време на воена и вонредна состојба“ (Закон за одбрана, 2011:чл.49). Во поглед на правото на организирање на штрајк истото е дозволено, но мора да биде 10 дена претходно најавено и во него не може да учествуваат повеќе од 10% од припадниците на Армијата и не може да трае подолго од три дена. Во текот на штрајкот оние кои штрајкуваат се должни да останат на своите работни места и да ги извршуваат активностите неопходни за остварување на виталните функции на Армијата. Во случај на воена и вонредна состојба е забранет штрајк во Армијата, како и во случај на извршување на меѓународни обврски, вежби

и обука во кои учествуваат единиците на Армијата. Значи правото на штрајк може да се остварува, но притоа не смее да се наруши борбената готовност на Армијата (Закон за одбрана, 2011:чл.48).

Во полицијата правото на штрајк е регулирано со Законот за полиција и условите за организирање на штрајк се слични речиси идентични со оние како кај Армијата. Односно штрајкот треба претходно да биде најавен, неопходно е да се извршуваат задачите и активностите за да не се дозволи нарушување на јавниот ред и мир и истовремено не може да штрајкуваат повеќе од 10% од вкупниот број на полициски службеници и штрајкот не може да трае подолго од три дена и забранет е штрајк за време на вонредна и воена состојба (Закон за полиција, 2014).

Со другите закони е регулирано правото на штрајк во одделните области на кои се однесува конкретниот закон. Меѓутоа, правото на протест освен што е регулирано во Уставот не се среќава на други место. Додека другите методи, облици и форми на ненасилен отпор не се среќаваат ниту во еден закон, но согласно претходно цитираното начело тие им стојат на располагање на граѓаните.

Од уставните и законските решенија може да се види дека граѓаните имаат уставни и законски можности за манифестација на одредени форми и методи на ненасилство односно ненасилен отпор заради заштита и остварување на некое демократско право и слобода, кое претходно е загрозено или повредено.

### *4.2. Манифестација на ненасислниот отпор на граѓаните на Република Македонија од деведестеттите години на XX век до 2015 година*

Претходно ја видовме нормативно-правна регулираност на ненасилниот отпор, но какава е нејзината практична манифестација во Република Македонија. Во секој случај потребно е да потсетиме дека секое организирање и манифестирање на формите и методите на ненасилен отпор односно протести, штрајкови, блокади и другите облици на изразување на ненасилство со примена на демократски средства мора да има јасно поставена цел. Условот е таа цел да не може на поинаков начин да биде остварена преку институциите на системот туку само со примена на методите и формите на ненасилен отпор. Овие правила за манифестирање на ненасилен отпор се апликативни и за нашата земја. Во следните поднаслови ќе се претстави практичната манифестација на ненасилството и на ненасилниот отпор во Република Македонија во периодот од деведесеттите години на XX век па се до 2015 година. Манифестацијата на формите и методите на ненасилен отпор најчесто се испреплетени помеѓу себе и доколку еден метод не ги даде посакуваните резултати, тогаш граѓаните може да прибегнат кон друг или истовремено да применат повеќе форми и методи. На пример, работниците може да штрајкуваат, и истовремено да протестираат низ улиците и да ги блокираат улиците. Поради таквата комплексност и испреплетеност на примената на методите, формите и облиците на манифестација на ненасилен отпор претставувањето на ненасилниот отпор во посочениот период условно е поделено на ненасилство за време на прогласувањето на независност во 1991/92 година, и на најчесто манифестираните облици и

форми на ненасилство односно, на штрајкови, на протести и на бојкот. Класификацијата на претставените манифестации на ненасилен отпор е направена според декларираноста на настанот од организаторот (штрајк, протест, бојкот, граѓанска непослушност и слично), но и од неговиот развој и „еволуција“ од еден облик во друг ( пример настанот започнал како протест, преминал во бојкот и слично).

### 4.2.1 Ненасилството за време на прогласувањето на независност во 1991/92 година

Во деведестетите години на XX век, Европа ја зафати бран на манифестација на ненасилство преку кое граѓаните успеаја да се изборат за повеќе права и демократија во земјите од поранешниот комунистичкчи блок. Бранот за поголеми слободи и права и поголема демократија ја зафати и Република Македонија која во тој период се наоѓаше во рамките на заедничката држава - Југославија. Во тој период федералната држава, а и Република Македонија како нејзин дел, се наоѓаше во економски колапс, проследен со отпуштање на работници и затварање на фабрики, бројни штрајкови и протести. Овој економски колапс беше надополнет со политичка криза и засилените движења за прогласување на независност од заедничката држава. Тој бран започна на север со Словенија, преку Хрватска до Босна и Херцеговина и Македонија.

Македонскиот народ во својата вековна желба и стремеж за независна држава во овој период ја виде својата можност. Но главно прашање кое се наметна пред тогашното раководство беше како тоа да се изведе, а притоа да не се плати тоа со човечки животи. Предизвикот беше дополнително усложнет со тензиите и најавите за воена разрешница на

распадот на Југославија кој се случуваше во Словенија и посебно во Хрватска и Босна и Херцеговина. На желбите на народите на овие држави им се испреплете моќната Југословенска народна армија (ЈНА) која што беше хегемонизирана од одредени големодржавни политики поддржани од одредени национални структури.

На 23 ноември 1989 година се одржаа првите поголеми студентски протести во Македонија на кои учествуваа над 70 000 студенти и граѓани. Студентските демонстрации беа познати под паролата „Глас на македонските студенти" и тие беа предвесници на настаните во поранешна Југославија и го најавија процесот на осамостојување на Македонија (Ристовски, 2009). Следната година (1990) во Република Македонија се одржаа првите повеќепартиски парламентарни избори и се формира експертска влада. Собранието на Република Македонија на 25. јануари 1991 година ја донесе Декларацијата за сувереност со што јасно стави до знаење дека иднината ја гледа како самостојна и независна држава. Овој процес беше проследен со низа негодувања, притисоци и напнати ситуации на кои не можеше да се одговори со примена на насилство. Решението беше пронајдено во употребата на ненасилството за постигнување на целта. Тоа се наметна како единствено логично и најрационално решение.

Најсериозен проблем за сите републики кои прогласија независност беше повлекувањето на ЈНА и нејзиното вооружување, наспроти заканата од оставање на државата без одбрана и заштита. На 6ти мај месец 1991 година во Сплит се случи штрајк и масовни протести на бродските работници, при што беше убиен македонски регрут од ЈНА. Тоа предизвика масовни протести во Скопје и го иницира процесот за повлекување на македонските регрути од ЈНА. Народот започна да се самоорганизира првенствено иритиран од учеството на македонските

регрути во воениот конфликт во Словенија и Хрватска. Македонија со ништо не придонесе за ескалација на кризата, додека мобилизацијата на резервниот состав на ЈНА ја зголеми напнатоста. Родителите протестираа пред Собранието на Република Македонија во 1991 година и бараа нивните деца – војници од Словенија, Хрватска и Босна и Хеерцеговина да се вратат дома. Ненасилниот отпор успеа да вроди со плод и најголем дел од македонските регрути беа вратени дома, а за помал број околу 40 тоа беше доцна да се направи. Во поддршка на протестите на родителите, Владата на Република Македонија „насилно" ја одзеде регрутната документација од ЈНА и истата ја уништи со цел да не се повикуваат повеќе регрути од Македонија (Rennebohm,2011).

Вториот чекор беше организирањето на протести и митинзи предводени од одредени здруженија и ново формираните политички партии кои бараа мирно повлекување на ЈНА од Република Македонија. Овие протести и политички митинзи беа организирани и со цел за поткревање на свеста кај народот за мирно раздвојување од заедничката држава. Протестите се организираа во скоро сите градови во државата, а најмасовни беа во Скопје. Тоа резултира со распишување на референдум за независност кој се одржа на 8 ми септември 1991 година. Резултатите беа повеќе од импресивни со над 95% за самостојност. На 17 ноември беше донесен и Уставот на Република Македонија, со кој се предвидува формирање на вооружени сили на Републиката. Во конкретниот случај ЈНА веќе беше странска сила. Во февруари 1992 година беше донесен и Законот за одбрана со која се формира и Армијата на Република Македонија. Југословенската народна армија се повлече во април 1992 година без ниту еден испукан куршум и без ниту една жртва во Република Македонија. Благодарение на ненасилниот отпор Република Македонија

беше единствената „оаза на мирот“ во поранешната заедничка држава во која насекаде беснееше војна.

Мирното разрешување на политичката криза и повлекувањето на ЈНА не ги реши проблемите во економската, социјалната и во другите области. Туку напротив, како резултат на политичката криза, ситуацијата беше дополнително усложнета и со економската ситуација која владееше во заедничката држава, а силно се рефелктираше и врз македоската економија. Во почетокот на деведесттите години Република Македонија беше во економска криза во која секој трети вработен е без плата, а секоја петта фирма не можеше да исплати лични доходи на своите вработени. Повеќе од 170 000 вработени во Македонија не зеле плата за еден, два или повеќе месеци. До крајот на годината пред окружниот стопански суд имаше околу 800 барања за стечај на фирми. Тоа предизвика низа на штрајкови и протести на работниците за заштита на нивните социјални и економски права и за спас на фабриките. Работниците штрајкувааат во штипска „Баргала“ поради тоа што три месеци не земале плата, кичевските занаетчии протестираат пред затварање. Дури и формирањето на првата експертска влада ги дели насловините страници со вести за бран на штрајкови насловени „Зад секоја порта има незадоволство“(Република, 2014).

Оваа состојба беше подгреана и усложнета и воведувањето на ембарго од страна на нашиот јужен сосед Грција. Тоа предизвика и запирање на дотокот на нафта и нафтени деривати во Македонија, застој во извозот и размената на стоки за што македонските стопанственици го користеја пристаништето во Солун. Тоа предизвика дополнителна компликација и на така сложената политичка, економаска, воена и социјална ситуација. Последиците најмногу ги трпеше народот кој немаше

друг избор освен да се справи на ваквата ситуација со ненасилство и ненасилни форми и методи на отпор.

### 4.3.Штрајкови

Како што претходно напоменав правото на штрајк е уставно загарантирано право на сите граѓани на Република Македонија како метод за израз на незадоволство и на ненасилен отпор. Според податоци изнесени во 2010 година во периодот на транзицијата во Македонија биле отпуштени 198 364 работници, беа уништени 674 фабрики фирми и комбинати, од кои барем 154 големи. (МИА, 2010). Тоа претставуваше плодно тло за манифестација на ненасилниот отпор на граѓаните. Во овој поднасолв ќе ги обработиме штрајковите на работниците и штрајкот со глад.

#### 4.3.1. Штрајкови на работниците

Штрајковите на работниците организирани од страна на синдикатите се метод на ненасилен отпор кој се применува уште од времето на заедничката држава на балканските народи. Во Република Македонија позначаен штрајк е оној кој се случи во 1986 година од страна на вработените во тогашниот индустриски гигант „Железара". Штрајкот започна во кругот на индустриската фабрика, а подоцна се префрли преку протести и пред Владата и Собранието на Македонија. Работниците беа одлучни во своите барања за поголеми плати и подобри услови за работа. Пред налетот на барањата на работниците тогашното државно раководство

попушти и им излезе во пресрет на работниците. Овој штрајк според својата масовност беше еден од поголемите штрајкови кој се случиле на просторот на поранешна Југославија.

Периодот на штрајкови во самостојна и независна Република Македонија започна со првите денови на нејзиното осамостојување. Во овој период владееше политичка и воена криза, но и влошена економска состојба. Економската состојба во нашата земја беше дополнително усложнета и со ембаргото од страна на Грција врз Република Македонија, како и со ембаргото на меѓународната заедница врз режимот во Србија. Во овој период се прекинаа економските релации помеѓу поранешните републики од заедничката држава што резултираше со зголемен броја на невработени и затворање на фабриките. Дополнителна комплексност кон и така сложената економска ситуација се придодаде и почетокот на транзицијата на државниот капитал кој се спроведуваше под „сомнителни“ и на моменти „криминални“ услови.

Работниците штрајкуваа, бараа работа, бараа да се заврши побрзо приватизацијата на фирмите, бараа поголеми плати за достоинствен живот. Најголем број од граѓаните кои штрајкуваа беа или отпуштени работници, или работници чии фирми се под стечај и со месеци не земале плата или од фирмите загубари, но штрајкуваа и вработените во јавната администрација, одбраната, судството, здравството и слично. Еден од поголемите штрајкови се случи во мај 2002 година кога над 80 000 луѓе односно стечајните работници и работниците од фирмите загубари, како и вработените во јавниот сектор предводени од синдикатот започнаа генерален штрајк. Основното барање на штрајкувачите беше да се утврди најнискиот износ на плата, да се донесе законот со кој ќе се обезбеди социјална сигурност на вработените во претпријатијата- загубари и да се запре приватизацијата на јавниот здравствен сектор. Работниците од

фирмите загубари (Железара, Фаморт, Ладна валалница, Македонски фолклор, ФАС, МЗТ - ФАМ, Годел и Охис) беа изреволитирани од неприфаќањето на измените на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, како и поради незадоволството од начинот на кој власта ги рестартира фирмите. Тие бараа да бидат згрижени под Завод за вработување оние работници кои имаат 25 години стаж се до нивното пензионирање (Вест, 2002, бр.550), а во знак на револт тие извршија блокади на сообраќајници во Скопје и на другите магистрални патишта во државата.

Во манифесирањето на ненасилството работниците ја бојкотираа работата на своите работни места. Единствено ги извршуваа најнеопходните работни задачи. Наредните денови тие излегоа пред Собранието и Владата, односно штрајкот го продолжија со протести по улиците и извршија блокади на патиштата во Скопје и на магистралните патишта низ државата. Штрајкуваа и протстираа вработените во образованието, болниците, судовите и културните институции, како и во одбраната. Подоцна на штрајкот се приклучија и вработените во стопанството и загубарите. Вработените се соочуваа со притисоци и опструкции од раководни лица и директори. Одделни вработени членови на синдикатот биле заплашувани со откази. Ненасилниот отпор не престана се додека владата не беше принудена на преговори и прифаќање на барањата на работниците.

Тогашниот премиер во контекст на штрајкот и протестите изјави дека платите на буџетарите не може да се "одмрзнат" не затоа што државата нема пари, туку поради принципите на меѓународните финансиски институции. На синдикатот му предложивме да го одложи штрајкот до крајот на преговорите со Меѓународниот монетарен фонд (ММФ). Тоа беше одбиено и затоа сметам дека штрајкот е чиста политика.

Со претставниците на ММФ сега првпат реално со бројки и математика водиме дијалог за платите на јавната администрација. Првиот ден по завршувањето на преговорите со монетарците ќе биде објавен пакетот за минимална плата, а со тоа и зголемување на платите во државната администрација (Блажевски & Балабан, 2002).

На ваквиот исказ на тогашниот премире, тогашниот лидеро на Сојузот на синдикати ќе истакне дека блокадата треба да биде знак за Владата и за Собранието дека треба да престане со манипулациите и со игрите што ги прават со измените на Законот за вработување, со кој треба да се обезбеди социјална сигурност за загубарците. Власта сега не смее да се оглуши на нивните барања, зашто ќе го чуе нивниот глас на изборите (Блажевски, 2006).

Во 2006 година, повторно беше организиран генерални штрајк на стечајните работници и на работниците од фирмите загубари предводен од Сојузот на синдикатите на Македонија. Штрајкувачите побараа Владата и Собранието што поскоро да ги донесат измените на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. "Загубарците" побараа и да се забрза рестартирањето на претпријатијата-загубари. Притоа, штрајкувачите побараа работниците со 25 години стаж да се стекнат со право на пензија. Штрајкот повторно се пренесе на улиците преку протести и блокади на патиштата. На протестот учествуваа вработените од скопските фабрики "ФАС 11 Октомври", "Македонски фолклор", "Годел", "Газела", "Железара", "МЗТ", "Југохром" од Тетово , фабриката "Силика" од Гостивар, велешките "Порцеланка", Нокатекс", Киро Ќучук", "Лозар", "Велеспром", штипските текстилни фабрики "Македонка" и "Астибо", потоа "Рудници- Злетово" и "Злетово - батерии" од Пробиштип и други (Блажевски, 2006).

Како резултат на лошата приватизација на рудникот „Тораница“, работниците стапија во штрајк кој траеше петнаесетина месеци. Во рамките на штрајкот беа изведени два протести пред Владата и Агенцијата за приватизација, а беа применети и блокади на магистралниот пат кон граничниот премин со Бугарија. „Краен епилог на овој штрајк беше поништување на приватизацијата, враќање на рудникот во државна сопственост, регулирање на стажот на вработените до последниот ден на штрајкот (неплатените придонеси ги покри државата) и отворање стечајна постапка со згрижување на вработените во биро за вработување“ (Димитровски, 2011:27). Во 2008 година, после неуспешните разговори на синдикатот и раководството на рудникот „Тораница“, работниците одлучија повторно да стапат во штрајк. Имено, работниците во рудникот бараа подобри услови за работа во рудникот, решавање на нивниот статус и набавка на неопходна опрема за лична заштита при работа. Раководството ги изманипулира работниците и не постапи според претходно договореното. Изреволтирани од ваквата состојба, работниците го бојкотираа потпишувањето на времените договори за работа и го започнаа штрајкот на 01 април 2008 година, под закана на сите да го изгубат работното место. Воедно, работниците останаа на своите барања за потпишување на договори за работа на неопределено време и зголемување на платите за 50%. Работниците штрајкуваа вкупно пет смени односно два дена при што го принудија раководството на рудникот да ги прифати барањата на штрајкувачите (Димитриовски, 2011).

Во 2007 година и 2008 година во Македонската радио телевизија беше организиран штрајк во повеќе наврати. Барањата на вработените се однесуваа на начинот на прогласување на технолошки вишок на вработените, намалување на претплатата на радиодифузната такса, утврдување на надоместокот за исхрана, обезбедување на услови за работа

и исплата на заостанатите плати. Последниот дел од низата на штрајкови во МРТВ се организираа непосредно после завршувањето на предвремените парламентарни избори на 03 јуни 2008 година. За времетраењето на штрајкот вработените револтото го изразија со прекин на програмата во живо и емитување само на музички спотови (Утрински весник, 2008). Штрајкот заврши со делимично исполнување на барањата на вработените и усвојувањето на измените на Законот за радиодифузија од страна на Собранието на Република Македонија.

Во август 2012 година, министерот за здравство, како дел од програмата за реформи во здравството, најави дека ќе воведе плаќање на лекарите според учинок. Лекарите беа незадоволни и од лошите услови за работа и ниските примања, а плаќањето по учинок ќе ја влошеше и така тешката ситуација. Лекарите најавија штрајк за септември, а министерството за здравство поднесе тужба до судот со цел да го спречи штрајкот со образложение дека се загрозува здравјето на пациентите (Бошковска – Златкова, 2012а). На 20 септември, судот го забранува штрајкот на лекарите со образложение дека „Самостојниот синдикат на клинички центар не доставил правила според кои ќе се одвива штрајкот, односно не било организирано работењето на Клиниките за време на штрајкот, во смисла дали ќе се примаат пацинети или не“. Според тогашниот претседател на синдикатот на Клинички центар понудениот модел „се засновувал на квантитет, а не на квалитетот на услугата“. Владата не ги зема во обзир барањата и препораките на лекарите, и пордолжи со предложените реформи во здравството. Штрајкот на околу 1 200 лекари започна на 14 ноевмври 2012 година (Делимитров, 2012). Подоцна кон штрајкот се приклучија и лекарите од примарното здравство. Во текот на штрајккот се водеа интензивни разговори меѓу штрајкуваччите и лекарите, а според искази на лекарите се вршел и

притисок да се прекине со штрајкот. Конечно, договор беше постигнат на 25 декември 2012 година со делумно прифаќање барањата на лекарите и потпишување на анекс кон Колективниот договор со што штрајкот на лекарите беше прекинат (Бошковска – Златкова, 2012б). Година и половина после завршувањето на штрајкот на лекарите, тогашниот водач на штрајкот беше уапсен под сомнение за примање на мито и во скратена судска постапка тој е прогласен за виновен и осуден на една година затвор (Утрински весник, 2014).

Во 2014 година просветните работници најавија штрајк како резултат на воведувањето на казни за наставниците чии оценки нема да коинцидираат со оние од екстерно тестирање во средните училишта, но и бараа повисоки плати. На ваквите најави за штрајк на просветните работници, Владата одговори експресно со измени на Законот за средно образование при што воведе категорија на „заменски наставници" кои ќе ги заменат наставниците додека штрајкуваат, а оние наставници кои што штрајкуваат нема добијат и плата. Врз раководството на синдикатот во образованието и науката, како и врз самите наставници беа вршени силни притисоци со цел да се откажат од намерата за штрајк. Воедно, од страна на одредени наставници и со поддршка на Владата беше организиран и контра протест на наставници кои не ја поддржуваа идејата за штрајк. На тој начин грубо беше прекршено уставното и законското право а манифестирање на ненасилство во остварувањето на правата на вработените.

Наоѓајќи се во ваква ситуација, СОНК одлучува да го стави штрајкот во мирување во септември 2014 година, со образложение дека е започнат социјален дијалог со министерството за образование за да се надминат разликите (Нет Прес, 2014). Меѓутоа, Владата не ги исполни дадените ветувања и штрајкот беше повторно актуелизиран во јануари 2015 година.

Самиот почеток на штрајкот беше храбар гест поттикнат од константниот притисок на синдикалната база од долу кој се манифестираше во првичните барања кои ги испорача синдикалното раководство уште на почетокот на месец септември минатата година (ДСП ЛЕНКА, 2015). Во текот на штрајкот, дел од наставниците штрајкуваа, а дел континуирано ја изведуваа наставата (оние кои се приврзаници на контраштрајкот) и цело време бара прекин на штрајкот (24Вести, 2015). Со цел да направи динстинкција од контраштрајкувачите, раководството на СОНК јавно се произнесе дека оние наставници „којшто нема да ја испочитува одлуката на советот... автоматски им престанува членството во СОНК. Ние нив нема да ги сметаме за наши членови, ќе се оградиме од нив и ќе кажеме дека сите оние кои штрајкуваат се членови на СОНК, а сите оние кои не штрајкуваат веќе не се наши членови“ (Неделков, 2015).

После дваесетина дена, Владата се сложи на отстапки и штрајкот беше ставен во мирување во февруари. Ова е уште повеќе значајно ако се земе во предвид општата антисиндикална атмосфера и правните и практични потешкотии за организирање на штрајк. Најголемата пречка во организирање на успешен штрајк во образованието претставува озаконетото штрајкбрејкерство со воведувањето на заменските наставници, што е поткопување на уставно загарантираното право за организирање на штрајк. (ДСП ЛЕНКА, 2015).

### 4.3.2 Штрајк со глад

Штрајкот со глад во принцип се појавува многу ретко во манифестирањето на ненасилниот отпор. Истиот го спроведуваат поединци или помали групи кои се незадоволни од нивниот третман од

институциите на власта и од самата власт, односно ако им е нанесена некоја голема неправда или грубо им се прекршени нивните права и слободи и покрај тоа што позитивните прописи се на нивна страна.

Во Република Македонија забележани се неколку случаи на ненасилен отпор со примена на штрајк со глад. Најкарактеристичен е штрајкот со глад кој се случи во 1997 година, а го изведоа група на студенти пред Собранието на Република Македонија. Имено, во 1997 година во Република Македонија имаше студентски протести против одлуката на Владата за воведување на двојазичност во високот образование  односно на Педагошкиот факултет. Владата одби да ги исполни студентските барања, и да го повлечи Законот за Педагошкиот факултет. До 3 март протестите веќе го губат здивот, а медиумите јавуваат за симболична бројка протестанти пред Собранието. Следениот чекор беше штрајк со глад на 20-ина студенти. Овој штрајк беше поддржан и од одделни невладини организации, здруженија на граѓани, но и од најголемата вонпарламентарна опозициска партија. Благослов на штрајкувачите со глад им дава и поглаварот на МПЦ г.г.Михаил кој претходно им упати критика на демонстрантите велејќи дека  „На една ваша парола прочитав дека барате гасни комори за сите Албанци. Тоа е страшно. Со векови сме живееле со Албанците и мислиме и понатаму да живееме со нив и да градиме иста куќа. Оној што го напишал тоа, ви направил многу лоша услуга“.

Тогашната Влада, стануваше сè понервозна, па побара расправа во Собранието за меѓунационалните односи, а ги покани и претставниците од вонпарламентарните партии, како и студентите- демонстранти и штрајкувачите со глад. На 14 март штрајкувачите со глад се обраќаат пред пратениците во Собранието и ги изнесуваат своите барања. Со тоа се означува и крајот на протестите. Следните денови интензитетот на

протестите опаѓа, како и здравствената состојба на студентите кои штрајкуваат со глад. На 18 март, официјално е прекинат штрајкот со глад, а на Клиниката за токсикологија хоспитализирани се шест студенти, од кои еден со сериозно нарушена здравствена состојба. На 8 мај Уставниот суд одлучува дека законот за Педагошкиот факултет не е спротивен на Уставот (Георгиевски, 2007).

Втор случај на штрајк со глад се случи во јули 2014 година, од страна на неколку професори од Економскиот факултет при Универзитетот Гоце Делчев во Штип. Имено, професорите изреволтирани од неправдата што им беше нанесена со нивниот неизбор во повисоки наставно научни звања одлучија своето незадоволство да го манифестираат преку штрајк со глад. И покрај тоа што ги исполнувале законските услови за избор во повисоки звања, комисиите формирани од соодветните факултети не го испочитувале законот во целост. Законот за високо образование дава можност доколку одреден професор не ги исполнува условите за избор во повисоко звање да биде реизбран во постојното звање. Меѓутоа, Комисиите одлучиле да не ги изберат професорите ниту во постојното ниту во повисоко звање и покрај тоа што ги исполнувале законски пропишаните услови. Тоа значеше дека професорите ќе го загубат работниот статус. Тие побараа заштита на нивните права согласно уставот и законите, почитување на Законот за високо образование и подзаконските акти на универзитетот од страна на Комисиите. Меѓутоа, ниту едно од нивните барања не беше исполнето. Изреволтирани од ваквата одлука на Комисиите за избор, игнорантскиот однос на универзитетот и изневерени од незаинтересираноста на институциите на државата во поглед на заштита на нивните права, професорите стапуваат во штрајк со глад на 11 јули 2014 година. Десетина дена подоцна во знак на солидарност со своите колеги приклучување кон

штрајкот со глад најавија уште 46 професори членови на Самостојниот синдикат за образование и наука (Мулачка, 2014). Штрајкот со глад траеше скоро три недели, при што ректорот на универзитетот Гоце Делчев, формира нови комисии со цел да ги преиспитаат одлуките на претходните комисии и да одлучат согласно приложените факти и позитивните законски прописи. Во официјалното соопштение на Универзитетот Гоце Делчев се потенцира дека „постапката за избор на професорите на Економскиот факултет е тек и во текот на наредната недела по завршувањето на роковите за објавување на рецензијата ќе треба да се произнесе Наставно-научниот совет на Економскиот факултет“ (НОВА ТВ, 2014). После ваквата одлука на ректорот, професорите го прекинаа штрајкот со глад на 31 јули 2014 година. во своето соопштени за прекин на штрајкот професорите истакнуваат дека „ Во знак на добра волја и симнување на сите обвинувања на политичка заднина на целиот случај, одлучивме штрајкот со глад да го ставиме во мирување“(НОВА ТВ, 2014).

## *4.4. Протести*

Правото на протест на граѓаните е исто така, уставно загарантирано право. Ова право, граѓаните можат да го искористат и без претходно најавување и известување на органите на редот односно, државните институции. Со други зборови за да се протестира во Република Македонија нема потреба од добивање на дозвола од институциите на власта со што е избегната можноста протестите да бидат ограничени или забранети. Правото на протест во нашата земја е честа појава која започна да добива на интензитет во периодот од осамостојувањето во 1991 година па се до денес. Во 1991 година се протестираше против учеството на

регрутите од Македонија во воениот конфликт во Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина, се протестираше против присуството на ЈНА, се протестираше против лошата економска состојба во државата, се протестираше против политичките и идеолшките разлики на политичките партии и слично. Денес се протестира и за заштита на правата и слободите на граѓаните, за слобода на медиумите, за бирократскиот однос на институциите, и слично. Може да се констатира дека изразувањето на незадоволството на граѓаните преку протест односно демонстрации стана секојдневие во Република Македонија. Но да ги видиме позначајните протести односно, демонстрации на граѓаните во нашата земја кои се случија од 1991 година па се до 2015 година, како и барањата на оние што протестираа и одговорот на власта во конкретните ситуации.

### 4.4.1. Протести на граѓаните

Протестите на граѓаните организирани од здруженија на граѓани, од невладини организации, од политичките партии, од незадоволни граѓани, по етничка основа и слично се најчесто манифестирани во нашата земја. Протестите на студентите и средношколците ќе ги издвојам како посебни протести за разлика од останатите протести организирани по различни основи.

Назјачестени протести се оние организирани по етничка и политичка основа, но застапени се протестите по други основи. Првите протести по етничка основа на српското малцинство во нашата земја се забележуваат во деведеситите години на XX век поттикнати од режимот на Милошевиќ. Основната цел на овие протести беше да се протестира против одлуката на властите во Македонија да прогласат независност во

1991 година. Тоа беше изразено преку одбивањето да служат во Армијата, потоа се случуваа протести во населените места со претежно население со српско етничко потекло под мотото „ова е Србија", потоа дека македонските власти нив ги третираат како граѓани од втор ред и слично. (Minorities at Risk Project, 2004).

Попрепознатливи и помасовни протести на граѓаните во нашата земја се оние кои се случија во 1996 година како резултат на пропаѓањето на пирамидалните штедилници ТАТ, Алфа-С, Лафци, „Џамаданче", „Либерти", „Македонија реклам" при што беа проневерени над 30 милиони германски марки. Парите исчезнаа во рацете на т.н. „ВИП штедачи" (Nikolovski, 2010:11), а оштетени беа сиромшните штедачи кои беа привлечени од високите камати и ги вложија своите заштеди во овие пирамидални штедилници. Десетици илјади граѓани се почувствуваа измамени и „ограбени" и масовно излегоа на улиците во сите градови на Македонија и пред Собранието на Република Македонија барајќи одговорност од власта заради вмешаност на министри, судската власт, обвинителството, банкарскиот систем. Овие протести привидно се смирија со ветувањата на Владата дека ќе ги обештети граѓаните во висина на нивните штедни влогови од буџетот во наредните десетина години.

Следните позначајни протести се случија во 1997 година кога протестираа албанците во Тетово, Гостивар, Куманово и Скопје. Протестите беа иницирани како резултат на акцијата на полицијата за спроведување во дело на одлуката на Уставниот суд за симнување на незаконски поставените знамиња на Република Албанија во Тетово и Гостивар. Во 1998 година илјадници албанци излегоа на улични протести во Скопје во знак на поддршка на албанците на Косово и Метохија и против репресијата врз истите од страна на властите во Белград.

Во март - април 1999 година Македонија ја зафатија масовни протести предизвикани од бомбардирањето на НАТО на Југославија. Протестите најизразени беа во Скопје, а со послаб интензитет се случија и во други градови во Македонија како Куманово, Битола, Струмица и Неготино. Според тогашниот министер за внатрешни работи во протестите учествуваа повеќе од 5 000 граѓани организирани од Демократската партија на србите во Македонија, српското малцинство, а беа поддржани и од Комунистичката партија на Македонија (Blazevski, 2014). Според медиумите во Македонија, овие протести биле организирани од конзервативните структури во земјата, противниците на Евроатланската интеграција на Македонија и разузнавачките служби на тогашна Југославија (Нова Македонија, 1999). Граѓаните својот револт го изразија пред амбасадата на САД во Скопје револтирани од воздушната кампања на НАТО против Србија. Демонстрациите излегоа од контрола, а демонстрантите се однесуваа насилно и притоа во текот на протестите беа користени и молотови коктели, а уништени беа и неколку возила пред полицијата да ги растера (White, 1999). Протести имаше и пред амбасадите на Обединетото Кралство, Германија и Франција. Во контекст на протестите тогашниот премиер ќе истакне дека „двата најголеми проблеми со кои се соочува Македонија се напливот на бегалци од Косово и анти - НАТО и анти - САД чувствата на народот" (Williams, 1999).

Во 2000 година, Демократската партија на албанците во Македонија организираше низа протести во Скопје, Куманово, Тетово, Гостивар и други градови со барање на поголеми права и слободи за албанците во Македонија. Овие протести поттикнаа оружено насилство помеѓу т.н Ослободителна народна армија на албанците (ОНА) во Македонија и владините сили. Конфликтот траеше интензивно шест месеци. Во јуни 2001 година пред Собранието на Република Македонија се случија

масовни протести на околу 5 000 граѓани против одлуката на македонската влада да ја прекини воената акција во Арачиново против т.н.ОНА и да им овозможи нивно непречено заминување во Косово. Протестантите насилно влегоа во Собранието во знак на незадоволство од ваквата одлука на властите (CNN, 2001).

Протести против САД и војната во Ирак во 2003 година исто така, се одржаа во Скопје, но тие за разлика од оние во 1999 година беа со послаб интензитет и без насилство. Овие протести беа во знак на солидарност против оваа војна и беа организирани од невладини организации како Хелсиншки комитет, Македонскиот центар за меѓународна соработка, Социјалниот форум и други помали невладини организации (Nikolovski, 2010).

Во периодот од 2008 до 2012 година во Македонија беа организирани и неколку протести против членството на Македонија во НАТО и против НАТО како воено - политичка организација. Овие протести беа со послаб интензитет ги беа организирани од Движењето за социјална правда Ленка. Барањата на протестантите беа насочени кон учеството на војниците на Армијата на Република Македонија во Авганистан и се бараше нивно повлекување. Ненасилниот отпор во овие случаи се манифестираше против официјалната политика на Владата за придонес во меѓународните операции предводени од НАТО (Blazevski, 2014). Во февруари 2015 година од страна на ова здружение беа организирани и протести против бирократскиот однос на институциите на системот, односно против Министрасвото за здравство и Фондот за здравствено осигурување. Причина беше долгата бирократска процедура за помош за лекување на малата Тамара, која чекајќи го одобрението за финансиска помош почина. За трагедијата да биде уште поголема решението за одобрување на лекување во странство, родителите на Тамара

го добија три дена после нејзиниата смрт (Симоновиќ, 2015). Тоа предизвика огорчена реакција кај илјадници граѓаните кои излегоа на протести и бараа оставка од одговорните (MKD News, 2015).

Во 2012 година наспроти големиот христијански празник Велигден во приградската населба Радишани кај Смилковското езеро беа убиени пет лица (од кои четири деца) Македонци кои ловеле риба. Истиот ден избувнаа масовни протести на локалното население кои започнаа и насилно да се однесуваат против етничките Албанци во знак на револт од убиството. За ова убиство со предзнак на „терористички акт" на 30 јуни беа обвинети шест етнички Албанци. На 4 јули низ улиците на Скопје протестираа илјадници етнички Албанци против судењето на осомничените извикувајќи „ние не сме терористи". Мирните демонстрации ескалираа пред „судската палата", а полицијата за да ги растера демонстрантите употреби гумени куршуми, солзавец, шок бомби и водни топови. На 6 јули протести со послаб интензитет се одржаа и во Тетово и Гостивар (Amnesty International Report, 2014/2015).

Во август 2012 година граѓанското движење АМАН организира протести против политиката на Владата за константно зголемување на цените на греењето, на струјата и на горивото. Кон крајот на јануари 2013 година АМАН предадоа петиција потпишана од 13 000 граѓани до Собранието со барање законски да се заштитат потрошувачите од монополското однесување на енергетските компании. Петицијата беше експресно одбиена од пратениците на Собранието во февруари истата година (Дневник, 2013).

Во март 2013 година низ улиците на Скопје се одржаа протести во знак на револт од назначувањето на поранешниот командант на т.н. Ослободителна армија на Албанците за министер за одбрана. Протестите беа организирани од страна на полициските и армиските ветерани од

конфликтот во 2001 година и од граѓани кои изгубиле некого за време на конфликтот. Протестите ескалираа кога демонстрантите најавија дека ќе ја преминатреката Вардар и ќе се упатат во делот од градот каде претежно живее популација со етнички Албанци (Jakov Marusic, 2013а). Од страна на припадниците на етничката заедница на Албанците беа организирани контрапротести во знак на поддршка на именувањето на новиот министер за одбрана. Контрапретестантите тргнаа кон Владата каде што протестираа поранешните припадници на полицијата и армијата од 2001 година. Доколку се судреа двете групи на демонстранти постоеше можност од повторно разгорување на меѓуетничките тензии. Со цел да се спречи ваквиот развој на настаните полицијата се обиде да ги растера демонстрантите од пред Владата и контрапротестантите да ја преминат реката Вардар. Притоа беше користен солзавец и оклопни возила. Демонстрантите се поделија на помали групи кои започна насилно да се однесуваат низ улиците. Неколку демонстранти беа повредени, а беа запалени и автобуси и оштетени неколку возила кои случајно се најдоа на патот на демонстрантите (Jakov Marusic, 2013б).

Во 2013 година се одржаа неколку протести насочени кон опозициониот градоначалник на општина Центар. Интересно е тоа што протестите беа организирани од партиски активисти на владејачката ВМРО – ДПМНЕ и поддржани од Владата. Изговор за протестите беше одлуката на градоначалникот да го прекине финансирањето на проектот „Скопје 2014“ кој беше и причина за исфрлањето на пратениците на опозицијата од Собранието во декември 2012 година и за бојкотот. Во јуни 2013 година протестираше граѓанската организација Веритас, чии основач беше брачен другар на еден тогашен заменик министер, протестираа против наводната одлука на градоначалникот да го сопре градењето на црквата Св.Константин и Елена во строгиот центар на градот. Во текот на

протестите, градоначалникот беше евакуиран од неговите работни простории (Jakov- Marusic, 2013в).

Во 2013 и 2014 година се одржаа протести организирани од страна на Здружението на новинари на Македонија. Новинарите беа огорчени од влијанието на Владата врз слободата на медиумите и од судските процеси кои се водат против новинарите поради наводни клевети на високите функционери за корупција. Протестите беа организирани и во знак на поддршка на новинарот Томислав Кежаровски кој беше осуден на четири години затворска казна за наводно откривање на идентитет на заштитен сведок во 2008 година поврзан со судскиот случај „Ореше“. Провладините медиуми и нивните новинари организирани во паралелното здружение наречено Асоцијација на Македонски новинари ги осудија протестите на своите колеги од Здружението на новинари на Македонија притоа истакнувајќи дека постои слобода на медиумите во Македонија (Freedom House Report, 2014).

Во декември 2014 година, паралелно со студентските протести се одржаа и протести на хонорарните работници. Протестите произлегоа како резултат на владиниот предлог Закон за хонорарците со кој се предвидува плаќање на данок и придонеси за хонорарите, авторските договори и договорите на дело во висина од 35%. Образложението на Владата беше дека со ваквото законско решение ќе се намали невработеноста и ќе се реши статусот на работниците кои работат на црно. Револтот беше дополнително стимулиран од одлуката на Владата од овој Закон да се изземат хонорарите кои ги примаат владините функционери членови на управни и надзорни одбори на јавните претпријатија. Протестот започна на 22 декември кога над 3 000 демонстранти преку протестен марш и поддржани од неколку невладини здруженија како „Ленка“ и “Солидарност“, новинари, уметници, синдикалци и други се упатија кон

Собранието, а потоа кон Министерството за труд и социјална политика, и на крај пред Владата (Телеграф, 2014).

Протестите на хонорарците продолжија и на 13 февруари 2015 година, два дена после дополнителните законски измени од страна на Собранието со кои Владата ги олесни условите за давачки за лицата кои се вработени и земаат хонорари, а за лицата кои не се вработени се намали сумата на која што треба да се плаќаат придонесите. Ваквите измени на Законот беа експресно отфрлени од страна на синдикатите и незадоволните хонорарци и побараа целосно повлекување на Законот. Во меѓувреме Собранието донесе и закон со којшто се трансформира работниот однос на околу 3.000 волонтери и хонорарци во државните институции, со што тие ќе станат редовно вработени (Трајковска, 2015).

### 4.4.2 Студентско-средношколски протести

Манифестацијата на ненасилен отпор од страна на студентите преку протести, бојкот и други методи и форми на ненасилство во поновата историја на Македонија започнаа во 1989 година и континуирано со послаб или посилен интензитет се манифестираа до ден денешен. Научените лекции од минатото, но и праксата покажа дека студентите секогаш се движечка сила на позитивните промени во едно општество. Пред налетот на манифестација на ненасилство на студентите „треперат“ не само демократските туку и тврдокорните недемократски системи на владеење. Организираноста, единството во барањата и истрајноста се движечката сила на студентите при манифестирањето на ненасилниот отпор и принудувањето на власта да ги прифати нивните барања. Во Република Македонија забележани се повеќе студентски протести.

Меѓутоа, во овој труд ќе ги обработиме оние од 1997 година и последните од 2014/15 година за кои сметаме дека се најкомплексни по својата манифестација на ненасилен отпор.

Во периодот од „јануари до март 1997 година се случија и првите помасовни студентски протести во нашата земја кои траеа 35 денови од кои имаше 15 денови штрајк со глад и учествуваа над 20 000 демонстранти"(Nikolovski, 2010:26). Повод за протестите беше Предлог-закон за употреба на албанскиот јазик на Педагошката академија предложен од тогашниот министер за образование. Со овој Предлог - закон власта направи обид да го реши проблемот со високото образование на Албанците. Ситуацијата беше премногу тензична порати фактот што години station наназад албанските студенти се запишуваа на непризнаениот албански универзитет во Мала Речица, а и неколку месеци со ред ја бојкотираа наставата на Педагошката Академија во Скопје. Со цел да го амортизира ваквиот непожелен тренд, власта преку предлог законот за Педагошката академија се обиде на мала врата да го воведе албанскиот јазик во високото.

Поконкретно со предлог законот се предвидуваше студентите албанци да посетуваат настава на својот мајчин јазик. Студентите претежно македонци на Педагошката академија предводени од студентската организација, излегуваат со свои барања за повлекување на законот за Педагошка академија и донесување нов закон за високо образование, неотповиклива оставка на тогашната министерка и на претседателот на Сојузот на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Кон ваквите барања се приклучува и Ректоратот од универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, како и незадоволната опозиција и професорите кои сметаа дека одредбите од законот се противуставни. Против ваквото законско решавање на овој проблем беа и

студентите албанци кои неколку месеци ја бојкотираа наставата на Педагошката академија (Nikolovski, 2010).

Официјално, првите студентски протести се случуваат на 14 јануари 1997 година под мотото „За заштита на Уставот“. Протестите траат четири дена, а кулминација достигнуваат на 17 јануари кога една група на студенти јавно палат копии од дневниот весник „Дневник“ во знак на протест поради нереалното известување. На непризнаениот тетовски универзитет во Мала Речица се одржуваат контра протести на кој се осудуваат протестите во Скопје. Во наредните десетина дена ситуацијата се смири, но на 27 јануари во јавноста е објавено писмо потпишано од 460 професори и асистенти од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во кое се предупредува дека со законот за Педагошкиот факултет се прави „чекор напред во промоција на мултијазичноста во Македонија, измена на нејзиниот Устав, поделба и федерализација на државата“ (Георгиевски, 2007). Без оглед на притисокот од демонстрантите, Собранието го усвојува Законот за Педагошка академија. Тоа во февруари предизвика нов бран на незадоволство и протести од студентите поддржани од средношколците и нивните родители. Дел од студентите и средношколците ја бојкотираа наставата и масовно протестираа на улиците. Демонстрантите ги проширија своите барања и со оставка на Владата. Во манифестирањето на своето незадоволство демонстрантите фрлаа јајца, камења, конзерви, овошје и зеленчук врз Министерството за образование, Владата и Собранието. Меѓутоа, Владата не отстапи од својата намера за примена на Законот. Тоа претставува стимул за дваесетина студенти да ги радикализираат своите протести преку штрајк со глад. Протестите официјално завршуваат на 18 март со прекин на штрајкот со глад.

Вторите поголеми студентски протести се одржаа во ноември 2014 година кога студентите незадоволни од реформите во високото

образование и најавата на Владата за воведување на екстерно тестирање и за студентите, како и од секојдневните измени и дополнувања на Законот за високо образование својот став го изнесоа преку протести пред Владата. Првите протести се одржаа на 17 ноември 2014 година кога околу три илјади студенти низ мирен марш се упатија кон Владата да протестираат против најавите за воведување на државен испит на универзитетите, но и од недостиг на дебата и глувоста на Владата и Министерството за образование. Владата ги игнорираше барањата на студентите и не превзеде ништо туку продолжи со остварување на својата цел за воведување државен испит на универзитетите. Во меѓувреме, студентите се организраа во Студентски пленум кој беше поддржан од професорите и средношколците, кои исто така формираа свои пленуми. Следниот протест беше одржан на 10 декември истата година кога се собраа над десет илјади студенти кои се упатија и протестираа пред Владата со цел да ги предадат своите барања во однос на екстерното тестирање и измените на Законот за високото образование. Студентите протестираа под мотото „Стоп за лошите реформи“. Меѓутоа, и тоа не ја поколеба Владата да продолжи со поддршката на законските измени и воведувањето на државниот испит за студентите (Фокус, 2014). Студентите секојдневно добиваа поддршка од, професорите, од средношколците и од другите студентски организации. Третиот протест се одржа на 26 декември кога Владата најави дека ќе се гласа во Собранието за измените и дополнувањата на Законот за високото образование. Интересно е да се каже дека паралелно со професорскиот плену, кој го поддржуваше протестот на студентите, беше формиран и контра професорски пленум од универзитетски професори кои ги поддржуваа реформите во образованието (Либертас, 2015). Се работеше претежно за професори блиски до владејачката партија кои под закана и присила дека ќе ги загубат работните места беа приморани да го формираат контра професорскиот пленум.

Студентите преку портестите не успеаа да ја разубедат Владата да ги повлече измените и дополнувањата на Законот за високото образованите. Поради тоа одлучија следниот чеккор да го споровдат вонинституционално онаму каде што се најаки на самите факултети, преку „окупација“ и бојкот да ја бранат автономијата на универзитетите. Тие прогласија автономна зона на Универзитетот и побараа од Владата нов Закон за високо образование. Официјално окупацијата и бојкотот на факултетите започна на 10 февруари 2015 година (Бриф, 2015). Окупацијата и автономните зони низ факултетите започнаа да се шират низ сите градови во Македонија и низ сите универзитети (NoviniMk, 2015). Бојкотот и окупацијата на факултетите беше прекуината на 25 февруари кога Владата попушти пред барањата на Студентскиот и професорскиот плениум, ги суспендира измените на Законот и се согласи да се изработи нов Закон за високо образование со вклученост на студентите и професорите(Блажевска, 2015).

Преку ненасилството и ненасилниот отпор, студентите успеаја да им оддолеат на притисоците на власта и да ја одбранат автономијата на универзитетите. На власта не и помогнаа и нејзините контра пленуми формирани со цел да шират раздор меѓу професорската фела и студентите и средносшколците. Студентите покажаа и докажаа дека се движечката сила на едно општество и покажаа како се манифестира ненасилниот отпор во ненасилната борба против владината политика за контрола на образованието.

### 4.5.Бојкот

Правото на манифестирање на останатите облици на ненасилен отпор не се прецизно дефинирани во позитивните законски прописи во нашата земја. Меѓутоа, во член 8 се вели дека „во Република Македонија слободно е се што со Уставот и закон не е забрането“ (Устав, 1991:чл.8). со други зборови бојкотот никаде не е забранет што значи дека граѓаните го имаат и тоа право за изразување на своето несогласување со одредени одлуки на власта како ненасилен метод.

Бојкотот во Република Македонија досега е спроведуван од страна на политичките партии, од страна на етничките заедници, од страна на студентите и слично. Првиот бојкот врз етничка основа се случи во 1991 година од страна на српското и албанското малцинство во Македонија. Нивните политички претставници ги повикаа овие малцинства да не излегуваат на референдумското изјаснување. Главниот изговор беше поврзан со нивниот инфериорен статус во државата. Вториот политички бојкот се случи на денот на носењето на Уставот на Република Македонија на 17 ноември кога пратениците од албанските партии во Собранието на Република Македонија, непосредно пред гласањето за Уставот ја напуштија седницата и го бојкотираа носењето на Уставот (Widner, 2004).

Бојкотот на Албанците од Република Македонија во наредната година (1992) се продлабочи и премина во протести низ градовите населени претежно со етнички албанци. Овој политички бојкот ескалира со организирањето на нелегален референдум за одвојување на албанците од Македонија и формирање на автономна област т.н. „Илирида“. Во 1996 година Албанците протестираа за признавање на незаконски формираниот

Тетовски универзитет и за употребата на албанскиот јазик во висококто образование.

Следниот посериозен бојкот на законодавиот дом се случи за време на парламентарните избори во 1994 година. Имено, тогаш опозиционата партија ВМРО ДПМНЕ ја обвини владејачката СДСМ дека ги фалсификувала резултатите од првиот круг од парламентарните избори и го повика своето членство да не излегува на гласање во вториот круг на изборите. Тоа и овозможи на владејачката партија да владее со државата без опозиција во наредниот четиригодишен период и со примена на „авторитарни“ методи да го започне процесот на транзиција проследен со приватизација и трансформација на општествениот и државниот капитал под „сомнителни“ услови. Резултатите од отсуството на опозицијата од институциите на власта и од „сомнителната“ приватизација на општествениот и државниот капитал доведоа до продлабочување на политичката криза и на економската состојба во земјата. Како резултат на влошената економска состојба, голем број од вработените во државните фирми ги загубија своите работни места, а на голем дел долги години не им беше решен статусот. Тоа го означи периодот на масовни протести и штрајкови на стечајните работници, на работниците од загубарите, но и на вработените во јавниот сектор. Ненасилниот отпор односно политичкиот бојкот на институциите на власта од страна на тогаш опозиционата ВМРО ДПМНЕ и овозможи на наредните избори во 1998 година да ја освои власта.

Следниот посериозен политички бојкот на законодавниот дом се случи во јануари 2011 година кога опозиционата СДСМ ја бојкотираше работата на Собранието во знак на протест против владината политика за засилено влијание и обидот за воспоставување на контрола врз медиумите. Имено, под изговор за затајување на данок и други финансиски

малверзации, Владата донесе селективна одлука да ја затвори проопозициски настроената А1 телевизија, а нејзиниот сопственик во експресен судски случај беше осуден на казна затвор. Ваквата одлука за затворање на проопозиционата телевизија предизвика дополнителен револт и незадоволство не само кај опозиционите партии туку и кај народот. Новинарите реагираа дека контролата на власта врз медимите доведе до самоцензура, а лидерот на опозицијата ќе истакне дека „Владата сега ги контролира сите медиуми било електронски било печатени. Тие се најголемите рекламатори, и тие сега можат да вршат притисок“ (Заев како во Hope, 2013).

Подоцна во декември 2012 година, повторно беше манифестирано незадовоство преку одлуката за примена на ненасилниот политички бојкот на законодавниот дом од страна на опозиционите партии предводени од СДСМ. На настанот му претходеше жестока дебата која кулминира со обидите да се спречи гласањето за буџетот 2013 година од страна на опозицијата. Опозицијата за обвини власта дека 2.4 милијарди евра проектираниот буџет за 2013 година траба да се скрати за 196 милиони евра предвидени за проектот „Скопје 2014“ (Lutovska, 2012). Опозиционите пратеници беа решени по секоја цена да го спречат носењето на ваквиот буџет. Тие имаа долги дебати на собраниската говорница, поднесоа околу 1 200 амандмани за скратување на буџетот, дебатираа, протестираа и на крај ја „окупираа“ собраниската говорница. Со цел да овозможи гласање за буџетот за 2013 година, претседателот на Собранието да го повика обезбедувањето и полицијата за насилно да ги отстрани пратениците од опозицијата и новинарите од Собранието. Пратениците и новинарите беа насилно влечени и исфрлени од собраниската сала (Marx, 2013). Тоа резултираше со политичка криза и бојкот на законодавниот дом од страна на сите опозициони партии.

Тензиите од парламентот се префрлија на улиците, преку протести, блокади и повик на граѓанска непослушност. Се организираа партиски протести пред Собранието во знак на протест против не добро структурираниот буџет за 2013 година и насилното исфрлување на пратениците и новинарите од Собранието. Во текот на протестите демонстрантите го пробија полицискиот кордон, при што полицијата употреби сила. Одговорот на опозицијата продолжи со блокирање на одредени раскрсници во Скопје и низ другите градови во државата, а се организираа и серија на политички митинзи и протесни маршеви скоро низ сите градови (Jakov Marusic,2013г).

Во контекст на одлуката на опозицијата да се пресели на улиците и да протестира тогашниот лидер на СДСМ ќе истакне дека „од денес Македонија нема Устав, нема парламент, нема Влада. Ние имаме диктаторски режим од една страна и луѓето од другата страна“(Lutovska, 2012). Од друга страна тогашниот премиер ќе истакне дека “приказната за буџетот...е само параван на последната битка на Црвенковски за да преживее на политичката сцена. Ова е првиот неуспешен насилен обид да се срушат демократските институции и легитимно избраната влада на слободни и демократски избори“(Lutovska, 2012).

Ситуацијата привидно се смири под силно влијание на странските дипломати и организирање на редовните локални и преседателски избори во 2013 година и вонредните парламентарни избори во 2014 година. Локалните и претседателските избори беа под силна закана од политички бојкот од страна на опозицијата. Опозицијата бараше прочистување на избирачкиот список и организирање на фер и демократски избори. Меѓутоа, владејачката партија ги игнорираше барањата на опозицијата односно ги отфрли сите нивни барања. Во секој случај, под силно

меѓународно влијание компромис беше пронајден, а опозицијата сепак излезе на избори.

Ситуацијата со политичкиот бојкот на опозицијата се радикализира за време на предвремените парламентарни избори во 2014 година, кога, опозицијата веднаш после завршувањето на гласањето ја обвини владејачката партија дека ја фалсификувала волјата на граѓаните и ги фалсификувала изборите. Тоа предизвика продлабочување на политичката криза и континуитет на политичкиот бојкот на законодавниот дом од страна на опозицијата. Веднаш после верификувањето на пратеничките мандати од страна на надлежните органи, избраните опозициони пратеници поднесоа писмени оставки до претседателот на Собранието. Ваквата одлука за бојкот на опозицијата и овозможи на актуелната власт непречено на моменти „авторитарно“ да владее со државата слично како пред дваесетина години.

Незадоволството на опозицијата кулминира кога на 31 јануари 2015 година, во своето обраќање пред граѓаните, тогашниот претседател на Владата на Република Македонија го обвини лидерот на опозицијата и уште три лица во „соработка со странски разузнавачки служби имале снимено телефонски снимки од целиот државен врв и дека подготвувале „пуч“ за насилно да ја преземат власта во Република Македонија“ (обраќање на Груевски, 31.01.2015). На ваквите обвинување, истиот ден лидерот на опозицијата јавно обелодени дека поседува докази во вид на телефонски разговори за нелегално прислушување на над 20 000 граѓани, вклучително и на министрите од Владата, бизнис заедницата, новинари, опозицијата, од страна на владејачката партија и Управата за безбедност и контраразузнавање. Исто така, лидерот на опозицијата го најави проектот „Вистината за Македонија“ со кој ќе започне јавно да ги презентира доказите т.н. „бомби“ со кои ќе се делегитимира власта и ќе се разоткрие

сторениот криминал, фалсификувањето на изборната волја на граѓаните, коруптивните и сомнителни зделки, сомнителни приватизации, неразјаснети убиства и слично на владејачките функционери. „Повеќе од 20000 луѓе биле прислушувани изминативе четири години. Спроведувањето на овој процес бил директно воден од првиот човек на Управата за безбедност и контраразунавање и од тогашниот премиер и лидер на владејачката партија. Прислушувани биле „политичари, бизнисмени, лица од јавниот живот, новинари, судии, обвинители, членови на верските заедници и странските дипломати“ (Дневник, 2015).

Лидерот на опозициската СДСМ уште и истакна дека „ваква широка операција на прислушување и тонско следење во ваков обем е невозможна без учество на Министерството за внатрешни работи, односно Управата за безбедност и контраразуанавање и без поврзаност со мобилните оператори, притоа барајќи да се изврши и вештачење на снимките со што ќе се докаже дека се снимени со опрема на УБК. Она што ќе го видите и слушнете, ги надминува и најцрните очекувања“ (Заев, 2015).

Лидерот на опозицијата започна со јавно презентирање на доказите и телефонските разговори односно популарно наречените „бомби“. Презентирањето на „бомбите“ придонесе дополнително да се усложни политичката криза во Република Македонија и предизвика бран на незадоволство и манифестирање на граѓански протести низ повеќсто градови во државата. Ситуацијата кулминира со објавувањето на телефонските разговори поврзани со убиството на младиот Мартин Нешковски на самиот ден на изборната победа на ВМРО ДПМНЕ во 2011 година и обидот на власта да го прикрија убиството поради инволвираноста на блиски луѓе од обезбедувањето на Претседателот на Владата на Република Македонија. Неколку часови после објавените телефонски снимки на 5 мај 2015 година, неколку илјади граѓани се собраа

пред Владата со цел да го изразат своето незадоволство од „прикривањето на доказите од страна на власта“. За смирување на тензиите не помогна ниту прес конференцијата на тогашниот министер за внатрешни работи, кој инаку беше еден од главните компромитирани функционери во телефонските разговори. Во знак на револт, демонстрантите фрлаа кон зградата јајца, зеленчук, камења и слично. Меѓутоа, во групата на демонстрантите, според исказите на очевидци и учесници, беа забележани неколку групи на „провокатори“ кои ја провоцираа полицијата распоредена пред зградата на Владата, но и ги поттикнуваа граѓаните на насилно однесување што доведе и до интервенција на полицијата за разбивање на насобраните демонстранти. Според пишувањата на интернет порталот „Либертас“, кој повикувајќи се на извори од Министерството за внатрешни работи, „акцијата за разбивање на протестите на 5 мај, „ја следел и водел лично Премиерот Груевски преку салата со монитори каде биле вклучени безбедносните камери (на МВР) од настаните пред Владата...Наредбата специјалците да дејствуваат прво со потиснување, а потоа со тепање и ставање лисици на највоинствените демонстранти ја дал лично премиерот со зборовите *да нападенеме*“.

Акцијата за растерување на демонстрантите од страна на полицијата започна со нивно потиснување, а беше планирано да се употребат и водени топови и да се изврши популарното “туширање“ на демонстрантите. Во текот на акцијата, според извори од Министерството за внатрешни работи повредени биле околу 40 полицајци, а според Хелсиншкиот Комитет за човекови права на Република Македонија, а и врз информациите од медиумите од 9 мај, приведени се 42 лица, а на 13 од нив им е одредена мерка притвор, а на дел од нива Јавното обвинителство поднесе и обвинителен акт за учество во толпа. Полицијата дел од демонстрантите ги приведе неколку денови после протестите врз основа

на нивна идентификација преку безбедносните камери.. Бруталноста на полицијата и несразмерната употреба на сила најдобро се виде и од упадот на специјалците во преполната читална со студенти и средношколци на Градската библиотека „Браќа Миладиновци“, под изговор дека бараат избегани демонстранти. Ваквиот непромислен чин на полицијата предизвика дополнителен револт кај затекнатите студенти и средношколци, а и кај јавноста.

Вака комплицираната и тензична ситуација, дополнително се усложни и со акцијата на полициските сили на 9 мај во Куманово против сузбивањето на „наводната терористичка група“ при што загинаа 5 припадници на полицијата, а преку 30 беа ранети. Според првичните информации на Министерството за внатрешни работи изнесени од страна на тогашниот министер, приведени биле 20 терористи (Јанкуловска, 2015). Меѓутоа, конечната бројка на загинати припадници на полицијата се искачи на 8 кога 3 ранети полицајци починале на клиниките. Според исказот на портпаролот на Министерството за внатрешни работи изнесен на прес конференција на 10 мај припадниците на полицијата пронашле 14 тела на убиени терористи, а се предале над 30 терористи (Котевски, 2015). Неколку дена подоцна, Јавното обвинителство излезе со официјална бројка од 10 убиени терористи (СИТЕЛ ТВ, 2015).

Разликата во бројот на пронајдени тела на убиени терористи од припадниците на полицијата и Јавното обвинителство ја отвори дилемата каде исчезнаа тие мртви терористи. Опозицијата наредниот ден изрази сомнеж во информациите на власта дека се работи за терористичка група која имала намера да напаѓа болници, трговски центри и друга критична инфраструктура и продолжи да објавува прислушувани телефонски разговори и најави сенароден граѓански протест за 17 мај пред зградата на Владата и го повтори своето барање за оставка на Премиерот и на целата

Влада. Ваквото барање на опозицијата беше отфрлено, но по силниот притисок на странските амбасадори акредитирани во нашата земја, оставки поднесоа двајца министри и Директорот на Управата за контраразузнавање. Во одговор на најавениот протест на опозицијата за 17 мај, лидерот на владејачката партија и тогашен премиер најви контра протест за 18 мај со намера да прати јасна порака пред меѓународниот фактор дека народот стои зад неговата политика.

На 17 мај, опозицијата го одржа најавениот масовен сеграѓански и мирен протест пред Владата на која присуствуваа не само опозиционите партии, туку и студентите, дел од невладините организации, граѓански здруженија, новинарите, хонорарците, но протестираа и дел од другите етнички групи односно албанците. Бројот на присутните граѓани варира во зависност од медиумите односно провладините медиуми известуваа дека на протестот има околу 20 000 граѓани, а проопозиционите медиуми и дел од медиумите од регионот манипулираа со бројки од 100 000 граѓани. Меѓутоа, реалистично гледано според големината на просторот на кој се одржуваше протестот и претпоставениот број на лица на метар квадратен бројката се сведува на некаде од 50 до 55 илјади граѓани. Во своето обраќање пред насобраните граѓани, лидерот на опозицијата побара оставка на Владата и најави дека протестот пред Владата ќе продолжи се додека истата не поднесе оставка. Веднаш после тоа беа поставени шатори пред владата од страна на организаторите на протестот.

Наредниот ден на 18 мај пред Собранието на Република Македонија се одржа и најавениот контра протест организиран од страна на владејачката партија. Бројот на присутните граѓани на контра протестот вариraше во зависност од медиумите односно провладините медиуми известуваа дека на протестот има околу 90 000 граѓани, а проопозиционите медиуми и дел од медиумите од регионот манипулираа

со бројки од 30 000 граѓани. Меѓутоа, реалистично гледано според големината на просторот на кој се одржуваше протестот и претпоставениот број на лица на метар квадратен бројката се сведува на некаде од 40 до 45 илјади граѓани. Во своето обраќање пред насобраните граѓани, лидерот на владејачката партија и премиер истакна дека нема да има никави отстапки по однос на нереалните и максималистички барања на опозицијата. Слично како и опозицијата и дел од котра демонстрантите поставија шатори пред Собранието на Република Македонија во знак на поддршка на политиката на Владата и под мотото за „одбрана на демократијата“.

Под силен притисок на меѓународната заедница и на странските амбасадори во нашата земја, на 19 мај во Стразбур се одржаа маратонски разговори меѓу лидерот на владејачката партија и лидерот на опозицијата под медијаторство на претставници на Евроскиот Парламент со цел да се изнајде взаемно прифатливо решение и компромис за надминување односно разрешување на политичката криза и ситуацијата во која се најде Реублика Македонија.

## Заклучок

Од изнесените податоци во трудов добиени врз основа на референтна странска и домашна литература, може да констатираме дека ненасилството и ненасилниот отпор на граѓаните против тиранијата и недемократското владеење се јавува константно. Меѓутоа, ненасилниот отпор се појавува и во демократските системи на владеење секогаш кога некое нивно демократско право или слобода е загрозено или повредено. Повикот за ненасилство своите зачетоци ги има во античките филозофски размислувања кои ги советуваат граѓаните дека можат да не ги почитуваат секогаш одлуките на владетелите. Забележани се практични примери на ненасилен отпор уште во античка Грција кај Сократ и во Стариот Рим изразен преку напуштањето на плебејците на Рим во знак на протест поради лошиот однос на Сенатот. Забележано е и одбивање на христијаните да служат во римската војска, како и други примери. Ненасиството се забележува и со појавата на религиозните движења односно во христијанството и исламот.

Во средниот век присутни се размислувања на средновековните филозофи за манифестација на ненасилство во остварувањето на правата на граѓаните. Тоа ненасилство најчесто се поврзува со почитувањето на „божјите закони“ од страна на луѓето. Верниците се советуваат дека она што не е во согласност со „божјите закони“ не се обврзани да го почитуваат. Во подоцнежниот период од средниот век се појавуваат размислувањата за одвојување на државните работи од црковните и слично.

Ненасилството и ненасилниот отпор беше двигател на борбата на доселениците во Америка против британскиот колонијализам и основа за

донесувањето на Декларацијата за независност на САД. Концептот на ненасилен отпор поголема популарност добива во XIX век особено со појавата на делото на Thoreau “Civil Disobedience” (Граѓанска непослушност). Со ова дело за прв пат луѓето се повикуваат јавно да го манифестираат ненасилниот отпор со цел да се стави крај на едно насилство. Конкретно се работи за војната помеѓу САД и Мексико, а граѓаните се повикуваат да не плаќаат данок, да не се одзиваат на повикот за регрутација и слично. Концептот за ненасилен отпор најмногу се разработува во XX век преку делата на Ганди и посебно на неговиот најголем поборник Џин Шарп. На концептот на ненасилство посебно внимание му посветуваат и други автори, а ширум земјите во светот формирани се и низа на институти, фондации, невладини организации и слично кои го пооучуваат овој концепт секојдневно.

Благодарение на научниот пристап во разработката на Концептот за ненасилен отпор Шарп идентификувал над 200 методи кои им стојат на располагање на граѓаните во одбрана на нивните демократски права и слободи и во борбата против злоупотребата на моќта во демократските системи и недемократското владеење. Меѓутоа, граѓаните користат ограничен број на методи и форми на ненасилен отпор во нивната борба, Најчесто употребувани се протестите/демонстрациите, протестните маршеви, штрајковите, бојкотот, граѓанската непослушност, блокирањето на комуникациите и слично. Примената на овие методи и форми најчесто ја принудуваат власта да направи отстапки во корист на граѓаните.

Колонијализмот, како недемократски систем на владеење во XIX и XX век е нашироко распространет, а тој претставува плодно тло за примена на ненасилството и ненасилниот отпор на колонизираните народи против моќните и репресивни колонијалисти. Така, преку анализата на литературата констатиравме дека првиот помасовен и поорганизиран

ненасилен отпор се појавува токму во колонијалнизираните земји како Индија и Пакистан. Ненасилната борба на индискиот народ ја предводи Махатма Ганди, а додека Khan ја предводи борбата на пакистанскиот народ кој во тој период е во рамките на една држава со колонијално владеење. Преку ненасилен отпор тие првично се изборија за ограничена автономија во триесеттите години на минатиот век, а подоцна цо четириесттите години успеаја конечно да ја поразат моќната британска колонијална империја и да се изборат за независност. Подоцна, примерот на Ганди и на Khan за ненасилен отпор и ненасилна борба ќе го следат и другите поробени народи под стегите на колонијализмот на патот кон нивната слобода.

Ненасилството и ненасилниот отпор беше моќно оружје на народите кои беа потлачени од недемократските системи на владеење односно против тоталитарните, авторитарните , диктаторските, еднопартиските, автократските владеења. Ненасилниот отпор е забележан во борбата против суровото и тоталитарно владеење на нацистите во нацистичка Германија, против фашистичкото владеење на Мусолини во Италија, против Сталинизмот во поранешниот Советски сојуз, против еднопартиските и диктаторски комунистички ситеми во Источна и Централна Европа и во други делови во светот. На пример ненасилниот отпор против Нацистичка Германија во најмала рака придонесе Втората светска војна да заврши две години порано.

Научените лекции ни кажуваат дека борбата против недемократското владеење е тешка и макотрпна, пред се поради употребата на репресивниот апарат на државата од страна на владејачките елити за нивно одржување на власт. Тие во таа борба не се ограничуваат својот бес да го истурат врз сопствениот народ само да опстојат на власт. Секоја позитивна мисла и секој облик на организирање против

владејачкиот режим се сузбива сурово и безмилосно. Меѓутоа, граѓаните сепак успеваат потајно да се организираат и да дејствуваат против ваквите недемократски системи на владеење најчесто со примена на методите и формите на ненасилство и ненасилен отпор. Недемократските системи на владеење најчесто ги забрануваат или поблаго речено ги ограничуваат обидите на граѓаните да го изразат своето незадоволство против нивното владеење. Доколку се организираат на пример протести тие секогаш се со предзнак на поддршка на актуелниот режим и истите во најголем број на случаи се организирани од самиот режим.

Историјата покажала дека не постои режим кој може вечно да владее со својот народ со примена на недемократски методи на владеење. Народот секогаш е истраен во својата борба за стекнување на поголеми демократски права и слободи. Во таа борба тој најчесто го користи ненасилството и ненасилниот отпор и скоро секогаш успева да извојува победа против недемократското владеење. Тоа се случува кога манифестацијата на ненасилство ќе добие на масовност и истрајност и во тој случај недемократските режими на владеење се рушат како „кула од карти“ и најчесто демократијста стапува на сцена. Тоа впрочем и се случи во деведесеттите години на минатиот век кога во еден бран беа срушени скоро сите недемократски еднопартиски системи на владеење во Источна и Централна Европа. Тоа се случи и во Северна Африка во XXI век кога во еден бран како домино ефект беа срушени авторитарните системи на владеење во Тунис, Египет, Либија и слично. Во одредени случаи, постои опасноста одредно недемократско владеење да се замени со друго недемократско владеење.

Покрај во недемократските системи на владеење неансилството и ненасилниот отпор се манифестира и во демократските системи на владеење. Во демократските системи во најголем број е нормативно

правно регулирано правото на граѓаните да го манифестираат своето незадоволство преку методите и формите на ненасилен отпор. Тоа се смета за вистинска придобивка на демократијата која граѓаните со сите сили ја бранат. Манифестацијата на ненасилниот отпор во овие системи најчесто претставува знак за владејачката елита да преземе корективни и реформски зафати за да ги отстрани неправилностите. Методите и формите на ненасилен отпор секогаш се манифестираат кога народот ќе забележи злоупотреба на моќта од страна на власта.

Најчести методи и форми на ненасилен отпор кои ги применуваат граѓаните се штрајкот, протестите, бојкот, граѓанската непослушност, несоработката и слично. Постојат редица примери кога пред налетот на ненасилниот отпор на граѓаните власта прави отстапки.

Во овој труд направивме селективен пристап во изборот на случаите на практична манифестација на ненасилен отпор. Изборот беше навистина тежок, а ограниченоста на просторот не ни дозволи да презентираме повеќе примери. Така ги анализиравме и ги претставивме оние примери за кои ценевме дека на најдобар начин ќе ја поддржат тезата за ненасилство и ненасилен отпор во овој труд. Вниманието го посветивме на тоа да бидат опфатени примери кои се случувале во демкратските и во недемократските системи на владеење и оставиле длабок белег врз денешниот начин на демократско живеење.

Во трудов една глава е посветена на манифестацијата на ненасилство и на ненасилен отпор од страна на граѓаните во Република Македонија. Преку анализа на позитивните законски прописи и Уставот на нашата земја констатиравме дека дел од методите и формите на ненасилен отпор се регулирани во највисокиот правен Акт Уставот, а подетално се разработени во законите. Најголемо внимание е посветено на штрајкот и на синдикалното организирање на работниците кое е опфатено во вкупно

11 закони во Република Македонија. Протестот единствено е регулиран само во Уставот, а забрането е само формирањето на воени и полувоени здруженија кои не им припаѓаат на вооружените сили на Републиката. Другите методи и облици на ненасилство и ненасилен отпор не се забрануваат никаде поради тоа што и не се споменати. Меѓутоа, во уставот постои одредба која што вели дека во Република Македонија е дозволено се што со Устав и закон не е забрането. Со тоа констатирав дека и другите методи на ненасилен отпор им стојат на располагање на граѓаните во манифестирањето на нивното незадоволство.

Преку анализата на литературата и пишувањата во медиумите констатиравме дека ненасислството и ненасилниот отпор во Република Македонија граѓаните го манифестираат позасилено во деведесеттите години на минатиот век. Практичната манифестација е забележана преку организирањето на штрајкови во фирмите во поранешната заедничка држава. Во 1989 година студентите во Македонија го организираат и својот прв студентски протест.

Ненасилниот отпор изразен преку протести беше клучниот елемент во периодот на осамостојување од поранешната заедничка држава. Тој придонесе поранешната ЈНА мирно да се повлече, а нашата земја беше единствената република која по мирен пат се осамостои од заедничката федерација. Меѓутоа, со независноста дојдоа и првите посериозни штрајкови на работниците за поголема социјална правда, се организираа и првите протести по етничка основа, се случи и првиот бојкот на политичка и етничка основа. Се случи и економското ембарго од Грција, но и низа протести на етничка, политичка и друга основа.

Во Република Македонија во изминатите две и половина децении своето незадоволство преку ненасилен отпор односно протести го манифестираа измамените граѓани од пирамидалните штедилници. Своето

незадоволство преку штрајкови и протести го манифестираа работниците од пропаднатите фабрики, од фабриките кои беа под стечај, но и вработените во јавната администрација кои бараа поголеми права и слободи.

Протести се забележани и од политичките партии по етничка основа. Овие протести беа и една од причините за воениот конфликт од 2001 година. Но и две години претходно по етничка основа се протестираше и против военото бомбардирање на НАТО врз Србија.

Студентите во два наврати го изразија своето незадоволство против засиленото мешање на политиката во образованието во 1997 година, а по вторпат и во 2014/2015 година. Студентските протести од 1997 година добија и порадикална форма на ненасилство преку штрајкот со глад. Во 2014/15 година, студентите повторно ги радикализираа своите методи на ненасилно дејствување. Тие ја бојкотираа наставата и ги „окупираа" факултетите и прогласија автономни зони на самите факултети. И во двата наврати, политиката на власта отстапи пред барањата на студентите. За почит е и тоа што студентите им оддржаа лекција на политичарите за тоа како се протестира и како се остваруваат правата преку единство и истрајност. Власта не успеа да ги разбие студентските протести ниту преку обидот за организирање на паралелни контра студентски протести во знак на нејзина поддршка.

Во 2015 година, граѓаните протестираа и против бирократскиот однос на државните институции односно против Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување. Неагилноста и бирократскиот однос на овие институции беше причина да се изгуби еден млад детски живот.

Она што загрижува е фактот дека најзастапени се политичките протести во нашата земја. Обвинувањата секогаш се дека оној што е на

власт ја злоупотребува моќта за да се пресмета со опозицијата. Тоа се случи и во 1994 година кога тогаш опозицината ВМРО ДПМНЕ го бојоктира вториот круг од парламентарните избори. Меѓутоа, порадикален настан е оној со протестите на опозицијата од 2011 година па се до денес. Протестите на опозицијата предводена од СДСМ започнаа во 2011 година кога протестираа против обидот на власта да воспостави контрола врз медиумите. Овие протести добија на интензитет за време на т.н. „црн петок“ кога опозиципните партии беа насила исфрлени од собраниската седница под образложение дека ја попоречуваат работата на законодавниот дом и не дозволуваа да се изгласа буџетот за 2013 година. Тоа доведе до продлабочување на политичката криза и бојкот на законодавниот дом од страна на опозицијата. Бојкотот продолжи и после предвремените парламентарни избори од 2014 година, кога опозицијата ја обвини власта дека ја фалсификувала волјата на граѓаните.

Граѓаните многу често посегнуваат по методите и формите на манифестација на ненасилниот отпор во Република Македонија во одбрана и заштита на нивните демократски права. Меѓутоа, во последните неколку години фактите говорат дека власта се обидува да воспостави контрола врз волјата на граѓаните за манифестација на ненасилниот отпор. Имено, констатиравме дека во одбрана на своите политички одлуки, владејачката елита прави обид да формира паралелни здруженија на граѓани, паралелни синдикати, паралелни студентски сојузи, паралелни студентски, средношколски и професорски пленуми, паралелни новинарски здруженија и слично. Тие најчесто се формирани од партиски приврзаници кои работат под партиски диктат и владејачката елита ги користи за да се одржи на власт. Ваквиот тренд е загрижувачки за една демократска држава како што се декларира нашата земја. Ваквите методи на владеење во многу нешто наликуваат на методите на владеење во недемократските системи

каде владејачките елити воспоставуаат контрола во сите сфери на општествено живеење, вклучително и врз приватниот живот на луѓето. Со обелоденувањето на аферата со прислушувањето од страна на опозициониот лидер во 2015 година, на виделина излезе и фактот дека владејачката елита започнала да воспоставува и контрола над приватниот живот на граѓаните преку прислушување на нивните телефонски разговори.

Во секој случај, како што претходно констатиравме, ниту еден режим не може вечно да владее со еден народ. Народот секогаш изнаоѓа начин како да се спротивстави со ненасилен отпор против злоупотребата на власта во демократските системи и недемократското владеење. Притоа на располагање на граѓаните им стојат повеќе методи и форми на ненасилен отпор во нивната борба за одбрана на демократските права и слободи во својата држава.

## Литература


1. Abazi, B. (1996). 15 godina od albanskih demonstracija, *Aim press 15 mart 1996,* http://www.aimpress.ch/dyn/pubs/archive/data/199603/60315-001-pubs-pri.htm.
2. Abdeladhim, M. B. (2011). Tunisian Revolution finds time for a bit of much – needed Facebook humor, *France 24, 24.01.2011,* http://www.france24.com/en/20110123-tunisia-revolution-jokes-facebook-humour-ben-ali.
3. Arendt, H. (1973a). *Crises of the Republic.* London: Penguin .
4. Arendt,H. (1973б). *The Origins of Totalitarianism.* San Diego, New York, London: Harcourt Brace Jovanovich Publishers.
5. Arens, O. and Kaufman, E. (2012). The Potential Impact of Palestinian Nonviolent Struggle on Israel: Preliminary Lessons and Projections for the Future. *The Middle East Journal 66 (2): 231-252.* http://search.proquest.com/docview/1021188480?accountid=31553.
6. Aspey, L.S, & Eppler, K. (2001). *Transforming power for peace.* Plainfield, VT: Alternatives to Violence Project and the Quker Press.
7. Amnesty International Report. (2014/2015), https://www.amnesty.org/en/countries/europe-and-central-asia/macedonia/report-macedonia/.
8. Blazevski, B. (2014). Searching for a better world? The campaigns and other activities of anti – globalization movements in Macedonia. *New Balkan Politics, No. 16.*

9. Bacon, M.H. (1999). *The quiet rebels: The story of the Quakers in America.* Wallingford, PA: Pendle Hill Publications.

10. Bartkowski, M.J. (2009). Movements and Campaigns, Poland's Solidarity Movement (1980-1989). *Nonviolent Conflict*, http://www.nonviolent-conflict.org/index.php/movements-and-campaigns/movements-and-campaigns-summaries?sobi2Task=sobi2Details&catid=26&sobi2Id=8.

11. Bartkowski, M. J.(2013*). Recovering Nonviolent History: Civil Resistance in Liberation Struggles*. Boulder, CO: Lynn Rienner Publishers.

12. Bratslavsky, D. (2011). What's happening in Tunisia?, *Examiner, 16 January 2011,* http://www.examiner.com/foreign-policy-in-cincinnati/what-s-happening-tunisia.

13. Barned-Smith, St. J. (2007). How We Rage: This Is Not Your Parents' Protest. *Current* (Winter): 17-25.

**14.** BBC News, (1968a). 1968: Workers join Paris student protest. *BBC News 13 May,* http://news.bbc.co.uk/onthisday/hi/dates/stories/may/13/newsid_2512000/2512413.stm.

**15.** BBC News, (1968b). 1968: De Gaulle: Back me or sack me, *BBC News 24 May,* http://news.bbc.co.uk/onthisday/hi/dates/stories/may/24/newsid_2988000/2988263.stm.

16. BBC History. (2014). Mohandas Gandhi (1869-1948). http://www.bbc.co.uk/history/historic_figures/gandhi_mohandas.shtml.

17. Beresford, D. (1987). *Ten Man Dead, the story of the 1981 Irish hunger strike*, New York: Atlantic Monthly Press, 841 Broadway.

18. Bogaert, K. (2013). A Reflection on Violence and Democracy. *Jadaliyya, July 03. http://www.jadaliyya.com/pages/index/12587/a-reflection-on-violence-and -democracy.*

19. Branagan, M. (2014). Nonviolent resistance to Nazi Germany: What occurred and what could have occurred. *Social Alternatives, Vol.33, No 4, 31-38.*

20. Brown, B. E. (1974). *The Events of May. Protest in Paris: anatomy of a revolt.* Morristown, NJ: General Learning P.

21. Cambridge Dictionary Online, (2014), http://dictionary.cambridge.org/dictionary/british/protest.

22. Chenoweth, E. (2014). Civil Resistance: Reflections on an Idea Whose Time Has Come*, Global Governance 20,* Lynne Rienner Publishers, , 351-358.

23. Clark, J. Spencer., Thomas S. Vontz and Kristoffer Barikmo, (2008). Teaching about Civil Disobedience: Clarifying a Recurring Theme in the Secondary Social Studies. *The Social Studies, March/April*, Heldref Publications.

24. Craig, M. (2014). Lessons We Keep Learning: Reflections on the Burnaby Mountain Pipeline Opposition, *The Vancouver Media Co-op*, http://vancouver.mediacoop.ca/story/lessons-we-keep-learning-reflections-burnaby-mount/32533.

25. CNN. (2001). Macedonian president flees protesters. *CNN World, Jun 25, 2001.* http://edition.cnn.com/2001/WORLD/europe/06/25/macedonia.talks/.

26. Dekar, P. R. (1993). The Middle East Crises and the Experiments in Nonviolent Action. *Peace Research 25 (3): 93-103.* http://search.proquest.com/docview/213447432?accountid=31553.

27. Dumbach, A. and Newborn, J. (2011). *Sophie Scholl and the White Rose.* Oxford: Oneworld.

28. Easwaran, E. (1999). *Nonviolent solder of Islam: Badshah Khan, a man to match his mountains*. Tomales, CA: Nilgiri Press.

29. Encyclopedia Britannica, (2013). George Buchanan (1506 – 1582). http://www.britannica.com/EBchecked/topic/82825/George-Buchanan.

30. Encyclopedia Britannica, (2014). Rowlatt Acts. http://www.britannica.com/EBchecked/topic/511120/Rowlatt-Acts

31. Fearon, J. D. (1994). Domestic Political Audiences and the Escalation of International Disputes. *American Political Science Review, September, Vol. 88, No. 3 pp. 577–592*; and Pape, *Dying to Win.*

32. Flintoff, J-P. (2013). Gene Sharp: The Machiavelli of non – violence. *New Statesman*, January 03.

33. Flinders, T. (2005). A Muslim Gandhi? Badhshah Khan and the World's First Nonviolent Army. *Peace Power, Berkeley's Journal of Principled Nonviolence and Conflict Transformation. Volume 1, Issue 1.*

34. Freedom House Report. (2014). Nations in Transit: Macedonia, https://freedomhouse.org/report/nations-transit/2014/macedonia#.VRRjZ_l4rdc.

35. Gandhi, M.K. Ed. (1924). Young India English Weekly (November 13), Ahmedabad:Navajivan.

36. Gandhi, M.K. Ed. (1939). Harijan English Weekly (April 5), Ahmedabad:Navajivan.

37. Grupa Autora. (2004). *Nasilna drustva u tranziciji.* Beograd/Pristina:Inicijativa mladih za ljudska prava, Stamparija Draslar.

38. Harris, E. (1957). Political Power. *Ethics, No. 43:1-10.*

39. Hope, K. (2013). Old Macedonian rivals get to know each other in quest for political stability. *The Financial Times, September 12.* http://www.ft.com/cms/s/0/62daec34-13bd-11e3-9289-00144feabdc0.html#axzz3Uvb2xZsn.

40. Huntington, S.P. (1991). *The Thrid Wave: Democratization in the Late Twentieth Century*. Norman and London: University if Oklahoma Press.

41. Jakov Marusic, S. (2013a). Macedonia Protests Against Defence Minister Turns Violent, *Balkan Transnational Justice, 01 March 2013. http://www.balkaninsight.com/en/article/macedonian-protest-against-defense-minister-turns-violent.*

42. Jakov Marusic, S. (2013б). Macedonia Leaders Condemn Skopje Ethnic Riots. *Balkan Transnational Justice, 04 March 2013.* http://www.balkaninsight.com/en/article/macedonian-capital-peaceful-after-two-day-violence.

43. Jakov - Marusic,S. (2013в). Macedonian Protesters Lay Siege to Skopje City Hall, *Balkan Insight, 7 June 2013*, http://www.balkaninsight.com/en/article/protesters-keep-skopje-city-offi...

44. Jakov Marusic, S. (2013г). Macedonia Oposition Threatens Bigger Portests, *Balkan Insight, 17 January 2013.* http://www.balkaninsight.com/en/article/macedonian-opposition-to-step-up-road-blockades.

45. Kalin, B. (1991). Povijest filozofije s odabranim tekstovima filozofa, *Platon, ulomak iz drzave.* Skolska knjiga, Zagreb, p.251.

46. Kaye, S. (1995). William of Ockham (1288-1347/8). *Internet Encyclopedia of Philosophy*, A Peer Reviewed Academic Resourced, http://www.iep.utm.edu/ockham/#SH8c.

47.King, M. E. (2013). Mohandas K, Gandhi and Martin Luther King, Jr.'s Bequest: Nonviolent Civil Resistance in a Globalized World. in Lewis V. Baldwin and Paul R. Dekar. *In an Inescapable Network of Mutuality: Marthin Luther King, Jr and the Globalization of an Ethical Ideal.* Eugen: Wipf and Stock, 168-169.

48.Kramer, M. (2011). The Rise and Fall of Solidarity. *The New York Times*, December 12. http://www.nytimes.com/2011/12/13/opinion/the-rise-and-fall-of-solidarity.html?_r=0.

49.Kumar, R. (2010). Nonviolent Non-Cooperation: An Effective, Noble and Valuable Means For Peaceful Change. *Social Alternatives, vol.29, No.1. pp.5-10.*

50.Lakey, G. ed (1987). Powerful Peacemaking: A Strategy for a Living Revolution *Philadelphia, Pa.:New Society. p. 87.* See also Doug Bond, “Nonviolent Direct Action and Power,” in Wehr, Burgess, and Burgess, *Justice without Violence.*

51.Lutovska, K. (2012). Macedonia’s budget debate is not over yet. *Southeast European Times in Skopje, 27 December, 2012.* http://www.setimes.com/cocoon/setimes/xhtml/en_GB/features/setimes/features/2012/12/27/feature-01.

52.Mallman, K-M. and Paul, G. (2005) Omniscient, omnipotent, omnipresent? Gestapo, society and resistance., in D. F. Crew (ed.) *Nazism and German Society 1933-1945*, Routledge, London.

53.Marković – Quarantotto, Ž. (2002). *Građanska neposlušnost.* Pula:Pristojno društvo..

54.Marlow, J. (1973). Captain Boycott and the Irish. *André Deutsch, the University of Michigan, Deutsch.*

55. Markoff, J. (2013). Opposing Authoritarian Rule with Nonviolent Civil Resistance. *Australian Journal of Political Science, , Vol. 48, No. 2, 233–245*, Routlege - Taylor and Francis groupe. http://dx.doi.org/10.1080/10361146.2013.787670.

56. Marx, A. (2013). Macedonia's Local Elections: Political and Ethnic Tensions. *Election Guade. July 1, 2013*, http://www.electionguide.org/digest/post/10945/.

57. Matavulj, P. (2013). Mađarski ustanak 1956. godine: Revolucija i kontrarevolucija. *09.11. Глас српске.* http://www.glassrpske.com/plus/istorija/Madjarski-ustanak-1956-godine-Revolucija-i-kontrarevolucija/lat/138812.html.

58. Mattaini, M.A.( 2003,). Constructing Nonviolent Alternatives to Collective Violence: A Scientific Strategy. *Behaivor and Social Issues, Fall 12,2. ProQuest Central (148-163).*

59. McCarthy, C. (2007). *The Class of Nonviolence*. Center for Teaching Peace, 4501 Van Ness Street, NW, Washington, D.C. 20016 202.537.1372, ISBN 1440441480.

60. Minorities at Risk Project. (2004). Chronology for Serbs in Macedonia, 2004, available at: http://www.refworld.org/docid/469f38b8c.html [accessed 20 March 2015].

61. Migati, A. (2011). Globalni znacaj dogadjaja u Egipat, *Savremeni svet*, http://www.nspm.rs/savremeni-svet/globalni-znacaj-dogadjaja-u-egiptu.html.

62. Moore, C.E. (2014). Was Bonhoeffer willing to kill?. *Plough Quarterly*, Summer, 1: 59-63.

63. Nagler, M. (2013). Who was Badhshah Khan. *Waging Nonviolence*. http://wagingnonviolence.org/2013/07/who-was-badshah-khan/.

64. Nagler, M.N. (2001). Is there no other way? The search for nonviolent future. Berkeley, CA: Berkeley Hills Books.

65. Nikolovski, D. (2010). The student protests in Macedonia, Serbia and Bulgaria in 1996/97. *Central European University, Budapest, 2010.*

66. Nimer, M. A. (2004). Nonviolence in the Islamic Context. *Fellowship Magazine*, http://forusa.org/fellowship/2004/september-october/nonviolence-islamic-context/12208.

67. O'Neil, P. H. (2012). *Essentials of Comparative Politics*. 4th Edition, Norton, W.W. & Company Inc., New York, 2012.

68. Orlović, S.(2008). Klasićna i savremena shvatanja demokratije, *Fakultet političkih nauka, Beograd, Godišnjak 2008, str.47-71.*

69. Orwell, G. (1957). *Selected Essays*. Baltimore: John Hopkins University Press.

70. Osterhammel, J. (2005). *Colonialism: A theoretical Overview*. Princeton New York: Markus Weiner Publishers.

71. Pavićević, V (2009). Građanska neposlušnost u savremenoj političkoj teoriji, *Fakultet pravnih nauka, Godišnjak, 2009, str.79-95.*

72. Perlman, F. (1969). *Birth of a Revolutionary Movement in Yugoslavia*. Kalamazoo: Black & Red.

73. Popov, N. (1983). *Društveni sukobi izazov sociologiji - beogradski juni 1968*. Beograd:Centar za filozofiju i drustvenu teoriju.

74. Popović, S., Milivojević, A. i Đinović, S. (2007). *Nenasilna borba u 50 tačaka, Strateški pristup u svakodnevnoj taktici*, Beograd: Samizdat B92,.

75. Rennebohm, Max. (2001), Bosnian, Croatian, and Macedonian parents protest conscription of sons and civil war in Yugoslavia, 1991. *Global Nonviolent Action Database, April 20th.*

76. Roberts, A. and Garton, T. Ash (eds.), (2009). *Civil Resistance and Power Politics: The Experience of Non-violent Action from Gandhi to the Present.* Oxford: Oxford University Press.

77. Rummel, R.J. (2002). *Power Kills: Democracy as a Method of Nonviolence*. United States:Transaction Publishers.

78. Schell, J. (2003). *The unconquerable world.* New York: Metropolitan Books

79. Schofield, D. L. S.J.D. (1994). Controlling Public Protest: First Amendment implications. in the *FBI's Law Enforcement Bulletin*,November. http://www.lectlaw.com/files/con10.htm.

80. Schwarz, P. (2008a). 1968: The general strike and the student revolt in France, Part 1—A revolutionary situation develops. *World Socialist Web Site,* 28 May, http://www.wsws.org/en/articles/2008/05/may1-m28.html.

81. Schwarz, Peter. (2008b). 1968: The general strike and the student revolt in France, Part 2—The betrayal of the PCF and CGT. *World Socialist Web Site,* 29 May, http://www.wsws.org/en/articles/2008/05/may2-m29.html.

82. Seifert, H. (1965). *Conquest of Suffering: the Process and Prospect of Nonviolent Resistance*. Philadelphia: Westminster.

83. Sharp, G. (1973). *The Politics of Nonviolent Action.* Boston: Porter Sargent.

84. Sharp, G. (2003). Nonviolent resistance; Peace activism; *Political Science, Peace Magazine, Vol. 19, Issue. 3. p. 16-20*, Toronto, Canada, http://search.proquest.com/docview/213766777?accountid=31553.

85. Sharp, G. (2005). *Waging Nonviolent Struggle, 20th Century Practice and 21st Century Potential.* Boston: Porter Sargent Publishers Inc, 25 March 2005.

86. Sharp, G. (2007). The Technique of Nonviolent Action, *in The Class of Nonviolence, designed by Colman McCarthy*, Center for Teaching Peace, 4501 Van Ness Street, NW, Washington, D.C. 20016 202.537.1372, ISBN 1440441480.

87. Sharp, G. (2010), *From Dictatorship to Democracy, a conceptual framework of liberation, 4th U.S. Edition*, The Albert Einstein Institution, East Boston.

88. Smolar, A. (2009). Towards 'Self-limiting Revolution': Poland 1970-89', in *Adam Roberts and Timothy Garton Ash (eds.), Civil Resistance and Power Politics: The Experience of Non-violent Action from Gandhi to the Present,* Oxford University Press.

89. Stephan, M. J. (2006).Fighting for Statehood: The Role of Civilian-Based Resistance in the East Timorese, Palestinian and Kosovo Albanian Self-Determination Movements. *The Fletcher Forum of World Affairs, Vol. 30, No. 20.* p.57.

90. Stephan, M. J. and Chenoweth, E. 1 (2008). Why Civil Resistance Works The Strategic Logic of Nonviolent Conflict. *International Security, Vol. 33, No., pp. 7–44*, by the President and Fellows of Harvard College and the Massachusetts Institute of Technology.

91. Staughton, L. (2002). A Wobbly Strategy for Fundamental Change, Industrial Workers on the World, a Union for all Workers Excerpts from Staughton Lynd's speech to the 2002 IWW General Assembly, published in the October 2002 *Issue of the Industrial Worker.*

92. Steinfels, P. (2008). Paris, May 1968: The revolution that never was. *The New York Times, May 10.* http://www.nytimes.com/2008/05/11/world/europe/11iht-paris.4.12777919.html?_r=0.

93. Stojanovic, D. (2011). Arapska revolucija u pokušaju, *Akter Online*, 24.januar, 2011 godine, http://www.akter.co.rs/politikaprint/3315-arapska-revolucija-u-pokuaju.html.

94. Stratford, M.C. (1987). Can nonviolent defence be effective if the opponent is ruthless? The Nazi case, *Social Alternatives, Voumel. 6,Issue 2:* 49-57.

95. Taatgen, H. A. (1992). The Boycott in the Irish Civilizing Process. *Anthropological Quarterly 65, no. 4: 163-176.* Academic Search Alumni Edition, EBSCOhost (accessed February 28, 2015).

96. Thoreau, H.D. (2007). On the Duty of Civil Disobedience. *in Mc Carty, C. 2007, The Class of Nonviolence*, San Antonio: San Antonio Peace Center.

97. Thomsett, M.C. (1997). *The German Opposition to Hitler: The resistance, the underground and assassination plots, 1938-1945*. McFarland, Jefferson, USA.

98. Townsend, K. (2012). Civil Disobedience. *The Massachusetts Review 53 (4): 701-716,721.* http://search.proquest.com/docview/1269158174?accountid=31553.

99. Udeh, C. (2014). Rights, Responsibility, Law and Order in 21st Century's Civil Disobedience, *Journal of Politics and Law; Vol. 7, No. 2*; Published by Canadian Center of Science and Education, ISSN 1913-9047 E-ISSN 1913-9055.

100. Zinn, H. (1991). *Declaration of Independence: Cross Examining – American Ideology*. Harper Trade.

101. Wasserstorm, R. (1996). Civil Disobedience. *Occasional Paper, Center for the Study of Democratic Institutions*, Santa Barbara.

102. Wadoski, K. W. (1997). Nonviolent Action and Social Change in Contemporary Society. *The American Behavioral Scientist (pre.1986); Mar/Apr. Vol.20, No.4.*, Sage Publications, Inc.

103. White, J. (1999). Worldwide protest against US-NATO bombing of Yugoslavia. *The Washington post, 30 March 1999.* http://www.wsws.org/en/articles/1999/03/demo-m30.html.

104. Widner, J. (2004). Constitution Writing & Conflict Resolution: Macedonia 1991, *Princeton University,* first posted August 2005 and accessed at https://www.princeton.edu/~pcwcr/reports/macedonia1991.html on 20 March 2015.

105. Williams, D. (1999). Embassies Attacked in Macedonia. *Washington Post Foreign Service, March 25. 1999.* http://www.washingtonpost.com/wp-srv/inatl/daily/march99/macedonia26.htm.

106. Wyma, K. D. (2014). When and How Should We Respond to Unjust Laws? A Thomistic Analysis of Civil Disobedience. *Christian Scholar's Review Volume XLIII, Number 2, (157-170).*

107. Šegviš, S. (2007). Legitimnost građanskog otpora-neki teorijski aspekti, *Zbornik radova Pravnog fakulteta u Split, god.44, 2/2007.,str.177-199.*

108. Županić, S. (2011). Je li revolucija u Tunisu počela pukom zabunom? , *Vecernji.hr, 23.01.2011*, http://www.vecernji.hr/vijesti/je-li-revolucija-tunisu-pocela-pukom-zabunom-clanak-243189.

109. Арент, Х. (1990). *Извори на тоаталитаризмот.* Култура, Скопје, 1990 година.

110. Бошковска – Златкова, Н. (2012а). Судот одлучува за судбината на штрајкот на лекарите. *Нова Македонија, бр.22683 од 19 септември 2012 година*, http://novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=91912920484&id=9&setIzdanie=22683.

*111.* Бошковска – Златкова, Н. (2012б). Штрајкот на лекарите оди во мирување. *Нова Македонија, бр.22765 од 26 декември 2012 година, http://novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=12261278562&id=9&setIzdanie=22765.*

112. Блажевска, К. (2015). Аргументите на студентите ја победија Владата, *DW 25 февруари 2015 година*, http://vesti.mk/read/news/4725687/1772413/argumentite-na-studentite-ja-pobedija-vladata.

113. Блажевски, М. и Балабан, Љ. (2002). Синдикатот незадоволен од одговорот на владата: Буџетарите денеска излегуваат на улични протести и блокади на патиштата. *Дневник, бр. 1854, 1855, 1856 од 22, 23, 24 мај 2002.* http://star.dnevnik.com.mk/?pBroj=1855&stID=2876.

114. Блажевски, М. (2006). Загубарците ја блокираа цела Македонија, *Дневник, Број 1845 сабота, 18 март 2006 година*, http://star.dnevnik.com.mk/default.aspx?pbroj=1845&stID=2363.

115. Ванковска, Б. (2007). *Политички систем*. Скопје: Бомат Графикс.

116. Георгиевски, Б. (2007). Десет години од протестите кои го изменија политичкиот амбиент, *Утрински весник, 16 февруари 2007 година*, http://www.utrinski.mk/?ItemID=3B91761ECFEA5B479DDBAFDC6C0A2782.

117. Груевски, Н. (2015). Телевизиско обраќање на Претседателот на Владата н Република Македонија на 31 јануари 2015 година.

118. Димитровски, Б. (2011). Силата на синдикатот е во неговото членство. *В*о Здравко Савески (уредник) *Штрајк: искуства и состојби.* Скопје: Движење за социјална правда – Ленка.

119. Делимитров, К. (2012). Договор нема, штрајк на лекарите ќе има. *DW, 31 октомври 2012 година*, http://www.dw.de.

120. Ѓорески, И. (2011). „Јасмин Револуција" – Првата автентична револуција во арапскиот свет – Тунис. *Безбедносни дијалози, бр.4. год.2. 2011 година*, Скопје: Филозофски факултет. 143-160.

121. Ѓорѓиевска, Л. (2015). Заев: Прислушувани над 20.000 лица, Дневник, 09 февруари 2015 година, http://dnevnik.mk/?ItemID=F017DDAE5486B04782E9A9F81FFD9351.

122. Заев, З. (2015). Прес конференција на лидерот на опозиционата СДСМ одржана на 09 февруари 2015 година.

123. Јанкуловска, Г. (2015). Прес конференција на министерот за внатрешни работи Гордана Јанкуловска на 09 мај 2015 година.

124. Котевски, И. (2015). Прес конференција на портпаролот на Министерството за внатрешни работи Иво Котевски на 10 мај 2015 година. http://mvr.gov.mk/vest/107.

125. Мулачка, И. (2014). СОНК од утре се приклучува на штрајкот со глад, професорите со влошена здравствена состојба. *Фокус, 21 јули 2014 година,* http://fokus.mk/sonk-od-utre-se-prikluchuva-na-shtrajkot-so-glad-profesorite-so-vloshena-zdravstvena-sostojba/.

126. Неделков, Ј. (2015). Изјава дадена од претседател на СОНК за Телма телевизија на 20 јануари 2015 година. http://www.fakulteti.mk/news/15-01-20/shtrajk_na_sonk_prosvetnite_rabotnici_kje_doagjaat_na_rabota_no_nema_da_predavaat.aspx.

127. Ристовски, Љ. (2009). Студентски лидери или партиски шрафови, *Нова Македонија, 8 јуни 2009 година,* http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=6894305673&id=9&setIzdanie=21706

128. Савески, З. (2011). Важечките законски одредби за штрајкот. во Здравко Савески (уредник) *Штрајк: искуства и состојби.* Скопје: Движење за социјална правда – Ленка.

129. Симоновиќ, Б. (2015). Семејството на Тамара доби решение за лекување на нивната ќерка. *AlsatM, 13 февруари 2015 година*, http://alsat.mk/News/5991/semejstvoto-na-tamara-dobi-reshenie-za-lekuvawe-na-pochinatata-kjerka.

130. Трајковска, С. (2015). Протест на хонорарците: Не плаќаме. *Глас на Америка, 13. Февруари 2015 година.* http://mk.voanews.com/content/psrt-time-employees-protest/2643290.html.

131. Шарп, Џ. (1994). *Самостојна одбрана без банкротство или војна*. Скопје: Балкански центар за мир, Филозофски факултет.

**Дневни и неделни весници, информативни агенции и интернет портали:**

132. Brif (2015). Студентски пленум објави. Бојкотот на техничките факултети е успешен, *Brif 10 февруари 2015 година*, http://brif.mk/?p=177322

133. Вест. (2002). Загубарите блокираа магистрални патишта, Скопје отсечено, *Вест, година: 2, број:550* Сабота 11/2002, http://star.vest.com.mk/default.asp?id=26707&idg=2&idb=550&rubrika=Makedonija.

134. Дневник. (2013). "АМАН ги предаде потписите во Собрание" [AMAN has delivered the petition in the Assembly], *Dnevnik, 30 January 2013*, http://dnevnik.mk/default.asp?ItemID=6CD4C575C23E114AB9E8930A35180DF7.

135. Либертас. (2015). Професорите од контра-пленумот исоратија писмо до еврокомесарите Хан и Наврачич, *Либертас. 11 јануари 2015 година*, http://libertas.mk/професорите-од-контра-пленумот-испра/.

136. Либертас. (2015). Груевски лично ја водел и следел акцијата на специјалците против демонстрантите на 5 мај пред Владата? Либертас, 20 мај 2015 година, http://brif.mk/?p=183720.

137. МакФакс. (2011). Војската ќе примени сила ако дојде до немири во Египет, *МакФакс, 10 февруари 2011 година*,

http://kajgana.com/svet/vojskata-ke-primeni-sila-ako-dojde-do-nemiri-vo-egipet.

138. МИА. (2010). Последиците од транзицијата на Црвенковски граѓаните се уште ги чувствуваат, *Македонска информативна агенција, 16 март 2010 година,* http://www.idividi.com.mk/vesti/makedonija/587844/index.htm.

139. MKD News. (2015). Масовен протест по смртта на малата Тамара. Паднаа две оставки. Тодоров Молчи. *MKD News 24 февруари 2015 година.* http://www.mkdnews.com/2015/02/masoven-protest-po-smrtta-na-malata-tamara-padnaa-2-ostavki-todorov-molchi-video/.

140. НетПрес. (2014). Штрајкот на просветните работници ставен во мирување. *НЕТ ПРЕС 29 септември 2014 година*, http://netpress.com.mk/shtrajkot-na-prosvetnite-rabotnici-vo-miruvanje/.

141. НОВА ТВ. (2014). Тројцата професори го прекинаа штрајкот со глад, *НОВА ТВ, 01 август 2014 година*, http://novatv.mk/index.php?navig=8&cat=2&vest=15849.

142. Нова Македонија. (1999). Амбасадата на САД во оган, 26 март 1999 година.

143. NoviniMK. (2015). Активностите во автономните зони продолжуваат, *NoviniMK 17 февруари 2015 година*, http://www.novini.mk/read/1330681/galerija-aktivnostite-vo-avtonomnite-zoni-prodolzhuvaat.

144. Република, (2014). Фељтон на Република: Мрачно време на транзицијата – 1991 година на сувереност, Република, 27 септември, http://republika.mk/?p=319527.

145. СИТЕЛ ТВ. (2015). Јавното обвинителство: Во Куманово загинале 10 терористи. СИТЕЛ ТВ, 17 мај 2015 година. http://www.sitel.com.mk/javno-obvinitelstvo-vo-kumanovo-zaginale-10-teroristi.

146. Телеграф. (2014). Протест хонорарци: Законот дополнително ќе не осиромаши. *Телеграф, 22 декември 2014 година.* http://www.telegraf.mk/aktuelno/makedonija/226901-protest-honorarci-zakonot-dopolnitelno-ke-ne-osiromasi.

147. Фокус. (2014). Студентскиот протест во петок ќе почне пред Влада. *Фокус 24 декември 2014 година*, http://fokus.mk/studentskiot-protest-vo-petok-k-e-pochne-pred-vlada/.

148. Утрински весник. (2008). Вработените во МРТВ од денес во штрајк, *Утрински весник, 03 јуни 2008 година.* http://www.utrinski.mk/?ItemID=94CF545B177F81449839E8EF4DC3D48E&commentID=146706&pLikeVote=1.

*149.* Утрински Весник. (2014). Очниот лекар Дејан Ставриќ осуден на една година затвор. *Утрински Весник, бр.4493, 27 мај 2014 година.*

150. 24Вести. (2015). Контраштрајкувачите бараат прекинување на штрајкот. СОНК најавува радикализација. *24 Вести, 30 јануари 2015 година.* http://24vesti.mk/kontrashtrajkuvachite-baraat-prekinuvanje-na-shtrajkot-sonk-najavuva-radikalizacija.

151. ДСП ЛЕНКА. (2015), Перспективите на македонската ситуација, *ДСП ЛЕНКА, Колумна. 28 февруари 2015 година.*

**Нормативно правни акти:**

152. Устав на Република Македонија со амандмани (I, II, III, IV, V, VI, VII, VIII, IX, X, XI, XII, XIII, XIV, XV, XVI, XVII, XVIII и XIX), „Службен весник на Република Македонија, бр. 52/91, 1/92, 31/98, 91/01, и 84/03.

153. Закон за работните односи (пречистен текст), „Службен весник на Република Македонија, бр. 145/14.

154. Закон за одбрана (пречистен текст), 2011, „Службен весник на Република Македонија бр. 185/2011.

155. Закон за полиција (пречистен текст), 2014, „Службен весник на Република Македонија бр. 41/2014.